До Пеколот и Назад



Евдокија Фотева - Вера

До Пеколот и Назад

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2012 by Evdokia Foteva - Vera

e-book edition

Содржина

Содржина 3
Евдокија Фотева – Вера, "До пеколот и назад", Аз-Буки 2004, Скопје 6
Воведен збор 8
Наместо предговор 9
ПОРАЗОТ НА ДЕМОКРАТСКАТА АРМИЈА 12
БАРАЊЕ ВИНА ЗА ПОРАЗОТ НА ДАГ КАЈ НАЈЗАСЛУЖНИТЕ 14
МОЈАТА ГРИЖА ЗА СКРШЕНИОТ ЧАСОВНИК 16
НА ПАТ ЗА БУРЕЛИ 17
ПРИТВОР ВО ГЛАВНИОТ ШТАБ НА ДАГ 18
ГЕНЕРАЛОТ ВЛАНДАС БАРА МОЈА ИЗЈАВА 20
МЕЃУ СОБОРЦИТЕ ВО ЛОГОРОТ 21
НИКОС ЗАХАРИЈАДИС НЕ ОБВИНИ МАКЕДОНСКИТЕ РАКОВОДИТЕЛИ КАКО ПРЕДАВНИЦИ, АГЕНТИ НА ТИТО 23
МИ ГИ ОДЗЕДОА НАЈСАКАНИТЕ ПРЕДМЕТИ 28
ВО ЗАТВОРОТ ВО БУРЕЛИ 31
РЕАГИРАЊЕ ВО СКОПЈЕ ПРОТИВ НАШЕТО ЗАТВОРАЊЕ 36
ВО ЗАТВОРСКАТА БОЛНИЦА 37
НА ПАТ ЗА ДУРУС 39
НА БРОДОТ "МИЧУРИН" 41
ПОМИСЛУВАЊЕТО ДЕКА ЌЕ НЕ НОСАТ ВО РОМАНИЈА 43
НЕ ВО РОМАНИЈА ТУКУ ЌЕ НЕ НОСАТ ВО СССР 57
ОД ОДЕСА ЗА МОСКВА 59
ВО ЗАТВОРОТ ЉУБЉАНКА 60
ВО ЌЕЛИЈАТА 105 62
ПРВОТО "СЛЕДСТВИЕ" 65
НА 7 ЈАНУАРИ 1950 ГОДИНА НА СОСЛУШУВАЊЕ 68
ВТОРИОТ ПРОТОКОЛ 72
ОТСТРАНЕТА ПРЕВЕДУВАЧКАТА ЦАКАЛОПУЛА ПОРАДИ МЕНЕ 74
РЕЖИМОТ ВО ЌЕЛИЈАТА: НИ ДА ЖИВЕЕШ, НИ ДА УМРЕШ 78
ПАДНАВ ВО БЕСВЕСТ НА СОСЛУШУВАЊЕ 79
ПО ОНЕСВЕСТУВАЊЕТО, ЗА МЕНЕ ПОГОЛЕМА "ГРИЖА" 81
ПО ГЛЕДАЊЕТО НА ЖУРНАЛ ЗА ВТОРИОТ КОНГРЕС ВО БУДИМПЕШТА, СТАНАВ "ВЕРОЧКА" 84
КАКВА ВРСКА СУМ ИМАЛА СО ИНТЕЛИЏЕНС СЕРБИСОТ И ЦИА 91
ИНТЕРВЈУ ДАДЕНО NA КАЈМАКЧАЛАН 96
СОЗНАВ ДЕКА И МИНЧО Е ТУКА 100

ВО БАЛАТОН - ПОЧЕСЕН ГРАЃАНИН 102
ВО ЉУБЉАНКА 104
ИСЛЕДНИКОТ ЕВГЕНИЈ ПОЧНА ДА МЕ ИМЕНУВА СО "ВЕРОЧКА" 108
ИНТЕРЕСИРАЊЕ ЗА ВРСКИТЕ СО ОЗНА И ДРУГИ КЛЕВЕТИ 110
ВО ЌЕЛИЈАТА БРОЈ 86 ВО ЛЕФОРТОВСКИОТ ЗАТВОР 115
ПЕСНА – АЛЕГОРИЈА НА МОЈОТ ЖИВОТ 116
СООЧУВАЊА СО ПОПЛАЗАРОВ И СО ХАЏИЈАНОВ 118
БО ЌЕЛИЈАТА БРОЈ 46 ВО БУТИРКА 121
КЛЕВЕТНИЧКИ ИЗЈАВИ ПРОТИВ МЕНЕ ОД МОИ БЛИСКИ СОБОРЦИ 123
ОСУДЕНА ОСУМ ГОДИНИ ЗА НЕДОКАЖАНО КРИВИЧНО ДЕЛО 131
НА ПАТ ЗА СИБИР 133
ВО ЛОГОРОТ 21 135
СТАНАВ КОВАЧКА 138
НА РАБОТА НАДВОР ОД ЛОГОРОТ 139
РАЗНИ СЛУЧУВАЊА ВО ЛОГОРОТ 21 141
ВО ЛОГОРОТ БРОЈ 9 143
ЈА СЛУШНАВ НАЈРАДОСНАТА ВЕСТ – НА СЛОБОДА 145
ПО ПЕТ И ПОЛ ГОДИНИ СРЕДБА СО МИНЧО 146
НАМЕСТО ВО МАКЕДОНИЈА, ИНТЕРНИРАНИ ВО КАЗАХСТАН 148
БЕВМЕ УПОРНИ ДА СЕ ВРАТИМЕ ВО МАКЕДОНИЈА 153
ПОНУДА ДА ОСТАНЕМЕ ВО АЛМА АТА 155
ДОАЃАЊЕТО НА НИКИТА ХРУШЧОВ ВО АЛМА АТА 157
НАШЕТО ЗАМИНУВАЊЕ ОД АЛМА АТА 162
ВО ЈУГОСЛОВЕНСКАТА АМБАСАДА ВО МОСКВА 163
ПРОБЛЕМ ЗА ДОБИВАЊЕ АВИОНСКИ БИЛЕТИ ЗА БЕЛГРАД 165
НОВ ПРОБЛЕМ: ЌЕ СЕ ПОРАДАМ ВО МОСКВА 167
ОД АВИОН ВО ПОРОДИЛИШТЕТО НА БОЛНИЦАТА ВО САВСКИ ВЕНАЦ 168
НАЈПОСЛЕ ВО СКОПЈЕ 171
ГРИЖАТА И ПОМОШТА НА ЛАЗАР КОЛИШЕВСКИ 173
ОД ЗБОРОТ ДО ОФИЦИЈАЛНИОТ БРАК – ДЕЦЕНИЈА 176
НАШИОТ ДОМ – ОТВОРЕНА ВРАТА ЗА СЕКОГО 177
НИЕ РЕХАБИЛИТИРАНИ, А ЗАХАРИЈАДИС СЕ САМОКАЗНИ 180
АВТОБИОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ 181
За авторот 185
БИБЛИОГРАФИЈА 186

УПОТРЕБЕНИ КРАТЕНКИ 188

Евдокија Фотева – Вера, “До пеколот и назад”, Аз-Буки 2004, Скопје

Љубовта е свето нешто. Од љубов и за љубов се се прави. Повозвишено од љубовта единствено е татковината.
Без слободна татковина љубовта не може да дојде до нејзиниот вистински израз.

Вљубени во татковината со мојот животен сопатник бевме уште од детството зашто произлегувавме од македонски револуционерни фамилии. За слободата на татковината, во својата бујна младост, нарамивме оружје. Како борци, во најубавите младешки години, си дадовме збор дека по ослободувањето ќе се венчаме. Но од зборот до венчавањето помина една деценија заради борбата и патилата поради нашето извонредно човечко достоинство со ништо да не и напакостиме на татковината. Ете затоа ние имавме најдолга свадба: од зборот до венчавањето.

Моето “свадбвено патување” беше борба за слобода и демократија во Граганската војна на Грција, во притвори и затворе во Албанија и во Русија до коригирањето на својот став на информбировските земји кон Југославија.
Нашата “свадба” беше трагична “свадба” и за татковината, чии последици и денес се отворени, живе рани.

На Вич

ни птица
не прелета жива,
а овде –
на Грамос,
во борбата дива
ни падна
од раме
последното знаме.

(Од поемата “На Грамос”
на Ацо Шопов, Скопје, 1950)

Воведен збор

Евдокија Фотерва-Вера, во оваа книга кажуваа како некои од првите луѓе на КПГ ја доведоа ДАГ до пораз, а вината за тоа им ја припишаа на невините.

Изворно, од прва рака, се презентира идеалот на НОБГ и на ГВГ, за кој рамо до рамо се бореа и Македонци и Грци, едни за други гинеа, заедно во смрт одеа.

Како што во Втората светска војна имаше само фашисти и антифашисти, така во ГВГ имаше само монархофашисти и антимонархофашисти. Практично, Втората светска војна во Грција заврши со поразот на ДАГ во 1949 година, "благодарение" на западните големи антифашисти.

Што претргаа "виновниците" за поразот на ДАГ, македонските раководители, потресно е изнесено во оваа книга. Сонуваниот "рај" не бил таков каков што го замислувале. Морничаво тоа се доловува од зборовите на заробената Германка, што му ги рекла на злогласниот Берија. Ова читателот ќе го одгатне од доживеаното и преживеаното на Евдокија Фотева-Вера во сонуваниот СССР.

Во тешките моменти доаѓаат до израз и човештината и нечовештината. Бројни примери наведува Вера за тоа. Сметајќи дека затворените ќе одат на оној свет, дезертерите ја извртуваат вистината, најблиски соборци поднесувале клеветнички изјави, а кога се вратија, се правеа како ништо да не било. Но вистината кога-тогаш излегува на видело, зашто Земјата му се заколнала на Небото дека нема да држи тајна.

Во името на вистината, благодарност на Евдокија Фотева-Вера што по повод 55-годишнината од поразот на ДАГ ни ги подари нејзините автентични сведоштва.

д-р Стојан Ристески

Наместо предговор

Од Балканските војни, од проклетиот Букурешки договор, Македонците во Егејска Македонија се борат за своите социјални и национални права. Семожно новите освојувачи, браќа по вера, сторија и се уште прават се да ге одмакедончат. За да се ослободат од нив и физички ги протеруваа и ги уништуваа, ги испраќаа на егејските острова. Меѓутоа, "пирej" не се истребува. Новите изданоци се поотпорни, порешителни.

Метаксас што не примена, дури и дупчење на јазик за изговорен збор на мајчиниот јазик во својот дом, меѓу своите. Ако ги погрчија топонимите, мајчиниот збор остана.

Активно Македонците во Егејска Македонија учествуваа во народноослободителната борба на Грција и во Граѓанската бојна на Грција. Се дадоа безброј жртви, опустеа населбите, не дозволувајќи повраќај на тие што не се по род Грци. Придонесот во борбата против фашизмот не се цени дури и од најголемите антифашистички сили. Напротив, ги помагаа монархофашистите со сите можни средства за малтретирање и уништување на Македонците. Практично тие им ги направија сите злодела, тие ги протераа од своите родни огништа.

За слобода и демократија Македонците од Егејска Македонија се бореа заедно со Грците антифашисти, со прогресивните сили, но од тоа само зло: исполенти затвори, убиства. Оние што бегаа пред ладното и огненото оружје да го спасат својот гол живот, не можат да се вратат на родните огништа, не им се дозволува ни барем да појдат да запалат свеќи на вечните домови на загинатите и починати најмили. И сето тоа го гледа, му е пред очите, но не сака да го види "прогресивниот свет". Зар уште да веруваме, зар остана надеж за верување во "големите демократи"!

Никој за нас не го крена својот глас. Безмерна благодарност на Република Македонија за прифаќањето на бегалците и на повратниците од источноевропските земји, но и таа во својот извор на законитоста Македонците од Егејска Македонија ги отпиша. Тоа е сторено под присила. Таа се бори за својот опстанок. Што да се прави кога и на Вардарците не им се пишува добро.

Ние сме скромен народ, но храбар и горд. Доброто го паметиме, а злото не го забораваме. Молчиме, а кога го креваме својот глас ечи.

Последните, и уште незалекувани, рани не печат од Граѓанската војна на Грција. Не има насекаде на Земјата. Разделени свој од свој. Доста заминаа од овој свет разочарани, без остварен сон да ги

видат барем пепелиштата на своите домови, да им оддадат почит на најблиските починати. Со таков чемер на 28 мај 1987 година почина мојот сопруг Минчо, пред тоа (10 февруари 1987) претстедателот на НОФ Паскал Митревски и уште кој ли не.

Чесните, достојните раководни синови на Егејска Македонија најлошо поминаа. Тие што дезертираа, што го поттикнаа народот на борба, го оставија на цедило, во Република Македонија шириа лаги и клевети против достојните, ја прикажаа борбата и сите нејзини настани како што ними им одговара исклучиво од тоа нешто да ќарат. Тие мислеа дека е "завршено" со оние вистинските. На нивните лаги наседнале доста политичари и историчари.

По поразот на ДАГ, раководителите на НОФ, АФЖ и НОМС на Егејска Македонија бевме обвинети за тоа како "агенти" на Југославија, на Тито и на Лазо. Бевме уапсени во Бурели, Албанија, па бевме испратени по затворите и логорите на СССР. Наместо заштита, застапување за наше ослободување од обвиненијата, дезертерите и најблиските со кои што сме го делеле доброто и злото во борбата презедоа се што повеќе да не оцрнат, мислејќи дека нема живи да останеме, а за "мртви" може што сакаш да зборуваш. Меѓутоа, издржавме секакви тортури и чесните, тие кои со ништо не го извалкавме својот образ и образот на татковината, на својот народ, дојдовме во Република Мадеконија. Но кога дојдовме што ќе видиме: дезертерите ја извртеле вистината за 180º. Тие се збунија со нашето доаѓање, но позициите и привилегиите не ги изгубија зашто на секоја власт и требаат полтрони и кодоши.

Покрај во бројни мои усни и писмени истапувања за докажување на вистината, за исправување на неправдите и неправилностите, во оваа моја книга, во името на вистината, за неа да ја знаат или за неа да се заинтересираат сегашните и идните генерации, кажувам за тоа во што лично сум учествувала, ги кажувам НОБ на Грција и Граѓанската војна на Грција без никакво додавање, ниту пак предјудицирање, туку како што беа настаните и личностите и за таа слобода на својот народ што сум претргала на релацијата: Бурели –СССР –Скопје.

Ова што го изнесувам сигурно на многу не ќе им одговара и ќе ми се лутат. Ако, што повеќе лутковци, тоа е потврда за вистината што ја изнесувам. И јас се лутев на многуте извртувања на вистината, поради изјавите што ги давале против мене, против мојот сопруг Минчо и против другите чесни раководители на НОФ. Тогаш тие уживаа во благодетите што им ги обезбедуваа нивните кодошлами.

По 55 години од поразот на ДАГ, од нечујните клевети на генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис, се појавува мојава книга со автентични искажувања. Засегнатите нека се јават со документи, а не со голи фрази и етикетирања. Тоа што некои за ова што зборувам поинаку пишувале, тоа им паѓа во вода. Вистината задоцнува, но излегува на видело.

АВТОРОТ

ПОРАЗОТ НА ДЕМОКРАТСКАТА АРМИЈА

Од 10 до 15 август 1949 година се изврши жесток, пеколен напад над ДАГ од монархофашистите со невидена поддршка на Труманова авијација. Со право поетот Ацо Шопов во поемата "Грамос" вели дека на Вичо не прелета живо пиле од "град" на бомби и гранати.

Оваа борба објективно ја има обработено во два тома грчкиот историчар Ѓоргос Маргаритис, професор на универзитетот во Крит, според изворна документација и мемоарска граѓа на видни антифашисти. Изнесените податоци од овој историчар најдобро зборуваат зошто ДАГ го напушти Вичо и се повлече на Грамос, а со неа и населението од тоа подрачје, барајќи спас за голиот живот.

На 10 август 1949 година авиони од типот "нтакота" и "спитфаер" на Труманова авијација извршија 130 летови, бомбардирајќи ги единиците на ДАГ и колоните бегалци. И следните неколку дена авијацијата со исто темпо вршеше напади, поддржувајќи ја артилеријата и пешадијата на монархофашистите. Не остана ни педа земја да не е бомбардирана на планината Вичо, на нејзиниот врв Лисец, на планината Малимади, во Преспа кон границата на Албанија и на Југославија со бомби, гранати, напалм-бомби, ракети, од најмала до најголема тежина и сето тоа "гарнирано" со авионско митралирање.

Ова јасно зборува во каков котел се варевме припадниците на ДАГ, борејќи се, грижејќи се за ранетите и убиените, како и за огромните колони бегалци.

Со ваква жестина ДАГ беше напаѓана на Грамос. Пред ваквата, главно, странска интервенција на "слободољубивите демократи" на Грамос навистина од нашето раме падна "последното знаме".

На 30 август 1949 година Демократската армија на Грција (ДАГ) на планината Грамос беше поразена од страна на монархофашистите сестрано помогнати од англоамериканците. Генералниот секретар на ЦК на КПГ Захаријадис, по паѓањето на Вичо, велеше: "Грамос ќе биде гробница на монархофашистите". Меѓутоа, по бројните жртви, ако не се повлечеше ДАГ во Албанија, ќе се случеше обратното, на што подолго работеше лично тој со неговото Политбиро со сменувањето на докажаните воени стратези со таканаречениот "Закон за Врховниот воен совет", кога му е одземена командата на генерал Маркос над ДАГ, поставувајќи нови "воени стратези" без потребно соодветно искуство.

Единиците на ДАГ од Грамос и од други правци се повлекоа на територијата на Албанија.

БАРАЊЕ ВИНА ЗА ПОРАЗОТ НА ДАГ КАЈ НАЈЗАСЛУЖНИТЕ

Главниот виновник за поразот на ДАГ, генералниот секретар на ЦК на КПГ Захаријадис, со неговото Политбиро, за виновни ги огласи македонските раководители на Народноослободителниот фронт (НОФ), на Антифашистичкиот фронт на жените (АФЖ) и Привремената демократска влада. Во албанскиот град Бурели тој организира измонтиран политички процес на такви во информбировските земји. Тој го имаше следниот тек.

На 2 октомври 1949 година логоруваме на една ледина под маслинови дрвја покрај една рекичка надвор од Елбасан. Н ридот имаше една убава бела зграда. Таа беше претворена во болница. За болните и ранетите на ДАГ се грижеа лекари и медицински сестри, и тие припадници на ДАГ. Во болницата се Македонци и Грци. Раме до раме бевме секаде: во борбата, на веселбите, во страдањата. Сите антифашисти бевме едно, имавме иста цел.

Од порано 2 октомври беше одреден како Меѓународен ден на мирот вочест на одржувањето на Меѓународниот конгрес што се одржа на 20 април 1949 во Прага, односно во трите главни града: Париз-Прага-Токио. На тој конгрес присуствуваше делегација и од Грција, во чиј состав имаше претставници од македонските организации. Ние, кадрите на НОФ, АФЖ, ДАГ, министрите во Привремената влада на Грција и членовите на ЦК на КПГ вршевме подготовки за што посвечено да го одбележиме тој ден со пригодна програма проследена со говори од повеќе раководни кадри, меѓу кои и од македонска страна.

За почеток на прославата веќе се насобраа борците и народот во дворот на болницата. Кога, околу 8 часот дојде еден џип. Од него излезе еден офицер од Главниот штаб на ДАГ, кого не го познавав, и доаѓа во правец каде што стоевме: Михаил Маљов, Уранија Јурукова, Ташко Хаџијанов, Гора Петричевски, мојот (невенчан) брачен другар Минчо Фотев и јас. Офицерот ме познавал. Кога дојде до мене, ми вели: “Другарке Вера, ова писмо (и ми подава едно сино плико) Ви го испраќа другарот Барџотас и бара според него да постапите”. Василис Барџотас беше политички комесар на ГШ на ДАГ и член на потесното Политбиро на КПГ. Набрзина го отворив пликот. Внатре има кусо писмо со следната содржина: “Другарке Вера, Вие, Минчо, Уранија и Хаџијанов штом го добиете ова писмо веднаш со џипот да тргнете за Бурели”, потпис: “Василис Барџотас”. Кога го прочитав писмото, занемев, се скаменив, како гром да ме удрил. Само ги погленав другарите

околу мене. Ме обзеде лошо претчувство, злото што одамна лебдеше над нашите глави.

Другарите ме гледаа зачудено. Нестрпливи се да им ја кажам содржината на писмото. Минчо нестрплив. Одраце ми го зеде писмото. Им велам тивко и таинствено: “Нас четворица: Минча, Уранија, Хаџијани и мене не викаат веднаш со џипов да тргнеме за Бурели кај ГШ на ДАГ”. Настана молк. Таа вест ги загржи сите што беа околу нас, и молњевито се пренесе меѓу сите. Една група мажи и жени од народот кои отстапија со единиците на ДАГ од слободната територија и со кои логоруваме заедно на тоа место, не обиколија, прашувајќи што се случува, претчувствувајќи што ќе стане со нас.

На нашиот другар Горо Петричевски, прекален борец на НОФ, му рековме: “Нас сигурно ќе не уапсат. Ако можеш, бегај, сигурно и тебе те чека истото”. На некои мои соселани, на некои мои тетки и на една прва братучеда им реков дека сигурно сме уапсени. Таквата закана против централното раководство на НОФ одамна беше пуштена во “промет”, а сега треба да ја реализираат за да се оправдуваат виновниците за поразот на ДАГ. И покрај заканите дека ќе бидеме ликвидирани, пренесувани преку некои провокатори, ние бевме и останавме докрај со народот, го организиравме, се боревме со него, со народот гиневме и се радувавме на успесите.

МОЈАТА ГРИЖА ЗА СКРШЕНИОТ ЧАСОВНИК

На мојата братучеда Олга Мангова успеав да и го дадам мојот скршен часовник, бидајќи многу ми значеше, иако скршен, зашто ме сврзуваше со две мили суштества: со татко ми и со Крсто Мангов.

Часовникот му го имав позајмено на Крсто Мангов, кој беше претседател на Окружниот народноослободителен одбор на Костурскиот округ. Тој загина на 11 август 1949 година непосредно пред селото Брезница од артилериска граната. Таму тој успеа да ги смести луѓето во скривница да не настрадаат од монархофашистичкото гранатирање и од бомбардирањата на Турмановите (американските) авиони. Во тој зафат Крсто Мангов настрада, а со него, од истата граната, и генералот на ДАГ Никос Теохаропулос-Скотидас. Македонец и Грк загинаа од иста непријателска граната, а иста цел. Тоа беше вистинско братство и единство меѓу грчкиот и македонскиот народ.

Кога слушнав за загинувањето на Крсто и Никос, отидов на самото место. Телото на генералот Скотидас беше земено од ГШ на ДАГ, а од телото на Крсто Мангов останала само неговата лева рака, која пред тоа двапати беше ранета, не му функционираше и на неа го носеше мојот часовник. Нема што, тоа што останало, само раката, го погребавме. Од раката му го извадив часовникот, го зедов куферчето со документи од Окружниот НОО. На братучеда ми Олга Мангова и велам: “Олга, на часовников. Ако загинам, да им го дадеш на неговите деца, а ако останам жива, да ми го дадеш”. Олга го чувала тој часовник како аманет. Кога се вратив од заточение во Русија, при средбата во декември 1956 година ми го даде часовникот, кој јас до ден-денес го чувам, иако е скршен, мене ми е драг како спомен на едно “скршено време”.

НА ПАТ ЗА БУРЕЛИ

Нема што. Четворицата наведени во писмото: Минчо, Уранија, Хаџијанов и јас се упативме кон шаторот на долниот крај од падината во кој бевме сместени. Си ги зедовме некои лични работи и документите од Централниот одбор на НОФ и АФЖ и одиме за во џипот. Со нас, околу нас е маса народ и соборци како да сакаа за вечно да се простат од нас. Ние сме занемени, но достоинствено се простуваме од сите, ѓоа насмеани, уверени, на насобраните им велиме: "Довидување! До скоро видување!" Влеговме во џипот. Свесни сме што не чека и како што во секоја борба влегувавме со песна, запеавме. Пеевме, се шегувавме на нашата несреќа: "кога не загинавме во борбите, што ако загинеме сега од своите соборци!" Не осетивме кога брзо помина времето. Квечерината стасавме во Бурели.

ПРИТВОР ВО ГЛАВНИОТ ШТАБ НА ДАГ

Во Главниот штаб на ДАГ во Бурели не пречека генералот Вландас. “Се погрижиле добро”. Четворицата – во четири соби, практично во самици. Кога се најдов сама во собата на горниот кат од зградата, со поглед кон бараките и шаторите во коишто беа сместени борците на ДАГ, веќе сосема ми стана јасно дека сме притворени. “Но, зошто?” – се прашував. Не бев свесна, не можев да разберам што е ова што се прави со нас организаторите на борбата во Егејска Македонија, членови на НОФ и АФЖ.

Во собата во која бев притворена имаше само еден кревет, маса и стол. Беше веќе темно кога ми донесоа вечера: чај, парче леб и кашкавал. Вечерав. По некое време повторно отидов до прозорецот. Немаше големо движење на борците, но тие што минуваа се подзадржуваа покрај зградата и гледаа нагоре, но во мракот не можеа да видат ништо. Нивното движење беше сомнително, односно јас во нешто се сомневав. Се упатив кон вратата. Ја отворив. Излегов во ходникот. Веднаш кон мене се упати еден партизан со оружје в раце. “Каде сакате да одите?” – ме праша. Јас излегов за да дознаам каде се моите други тројца сострадалници, ама му реков дека одам во тоалет. Кога се вратив во собата, повторно застанав на прозорецот. Видов надвор повеќе борци Грци и Македонци. Тие живо разговараа и со рацете покажуваа кон зградата. Сигурно разбрале дека сме приведени, но стражарите не ги пуштаа да влезат во зградата. Легнав, но не можам да заспијам. Размислувам што може да стане со нас. Си велам: “Што сака нека биде! Живот или смрт за вистината! Како што со ваква решеност влегувавме во секоја борба, така ќе влезам и во оваа борба. Ќе се борам докрај!” Така си велев во себе, но борбата сега не ја водам со непријателот туку со мојата партија, со КПГ. Таквата борба е потешка и помачна кога невино си обвинет. Некако предзори сум заспала.

Утрото одам во тоалет да се измијам, да се исчешлам. Гледам, во ходникот стојат двајца стражари на Главниот штаб на ДАГ со автомати готови да пукаат. На грчки им реков: “Добро утро!”. Отпоздравија. Таков е животот: некогаш те чуваат од чест, некогаш да те убијат како куче. Се враќам во собата, патам и внатре, потсмевнувајќи се на својата незавидна положба во која што се наоѓам: “Каква среќа да те чуваат стражари на Главниот Штаб!” – си велам.

Ми донесоа појадок: чај, мармалад и парче леб. По појадокот шетам низ собата. Застанав покрај прозорецот. Од прозорецот ги

поздравував познатите ми другари, а тие мавтајќи ми со рацете како да сакаа да ми кажат: “Не плашете се, ние сме во Вас!”

ГЕНЕРАЛОТ ВЛАНДАС БАРА МОЈА ИЗЈАВА

Се отвора вратата. Влегува генералот Вландас во пижами, носи хартија и молив. Со него добро се познаваме. Ги стави на масата хартијата и моливот и остро ми наредува: “Пишувај, пишувај за твоите гнасни дела!” Не сакајќи се насмеав (по природа бев многу весела). И во најтешките моменти повеќе се смеев отколку што плачев. Смеењето ме охрабруваше, но овој пат гласно се смеев без да проговорам ни збор. Генералот луто ме погледна и бесно процеди низ заби: “Пишувај за бандата на Тито-Колишевски!” Ништо не му одговорив, само го погледнав сурово право в очи и продолжив да се смеам.

Седнав. На едната страница од листот кусо ја напишав мојата биографија: кога станав член на ОКНЕ, кога бев примена за член на КПГ, моите функции за време на НОБ, моите несогласувања со КПГ по македонското национално прашање, преоѓањето во Југославија со Првата македонска егејска бригада и мојата активност во Граѓанската војна на Грција.

Ова беше на 3 октомври 1949 година. Со сигурност тврдам дека оваа моја изјава е во архивата на ЦК на КПГ.

Другиот ден, на 4 октомври 1949 година, повторно дојде генералот Вландас во мојата соба, сега во униформа. Му го подадов листот напишан на грчки јазик. Откако го прочита напишаното, ја искриви устата и рече: “Тоа не се бара од тебе!” “Нема што друго да додадам и да напишам. Вие, како и целото наше раководство, ја знаете мојата активност во двете револуции во Грција!” – му велам, а тој процеди: “Добро, ќе видиме!” “Ем ќе видиме!” – му одговорив.

МЕЃУ СОБОРЦИТЕ ВО ЛОГОРОТ

На 5 октомври 1949 година, околу десет часот, дојде Пиракли Мировиглис. Тој беше известителен офицер при ГШ на ДАГ, подоцна, во Полска ја напиша книгата "Предавството на Тито и неговата клика во Грција". Се поздрави со мене и љубезно ми вели: "Не сте се прошетале по логоров".

-Не знаете Вие зошто? – му велам.

-Па можете да излезете и да се видите со другарите – пак вели тој.

-И ова е своевидна пресија, пресметано нешто длабоко, си велам, ама излегов. Во ходникот го сретнав Ташко Хаџијанов. Се прегрнавме. Го прашувам за Минчо и за Уранија. "Не знам ништо", ми вели. Го прашав како поминал овие денови. Од тоа што ми го кажа, поминал исто како мене.

Надвор се сретнав со многу познати другари и другарки соборци. Сите ме канеа да појдам кај нив, во нивните бараки или шатори во коишто беа сместени. Една моја другарка, Милка Шукарева, од село Брезница, Костурско, ми даде многу мои фотографии што ги нашла на мостот меѓу Малото и Големото Преспанско Езеро кај Перово. Се сетив дека при отстапувањето од Вичо, по долго чекање и ветување на Главниот Штаб, ни испратија возило за спасување на архивата и печатницата на организацијата НОФ (печатницата беше сместена во селото Буково, а Централниот одбор на НОФ се наоѓаше во селото Пепли во една шумичка во Преспа). Монархофашистичките единици веќе го заседоа селото Орово и постоеше опасност да ни го пресечат патот. Затоа ние се решивме печатницата да ја закопаме в земја, а архивата, и најпотребните работи да ги натовариме на еден коњ и со курирот на претставништвото ("јафката") барба Кољо му рековме да премине преку местото "Африка" (така го викавме еден дел од местото преку езерото што се граничи со Албанија) и да се сретнеме во Албанија. Ние тргнавме пешки со оружјето в раце и со некои последни единици на ДАГ и група народ, преку селата Лак и Трново, да се префрлиме во Албанија. На мостот кај Перово, колоната во која што беше барба Кољо, со дел на архивата на НОФ, беше откриена од монархофашистите, односно од американските авиони и беше митралирана и бомбардирана. Од коњот не остана ништо, курирот одвај се спасил, малиот дел од архивата се спасил ваму-таму, од партизаните некои беа ранети, а тие што останаа живи, прибирале и спасувале од расфрланите документи, меѓу кои и мојата другарка Милка, која ги собрала тие неколку фотографии. Ја замолив Миллка да ги зачува моите

фотографии зашто јас сум во незавидна положба. Таа навистина ги зачувала тие фотографии. Кога се сретнавме по многу години, кога Милка со своето семејство од Ташкент дојде во Тетово, ми ги даде тие фотографии.

Од другарите разбрав дека тука се наоѓа и Паскал Митревски, претседател на НОФ, потоа Лазар Поплазаров и Вангел Којчев, претставник на НОФ во Воениот совет на ДАГ. Ги побарав и ги најдов во една барака. И тие биле притворени, па ослободени, како и Ристо Коленцов, претседател на Околискиот НОО на Леринско.

После нас, од логорот во Елбасан беа повикани: Ламбро Чолаков и Михаил Маљов, секретар на НОФ. Не можев да поверувам ни да помислам дека вака подло и дрско ќе се понесе ЦК на КПГ кон раководството на НОФ.

Главниот штаб на ДАГ, пак, имаше донесено указ дека виновници за поразот на Вичо се Пандо Вајна, командант на XI дивизија на ДАГ, која се сметаше за македонска и Ѓорѓи Василко, политички комесар на таа дивизија, и двајцата Македонци, на кои требаше да им суди Воениот суд, но тоа решение се измени...

Значи, главни виновници за поразот на ДАГ се само македонските раководители, а не предавниците на народното дело.

НИКОС ЗАХАРИЈАДИС НЕ ОБВИНИ МАКЕДОНСКИТЕ РАКОВОДИТЕЛИ КАКО ПРЕДАВНИЦИ, АГЕНТИ НА ТИТО

На 7 октомври 1949 година, во една голема штала приспособена како сала за собири со бина и неколку реда столови, беше свикан собир на сите борци на ДАГ од логорот во Бурели, а ги имаше околу 3000. Присутни на собирот: членовите на Политбирото на КПГ, членовите на ГШ на ДАГ, генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис, министерот за надворешни работи на Привремената влада Петрос Русос, членот на Политбирото и политички комесар на ГШ на ДАГ Василис Барџотас и генералите: Мицос Вландас, Димитрис Гусјас, Пираклис Мировиглис и други, како и членот на КП на СССР Петров како претставник на Информационото биро, членови на ПБ на ГШ на ДАГ и други.

Собирот го отвори генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис. Воведниот дел беше посветен на ситуацијата во Грција во тој момент, положбата на ДАГ и улогата на КПГ. Конкретно и опширно Захаријадис се задржа на Резолуцијата на Информбирото против Југославија. Всушност, таа и беше целта за свикување на овој собир за да го прикаже "големото влијание" на КПЈ на нашиот НОФ и неговото раководство, кое, како што рече тој, "изигра предавничка улога" и дека таа била причината за отстапувањето на ДАГ. Покрај другото, Захаријадис рече дека Паскал Митревски "и неговата клика се агенти на Тито-Колишевски" и покажа со рака на местото каде што стоевме ние веднаш покрај членовите на Политбирото и Привремената влада. Со разни измислици, без никакви факти, Захаријадис настојуваше да ја разобличи организацијата НОФ и нејзиното раководство, како и грешките на КПГ и на ГШ на ДАГ и неговите да ни ги нагрби на нашите плеќи. Меѓитоа, тоа не му одеше така лесно и одрака на овој собир, бидејќи присутните борци добро ги познаваа членовите на организацијата НОФ,
во која и самите членуваа; добро го познаваа раководството на НОФ и АФЖ. Захаријадис отиде до таму да изнесува невистини и измислици што рече дека Минчо Фотев се обидел да го убие офицерот со кого доаѓавме со џипот од Елбасан за Бурели, наводно, за да избега во Југославија. Потоа рече дека Минчо и јас сме склучиле "политички брак", изнесувајќи и други бесмислици, но не кажа каков брак има склучено тој со Рула Кукулу.

По Захаријадис, прв за збор се јави Вангел Којчев, еден од раководителите на НОФ во Воениот совет на ДАГ. Којчев, поддржувајќи го Захаријадис, почна да го напаѓа НОФ. Нешто

поублажено, во позавиена форма зборуваше и секретарот на Главниот одбор на НОФ, Михаил Маљов, кој се обидуваше да се оправда, да не падне во немилост, божем такви гнасни работи за кои зборуваше Захаријадис во НОФ се правеле зад неговиот грб. Дури и се чудеше како можело такво нешто да прават без тој да знае.

Паскал и јас со нетрпение и одвратност ги слушавме лагите и клеветите на говорниците. По секоја цена сакавме пред триилјадите борци на ДАГ, Грци и Македонци, кои многу добро не познаваа, да ги побиеме клеветите и лагите, иако вистината ја знаеја присутните.

Се качи на бината Паскал Митревски, претседател на организацијата НОФ и министер во Привремената влада на Грција. Салата грмеше од аплаузи и позитивни извици за НОФ. Гледајќи дека од излагањето на Паскал ќе биде исвиркан, само што почна да зборува, Захаријадис го прекина да не зборува (в., Паскал Митревски и неговото време 1912-1978 – Ташко Мамуровски, Институт за национална историја – Скопје, 1992).

Гледајќи ја таа трагикомедија што сакаше да ја прикаже Захаријадис за нашата организација НОФ и за нејзините доследни, чесни раководители, кај мене се јави решителност за одмазда зашто чувствував дека го губам најдрагоценото во мојот живот: организациите НОФ и АФЖ, кои целиот македонски народ во Егејска Македонија масовно го кренаа во борба против непријателот за национална и социјална слобода. Тоа добро го знаеше Захаријадис и колку жртви се дадени, за што се зборуваше во Солун во 1946 година.

Организацијата НОФ, односно нејзините членови во 1945-1946 година беа прогонувани на ист начин: како од монархофашистите така и од комунистите. Молскавично се сетив на тие години. Се сетив на процесите во Ениџевардарско, за Мирка, која пред смртта извикуваше: "Да живее НОФ и КПГ!". Стотици членови на НОФ, НОМС, АФЖ пред стрелачките строеви извикуваа: "Да живее НОФ, НОМС, АФЖ! Да живее КПГ! Да живее демократијата! Долу монархофашистите!"

Со невидена огромна сила, возбудена од сеќавањата што ми се наметнаа, за миг се најдов на бината и со громок глас на македонски извикав: "Другари и другарки, борци на Демократската армија, да живее НОФ, АФЖ!" Цела сала во еден глас извика: "Да живее!", само неколку гласа се слушнаа: "Смрт!", но беа пригушени од масата триилјади борци. Накратко ја образложив улогата на нашата организација, дека од мало до големо, од четиринаесетгодишно дете до осумдесетгодишни

старци и старици учествуваа во борбата, давајќи се од себе, дека организацијата АФЖ беше секаде присутна; стари жени пренесуваа храна за ДАГ од Кајмакчалан за Вичо, од Вичо за Грамос, пренесуваа оружје и учествуваа во сите помошни служби на ДАГ: во кооперациите, фурните, шивачките работилници, ковачниците, во негувањето на ранетите; ноќе жнееја и вршеа во селата што беа под окупација на непријателот; копаа бункери и правеа ровови по Бела Вода и Лунзе итн. Повеќе од три илјади жени беа во редовите на ДАГ за носење на ранетите, без разлика кој од каде е, кој што е: Македонец или Грк. Членовите на АФЖ не само обични борци, туку беа и: офицери, санитетски работници. Рамноправно со мажите, жените се истакнаа во сите борби со непријателот. Во маршот на ненаоружаните, кој тргна од стара Грција до планината Грамос имаше многу Македонки кои ги дадоа своите животи. Според тоа, една таква организација не може да биде предавничка, а ние раководителите на НОФ и на АФЖ сите не знаете, и тоа многу добро, уште од антифашистичката војна како припадници на ЕЛАС и на КПГ-ЕАМ. Што се однесува до Југославија, тогаш бевме во неа како што беа и илјадници Грци зашто и таа се бореше со антифашистичките сили, па ја сакавме како Југославија така и Македонија, од која еден дел е ослободен и голем дел од македонскиот дел од нашиов крај со своите семејства најде свое засолниште од монархофашистите. Што се однесува до поразот на ДАГ исклучиво е крива КПГ на чело со Политбирото и генералниот секретар Никос Захаријадис. Тие се одговорни. “Ако згрешив нешто, нека ми судит народот, а јас ги осудувам сите дезертери од нашите редови каде и да беа тие” – реков.

Од моето излагање и од одобрувањето на борците Захаријадис беше бесен. Се качи на бината разјарен, почна да вика и не сакајќи ме нарече “другарката Вера”. Се насмеав на тоа. Во тој момент ми беше сеедно дали ќе ме стрелаат или не. Реков: “Кога не погинав на фронтот, нека погинам тука, својот долг кон мојот народ доследно го исполнив”. Захаријадис на тоа во бес викаше: “Ете, ова е доказ дека овие се агенти, дури Вера и Минчо склучија политички брак, а Минчо по патот од Елбасан за Бурели се обиде на бегство во Југославија откако сакаше да го убие офицерот и возачот, но за среќа беше спречен”, но не кажа од кого. Жално беше во тој момент да се гледа еден генерален секретар толку да падне ниско да не знае што зборува, само извикуваше: “Еве ги агентите на Тито. Тоа треба да го признаат, но тие се такви, не се срамат и не признаваат”. И продолжи: “Дури и Вера сака да ја ословуваме со псевдонимот ОЗНА”. “Другар Захаријадис, Вие мојот псевдоним, а и сите присутни го знаат, тој е Вера, а моето

вистинско име е Евдокија. Јас немам друг псевдоним, освен Вера". На ова незнаење на Захаријадис некои во салата почнаа да се смеат.

Не знам од кои причини Захаријадис ме остави толку долго да зборувам, а не ме прекина како Паскала. Можеби не ме разбираше зашто зборував на македонски. Единствено му одговорив на грчки.

Слегов од бината и не слушав, ниту сакав да ги слушам лагите и клеветите и исфабрикуваните обвинениј против нас. Ми беше веќе јасно дека сакаат да не обвинат како агенти на Тито и Колишевски за да не ја сносат тие одговорноста за капитулирањето на ДАГ туку некој друг. Тие други "виновници" бевме ние Македонците, т.е. македонските раководители. Ми стана јасно дека сакаат да монтираат процес какви што тогаш имаше во сите поранишни социјалистички републики, меѓу кои процесите на: Ласло Рајк, Трајчо Костов, Коче Џоџе и др.

Кога излегов од салата, ги сретнав моите другари, соселани и роднини: Васил и Тимјо Ралеви, Јани Чочев, Јото Љочков, Нули Џаџева и многу други. Ми рекоа дека добро зборував, само не требаше да го нападнам Политбирото и Захаријадис. Им реков дека во Политбирото има многу провокатори. Моите другари и соборци останаа на своето. И по многу години кога се сретнавме во Скопје ми го рекоа истото, ѓоа, ако не го нападнев толку остро Захаријадис немаше да ме уапсат и прогонат. А пак јас и тогаш а и сега мислам и го велам истото, дека чесните комунисти својата вина никогаш не ја префрлуваат на други како што правеше Захаријадис неговата одговорност за загубата на Движењето ја префрлуваше на други, на нас Македонците. Дали е тоа чесно?

Додека зборував со моите другари, зад мене дојдоа двајца партизани со автомати вперени во мене, ми ги врзаа рацете, ме спроведоа во истата зграда во која беше сместен ГШ на ДАГ. Ме однесоа во едно мало сопче на приземјето. Таму го најдов и другите од раководството на НОФ, кои во меѓувреме ги спровеле: Паскал Митревски, Михаил Маљов, Вангел Којчев, Ристо Коленцев-Кокинос, Лазо Поплазаров, Ламбро Чолаков, Ташко Хаџијанов (последните четворица во Бурели ги спровеле после нас). Потоа во истото сопче ја донесоа и Уранија Јурукова и најпосле мојот брачен другар, мојот сопруг Минчо Фотев, кого го сметаа за најопасен меѓу нас. Уранија и Минча не ги донесоа на собирот, беа задржани во истата зграда во посебна соба.

Наредниот ден во оваа иста мала соба беше приведен и Павле Раковски, а по него и еден борец од селото Нестрам, Костурско, со прекар Лаократис. Тој последните години беше во грчкото претставништво ("јафка") во Белград. Зошто беше уапсен и ден-

денес не ми е познато, а и не беше вклучен во нашиот процес. Како што дознав подоцна, во 1954 година, бил ослободен и живееше во Ташкент, а каде сега се наоѓа не знам.

Павле Раковски, пред процесот, порано, со писмо се обратил, а и лично, до ЦК на КПГ и до Захаријадис, самокритикувајќи се дека не бил искрен пред раководството на КПГ и дека божем во Преспа им предложил на некои раководители на НОФ да бегаат во Југославија за да не бидат уапсени, но Минчо Фотев му се спротивставил. Така, на основа на тоа негово писмо беше содржано обвинувањето (обвинителниот акт) на Захаријадис во Бурели.

МИ ГИ ОДЗЕДОА НАЈСАКАНИТЕ ПРЕДМЕТИ

Сите дванаесетмина два дена бевме задржани во малото сопче, т.е. до 9 октомври 1949 година. На осми вечерта, кога целиот логор спиеше, еденпоеден не викаше Пираклис Мировиглис, одговорен на Второто биро при ГШ на ДАГ. Ни одзедоа се што имавме, освен облеката. Ни ги зедоа: паричните средства на НОФ, некои поважни документи што ги носевме со нас. Пиракли мене лично ми го одзеде златниот часовник, подарок од татко ми, кој во 1948 година ми го испрати од Торонто. На задната страна од часовникот татко ми изгравирал: "За Вера од тато". Исто така, ми ги одзедоа: двогледот и фотоапаратот ("кодак"). Тие ми беа испратени како подарок од женското друштво од Торонто, потоа: 17 златни лири од организацијата АФЖ, едно куферче од Окружниот НОО на Костурско, кое го зедов од вујко ми Крсто Мангов што го прибрав по неговото убиство кај селото Брезница на 11 август 1949 година, ми ги одзедоа: златните обетки и прстенот со моите иницијали што ми беа подарок од мајка ми. Ми остана пиштолот и за миг се двоумев дали да го предадам и него или мирно да пукам во Пиракли, а потоа во мене, но размислив за последиците. Со тешко срце го извадив од појасот и му го подадов. Пиштолот беше марка "валтер", германски со кафеава рачка, а ми беше личен подарок од Лазар Колишевски.

Како го добив пиштолот од Колишевски? Во пролетта на 1948 година бевме повикани во Ресен: Паскал Митревски, Михајли Керамитчиев, Ставро Кочопуло и јас. Ни беше јавено од ЦК на КПГ дека треба да заминеме за Албанија со еден џип преку грчката јафка во Албанија – Корча, а оттаму бевме префрлени во Ресен. Бевме сместени во една куќа. Не можам да се сетам во која куќа беше тоа, бидејќи ноќе отидовме и ноќе заминувавме од куќата. Ноќта во куќата пристигна Лазар Колишевски заедно со Димитар Алексиевски-Пекар, Арсо Милатовиќ и со некои други од безбедноста. По одржаниот состанок, другарот Лазар Колишевски ни рече дека со нас ќе дојде Пекар. Пред заминувањето, на Колишевски му побарав, ако може, да ми даде еден пиштол, бидејќи мојата "берета" не можам да ја користам зашто немам за неа куршуми. Така тогаш лично ми беше подарен тој пиштол што ми го одзеде Пиракли. Никогаш ни една минута не се одделував од тој пиштол. Дури на албанската граница, при отстапувањето, го предадов само автоматот, а не и пиштолот. Пиштолот ми беше сакан и верен другар, повеќепати ме спаси од непријателот.

Стоејќи пред тој проклет офицер на ДАГ, кој до вчера ми беше пријател, а сега ме претресува и ми ги одзема најдрагоцените спомени од моите родители и од мојата организација АФЖ и пиштолот подарен од Лазар Колишевски, кај мене се јави омраза. Овој офицер за мене стана најголем непријател. Ми се редеа мисли: "Да стрелам во него?"; "Глупо е, Вера, немој, воздржи се". Како да слушнав некој глас: "Тој ќе се самоубие заради тебе, заради сите вас ова што ви го прави". Додека така во мене се редат различните мисли, една рака со огромна сила ја фати мојата рака и ми го одзеде пиштолот и ми вели: "Зошто не го предаде пиштолот на граница?" Му велам: "Не сакав, а и никој не ме праша дали имам друго оружје".

Заедно со Марика Елкова, член на Секретаријатот на Главниот одбор на АФЖ и на НОФ, кога заедно со неа ја минувавме границата до Елбасан, каде што бевме сместени, никој од Албанците во ништо не не спречи. Само еден настан ми остана во незаборав и сега ме измачува. Тоа е подлото убиство на Софија Ѓакова Божиница, секретарка на АФЖ од селото Герман, Преспа, која беше уапсена многу порано од 1949 година како "агент на ОЗНА", само поради тоа што нејзиниот сопруг се наоѓал во Битола. Кога минувавме покрај селото Трна, Трумановите авиони летаа ниско над нашите глави што се гледаа дури и главите на пилотите. Тие митралираа по нашата колона. Двајца партизани од спротивниот правец доаѓаа накај нас, спроведувајќи ја храбрата секретарка. Отпрво не ја препознав, бидејќи беше многу исцрпена. Кога се приближи, таа ме позна и се нафрли на мене. Ме гушна и ми вели: "Вера, овие ќе ме убијат". Јас во миг се фатив за пиштолот. Марика ја осети мојата намера и ми вели: "Вера, немој, што ќе направиш!" – и ме фати за рака. Ја одведоа стотина метра зад нас откаде доаѓавме и се слушна истрел Божиница невино беше убиена. Нејзините заслуги во борбата не значеа ништо за џелатите на Захаријадис.

Кога ми ги одзедоа предметите што ги носев, ми се чинеше дека ми го одземаат животот. Цели девет години носев оружје в раце. Со него се чувствував сигурна и безбедна каде и да одев. Првпат во животот ми се јави чувство на гадење кон тие што стоеја пред мене и инстиктивно излегов од сопчето во ходникот. Во тој миг ме фатија двајца стражари и ме одведоа во истата соба во која што беа другарите кои еденпоеден, на ист начин како мене, беа претресувани и носени во сопчето: Паскал Митревски, министер во Привремената влада на Грција и претседател на Главниот одбор на НОФ и КОЕМ; Минчо Фотев, претседател на НОМС и помошник-комесар на ГШ на ДАГ за работа меѓу Македонците во

ДАГ и член на Претседателството на Главниот одбор на НОФ; Вангел Којчев, член на Претседателството на Главниот одбор на НОФ и член на Воениот совет на ГШ на ДАГ; Павле Раковски, член на Главниот одбор на НОФ и главен и одговорен уредник на весникот “Непокорен”; Ламбро Чолаков, член на Главниот одбор на НОФ и одговорен по финансии; Ристо Коленцов-Кокинос, член на Главниот одбор на НОФ и претседател на НОО на Леринскиот округ; Уранија Јурукова, член на Главниот одбор на НОФ и КОЕМ; Лазо Поплазаров, член на Главниот одбор на НОФ, а тогаш на должност политички комесар на артилериската батерија во ДАГ; Ташко Хаџијанов, член на Главниот одбор на НОФ и НОМС за Воденскиот округ и јас Евдокија Балева-Николовска Вера, секретар на Главниот одбор на АФЖ потпретседател на ПДЕГ, кандидат-член на Секретаријатот на ПДОГ, член на Меѓународната демократска федерација на жените и потпретседател на НОФ. Од непознати причини кај нас го доведоа и другарот Темистокли Леократи, кој еден извесен период бил курир на претставништвото (“јафката”) на КПГ во Белград. Вкупно бевме 12 лица.

ВО ЗАТВОРОТ ВО БУРЕЛИ

Захариадис на 9 октомври 1949 година планирал да не стрела. За ова Пираклис Мировиглис во седумдесеттите година на XX век му кажал на историчарот Тодор Симовски во Букурешт. Меѓутоа, тоа го спречил претставникот на СКП(б) Петров, па сме спрведени во затворот во Бурели. И така, истата вечер, 9 октомври 1949 година, слушам брмчење на моторно возило. По петнаесетина минути, ете ти го тој Пираклис Мировиглис, известителен офицер на ДАГ, кој ни одзеде се. Освен Вангел Којчев, другите единаесетмина се најдовме пред отворениот камион опкружени со наоружани луѓе. Не е шега, ние сме "големите непријатели, титоисти". Срамна, но и смешна состојба. На таа Захаријадисова будалија почнавме да се смееме гласно. Пиракли со своите не знаат како да постапат со тоа наше смеење. "Замолчете!" – викна на албански. Сфативме дека сме предадени на албанската власт, која понатаму ќе решава за нашата судбина. Се качивме на камионот. Наседнавме на подот. Над секоја наша глава стои по еден албански милиционер со вперени автомати готови да пукаат во нас.

Мислевме дека не носат на стрелање. Нема што. И во смртта одиме како во борбите: со смеа и шега, весели поради положбата во која што се наоѓаме. Ја избегнавме смртта од монархофашистите и од американските авиони за да бидеме стрелани во слободна Албанија, но за што?! Додека размислувавме, камионот застана пред едни тешки железни порти. Се отворија вратите. Камионот влезе во еден двор. Ни беше наредено да слеземе еденпоеден. Тогаш не одделија: петмина мажи во една група, во друга четворица, а потоа мене и Уранија. Бевме одведени во ќелии и заклучени.

Во нашата ќелија бликаше вода на подот. Немаше место каде да се седне, а камо ли да се легне. Подот бетон и вода, ѕидовите темни и влажни, без светло и воздух. Тоа беше почеток на еден монтиран и срамен процес против раководството на НОФ – долгогодишни борци против германскоиталијанските и бугарските фашисти, против англоамериканските империјалисти и нивните слуги, против монархофашистите, а повеќето од нас беа и предвоени револуционери. Во тој ист затвор, за време на предвоена Албанија на Мехмед Зогу, биле затворани "најопасните" комунисти, а во дворот имало бунар во кој живи ги фрлале. По ѕидовите на ќелијата уште се гледаа испишани комунистички пароли, а еве, сега, и ние сме во тие ќелии на комунистичка Албанија. Во нив се најдовме комунисти од комунисти. Каква иронија на времето?

Но за среќа во несреќата, во затворот во Бурели, во таа мрачна, со вода до колена ќелија, останавме само пет дена (од 9 до 14 октомври). Ги отклучија тешките црни врати. Не спроведоа надвор. Пак исти мисли: сега сигурно ќе не носат на стрелање. Беше темна октомвриска ноќ. Меѓусебно се поздравивме со очите и си мрднавме со главите зашто строго ни беше забрането секаков разговор. Се отворија тешките железни затворски врати и еденпоеден не натоварија во еден камион, но овој пат затворен со церада. Сме без збор, но сме претворени во уши и очи да разбереме во кој правец не носат.

По долго возење, камионот застана. Слушаме повторно ѕвекот на клучови и отворање на тешки порти. Бевме донесени во друг затвор. Еденпоеден, како што не натоварија така не растоварија од камионот, без да можеме да се поздравиме. Ме зедоа двајца полицајци, односно ме спроведуваат: еден пред, а другиот зад мене. Се отвори третата врата одлево на ходникот. Ме турнаа внатре и брзо ја заклучија. Кога се најдов внатре, што ќе видам: ќелија долга два метра и метро и половина широка. Внатре нема ни стол ни маса, само на подот послано нешто како рогозина. Нема светло. Вратата од долната страна беше поткрената околу една педа и единствено од таму иде малу светлина. Се вртам на сите страни. Ме фати чувство како да се наоѓам жива в гроб. Без вина сум виновна, фрлена во гроб. Таа положба не може да се опише со збор. Тоа можат да го сфатат само тие кои се нашле во таква или во слична положба. Ништо не ми остана друго, па почнав да се смеам. Едно време смеењето ми се претвори во бес и почнав да тропам на вратата. Се појави полицаец во југословенска униформа: темносина, зимска, волнена.“Што сакаш?” – ме праша налутено. “Ми се оди во таолет!” – му велам. “Почекај!” – ми рече и ја затвори вратата. По неколку минути, дојде и ме однесе на крајот од ходникот во тоалетот. На одење и на враќање поткашлував, како знак, за иа чујам одговор, односно поткашлување од некој мој другар, но полицаецот ме туркаше и не успеав да чујам нешто како одговор на мојот знак. Забележав само дека сите ќелии се исти.

Со себе носев едно војничко зелено ќебенце, кое за чудо не ми го зедоа, како и едно килимче што го понесов со себе по погибијата на вујко ми Крсто Мангов. Ќебенцето и килимчето многу ми се најдоа подоцна. Двете ги послав на рогозината, се завиткав со шинелот. Мислејќи дека тука крај мене се и моите другари и мојот брачен другар, некако ме фати сон. На што се не ќе помисли човекот во одредени ситуации само да најде накакво олеснување на тегобите, на душата.

Не знаев ни колку е часот, ни дали е ден или ноќ. Слушнав тропање на вратата и од под вратата ми се подаде едно парче леб, малу мармалад и малку вода во еден шлем. Значи, утро е, се разденило. Веднаш ги изедов лебот и мармаладот. Гладна душа. Истовремено слушам sвечкање на шлемови од под секоја врата. Набрзо по изедувањето на "појадокот", почнав да тропам на вратата и да го викам стражарот дека сакам да одам во тоалет. Ме одведе. Си ги исплакнав очите со вода. Одејќи и враќајќи се пак намерно кашлам. Слушам одговори на моето кашлање, но по гласот не можам да оценам дали е гласот на Маљо, на Минчо зашто повеќето се "кашлаа". Почнав да зборувам на македонски да се јават кој во која ќелија е. Еден глас ми одговори на шиптарски. Не разбирам ништо. Зборувам на грчки. Еден ми одговори и ме прашива која сум и од каде сум. "Македонка сум, комучнистка, партизанка", му велам, а тој почна да пцуе. Повеќе не реков ни збор. Сепак разбрав дека до мојата ќелија нема никој од моите другари, а тој Гркот е некој од заробените монархофашисти. Од кашлањето разбрав дека моите другари се во ќелиите од истиот ходник. Иако не можев да оценам кој во која ќелија е, си давав кураж дека сме блиску, заедно. Ете, и тоа во судбоносни моменти за човекот многу значи, го челичи, а уште повеќе кога е невин.

По три дена, ноќе ме зедоа од ќелијата и ме однесоа во една поголема зграда. Во приземјето се отвори една врата и се појави широк ходник на десната страна. Отклучија една тешка врата и спроводниците ми дадоа знак да влезам. Таа врата водеше во друг помал ходник со две врати со ќелии. Ја отклучија првата ќелија и ме ставија во неа. Оваа ќелија беше поголема, скоро четвртеста, а на подот во едниот агол пак послана рогозина на бетонот. Се сместив на рогозината со тие малу предмети што ги имав: војничкото ќебенце и килимчето. Не ме фаќаше сон. Почнав да шетам по ќелијата. Барем овде може да станам и да одам во круг. Во претходната ќелија требаше да лежам или да стојам на едно место простум.

Шетајќи по ќелијата, забележав дека таванот е заеднички со соседната ќелија и на средина има светло, односно сијалица што светеше во двете ќелии. Викнав на македонски. Не се одзва никој. Викнав на грчки. Пак никој не се јави, а слушнав кашлање. "Значи, во ќелијата има некој", си велам. Почнав да пеам партизански песни. Пак ништо. Кој може да биде мојот сосед кој на сево не реагира? Во такво размислување дури предзори ме фати сон.

Се разбудив од отклучувањето на вратата. Потоа се отклучи вратата на ќелијата до мојата. Слушам некој бавно со влечки излегува. Откако го вратија тој затвореник, се отклучува мојата

ќелија. Ме спроведоа до тоалетот кој беше за сите затвореници. Гледам по ѕидовите на тоалетот испишани разни имиња. “И јас да напишам нешто белки утре ќе најдам некој збор напишан од моите другари”, си мислам во себе, но немав со што да го сторам тоа. При одењето и враќањето не забележав во ќелиите преку двете врати од мојата дека има некој, не чув никаков одговор на моето поткашлување. Само од соседната ќелија се слушаше тивко кашлање, но никој не одговараше.

Откако ме вратија назад во ќелијата, дојде еден полицаец. Ми донесе: парче леб со мармалад и пак шлем со вода. Ми ги фрли како на куче и токму да ја затвори вратата, брзо се спуштив кон него, го спречив да ја затвори вратата, велејќи му: “Јас сум партизанка и комунист, не сум куче ти да ми го фрлаш така лебот! Сакам да зборувам со главниот!” Кога ме виде така решителна да излезам од ќелијата, прстот, показалецот од десната рака, го стави на устата во знак да молчам. Ми вели: “Јас сум Ибраим”. Тоа беше едно младо момче, симпатично. Му се насмеав. Ми ги поткрена рамениците и почна да ми зборува на албански. Колку што можев да разберам, ми велеше дека ќе им јави во управата. Од тој ден Ибраим се однесуваше добро кон мене. Беше на моја возраст, околу дваесет и две-три години. И чудно, речиси, се спријателивме. Ми носеше и повеќе храна.

Ибраим, сигурно, сакаше да знам кој е во мојата соседна ќелија, кој ми е “сосед” за да бидам поспокојна. Едно утро кога затвореникот до мојата ќелија го носеше во тоалет, ѕирнав низ шпионката, бидејќи не беше добро затворена намерно од Ибраим. Видов дека тоа беше една стара жена облечена во црн долг и широк фустан и со папучи на нозете. Откако ја врати неа во ќелијата, ја отвори мојата ќелија и така правеше еднообразно секој ден.

Постојано си мислев како да им дадам знак на моите другари, односно кои се овде со мене. На јаката од шинелот имав закачено повеќе шпенигли. Извадив една од нив и при одењето во тоалет на ѕидот напишав: “Вера”. По два дена, покрај моето име беше напишано: “Сестро”. Потоа јас напишав: “Бате” и така дознав дека Ташко Хаџијанов е затворен во некоја од тукашните ќелии. Тоа беше голема радост за мене, но и загрижност што од другите никој не ми се јави, т.е. не е тука.

Кон втората половина од вториот месец, околу полноќ, дојдоа стражари.Ме разбудија и ме спроведоа во една канцеларија. Таму беше седнат на столот еден мајор. Тој почна да ми зборува на грчки. Ме праша како се викам: име, татково име и презиме, кога и каде сум родена. Откога ми ги зеде генералиите, го прашав:

“Зошто сум во обој затвор?” Ми одговори дека ништо не знае. Нему му било наредено да ги земе моите генералии. Односот кон мене му беше љубезен.

РЕАГИРАЊЕ ВО СКОПЈЕ ПРОТИВ НАШЕТО ЗАТВОРАЊЕ

Истиот ден кога му кажавме на Гого Петрушевски што не чека во Бурели и, ако може, да бега за да не го доживее истото, вечерта тој ја преминал албанско-македонската граница и ги известил органите во Скопје за нашата судбина. Тој изворен податок за надлежните бил причина за следење на тоа што се случува со нас во Бурели.

Следниот ден (17. IX 1949) "Нова Македонија" ја пренесува изјавата на Гого Петрушевски (член на Комитетот за заштита на мирот во Грција), во која се вели дека на 4 и 5 октомври 1949 година, по налог на раководителите на КПГ, "се уапсени многу Македонци во логорите за грчки бегалци во Бурели и Елбасан во Албанија", наведувајќи ги нашите имиња и дека за тоа "апсење соопшти самиот Захаријадис на една партиска конференција одржана на 4 октомври... во логорот Бурели".

Весникот "Нова Македонија" на 26 ноември 1949 година ја објави статијата "Крвав епилог на предавството на Захаријадис и ЦК на СКП(б)", во која за поразот на ДАГ вината и се припишува на Југославија и се соопштуваат имињата на уапсените раководители н НОФ: Паскал Митревски, Павле Раковски, Кича Балева-Вера, Минчо Фотевски, Уранија Пировска, Ламбро Чолаков, Лазо Поплазаров, Ташко Хаџијанов, Михаил Маљов, Видо Кушевски и др.

Против нашето затворање, на 27 ноември 1949 година, како што соопштува "Нова Македонија" од 29 ноември 1949 година, во Скопје, на плоштадот "Слобода", бегалците од Егејска Македонија и населението на Скопска околија одржаа протестен митинг "против дивиот терор што го спроведуваат грчките монархофашисти за истребување на македонскиот народ во Егејска Македонија. Тие исто така протестираа против теророт и апсењата шо ги врши предавникот Захаријадис над раководителите на НОФ, борци на Демократската армија на Грција со цел да ја прикрие својата и на своите господари ликвидаторска улога и одговорноста за тоа да ја префрли на Југославија и НОФ". Од митингот е испратена протестна резолуција и поздравни телеграми до ЦК на КПЈ и до Лазар Колишевски.

Секоја чест и благодарност на бегалците од Егејска Македонија што го кренаа гласот за нас, но со кој образ на тој митинг зборувал Михаил Керамитчиев ?! Тоа јасно зборува дека кај него нема ни трунка совест.

ВО ЗАТВОРСКАТА БОЛНИЦА

Во почетокот на декември 1949 година добив висока температура и труење, а од носот ми течеше крв, не можев да јадам ништо. Кога ме виде Ибраим, јавил во управата. Од ќелијата ме однесоа во затворската болница. Бев сместена во мала ќелија, но според таа во која што бев оваа беше попријатна. Ѕидовите беа премачкани со мрсна зелена боја и на нив испишани комунистички пароли, петокраки, срп и чекан и на едно место ликот на Сталин. Веројатно во таа ќелија во бивша Албанија лежеле некои **албански** комунисти. Ме прегледа лекар. Ми дадоа инекции и таблети за снижување на температурата. За појадок ми даваа некоја топла чорба. Некако се опоравив и почнав да станувам. По пет дена, пак ноќе, дојдоа спроводници, ме зедоа и ме однесоа во друг болнички затвор. Тогаш ми дојде помислата за самоубиство, односно да бидам убиена. Истрчав по ходникот за стражарите да пукаат во мене. Но како се најдоа толку полицајци не знам. Од сите страни притрчаа, ме фатија и ме ставија во колата со врзани раце. Затворот во кој ме однесоа личеше на амбуланта, бидејќи беше на кат, а подот со штици. Во собата во која што ме сместија имаше две жени Албански. Едната била девојка. Родила вонбрачно дете. Бидејќи не го кажувала името на таткото на детето, ја затвориле. Беше девојка од село и многу весела природа. Другата жена била спикерка на радио-Тирана за време на Мехмед Зогу и за време на окупацијата од Италијаните. Се викаше Делфи Руже Бануши, многу интелигентна жена. Нејзе и беше оперирана градата од рак. Беше свесна дека набргу ќе умре, дури и ја присакуваше смртта. Таа по малку знаеше грчки. Кога и раскажав во кој затвор сум затворена и дека до мојата ќелија е затворена една старица, тогаш таа ми кажа дека таа е старата принцеза која не сакала да ја напушти Албанија и да побегне од комунистичката власт и дека е доживотно осудена. Ми кажа дека лично се познавала со неа и дека знае француски добро и на француски да ја поздравам од неа, ако ме вратат во истата ќелија. И реков на Руже дека не знам француски, но некако ќе и го пренесам поздравот. “Јас и се обраќав на македонски и на грчки јазик, но таа не ми одговори никако” – и реков на Руже, а таа ми одговори: “Сигурно се плашела од провокации”.

Останав една недела во затворската амбуланта на првиот кат, а под нас на приземјето, имаше многу затвореници и се слушаа зборувања на српски и на грчки јазик. Си помислив дека Грците се монархофашистички офицери кои што ги имавме фатено како

заробеници, а Србите како титовисти, па не сакав да им возвраќам на псовките што се слушаа.

И по една недела престој во таа болница на лекување (снимање на белите дробови, лекување со инекции и таблети), носот постојано ми крвареше, дури и во спиењето. Меѓутоа, кој гледа на такви "ситници" во тоталитаризмот. Една ноќ ме зедоа спроводници и ме однесоа во истата ќелија на истиот затвор. Утрото се сретнав со Ибраим. Повторно почнав да пишувам на sидовите од тоалетот за да фатам некоја врска со моите другари, но никако немаше одговори, дури ни од "Бате". Ме обзеде меланхолија. Почна да ме совладува разочарувањето. Си мислев дека, можеби, во моето отсуство ги однесле некаде, но тоа чувство не траеше долго.

НА ПАТ ЗА ДУРУС

На 14 декември 1949 година, на полноќ, слушам се отклучува вратата и влегува внатре чуварот со еден офицер, кој ми наредува: "Спремај се, што имаш земи со тебе!" Го зедов војничкото зелено ќебенце, а килимчето го оставив за спомен да го чува Ибраим во тиранскиот затвор. Не знам дали сега, кога ги пишувам овие редови, Ибраим се наоѓа во Албанија, дали е унапреден во некој повисок чин, дали е уште чувар на затворениците во тиранскиот затвор или, пак, некои него го чуваат во истиот тој затвор, а, можеби, користи пензија. А јас му го оставив килимчето во знак на благодарност. Сигурно Ибраим би го чувал тоа килимче кога би знаел што ми значеше. Тоа беше рачно ткаено од баба Ристовица Мангова, мајка на Крсто Мангов, кој замина во Југославија кога селото Д'мбени во јуни 1948 година дотемел беше изгорено од монархофашистите. Тоа му го остави на Крсто, а кога тој загина на 11 август 1949 година го понесов тоа килимче со себе како ретко драг спомен.

Целата се претворив во уво. Кога ме извадија во ходникот, слушам се отклучуваат и други врати. За час се најдовме сите 11-мина другари во дворот на затворот. Прво се поздравив со мојот сопруг Минчо, потоа со Паскал и со другите по ред. Кога стражарите не видоа како се поздравуваме меѓу себе, не ни дозволија да разговараме. Двајца по двајца ни ставија лисици на рацете и со една дебела ортома не врзаа сите по трипати и на крајот што остана од ортомата делот го врзаа одолу половината на Ташко Хаџијанов. Со очи и со глава, без збор се поздравивме. Не беа нашите поранешни ликови. Мажите беа со долги бради и коси. Сметавме дека тоа е нашето последно видување. Мислевме дека ќе не носат на стрелање. Ни причинуваше утеха што ете така изврзани еден за друг, како што заеднички се боревме, заедно и ќе бидеме на тој век.

Не натоварија во еден камион. Над секој од нас над глава со вперен автомат во главата стои по еден полицаец, а покрај возачот еден офицер, кој многу добро знаеше грчки. Кога излезе камионот од градот, оддалеку се слушаше песната "Чупе машала". Дуваше силен ветар, беше декемвриски ветар. Сите бевме завиткани во шинелите со кренати јаки и со пилотките на глава. Само Паскал имаше војнички мантил. Михаил Маљо на грчки рече дека не носат на стрелање, а пак Паскал дека, можеби, ќе не однесат на југословенската граница и ќе не пуштат во Југославија. Минчо, пак, смеејќи се, бели: "Нели гледаш во каква положба сме! Многу сакаш!" Сите се смееме. Гладна кокошка просо сонува.

Сеедно ни беше во тие мигови што ќе стане со нас. Интересно, ама сите сме со борбено чувство. Ни беше сеедно дали ќе не стрелаат или не. Се шегувавме меѓу себе, иако полицајците ни наредуваа да не зборуваме. Во еден момент силниот ветар на Ламбро Чолаков му ја однесе капата. Тој вика: "Почекајте, капата". Почнавме ние да се смееме, а Минчо, со кого беа заедно врзани, му вели: "Остави ја бре, таму каде што одиме подобра ќе најдеш". Еден од стражарите, на лош грчки јазик, му вели: "Аси то микро, апо пу ксериш пу тато пате". Почнавме ние да се гледаме меѓу себе и да се смееме. Со тоа разбравме дека не не носат на стрелање штом поминавме толку долг пат. Албанецот се налути, разбра дека згреши и почна да го псуе Минча, кој беше собран во шинелот и дуваше во рацете да ги згрее од студот и му вели: "А, ти си тоа курирчето што ја минуваше границата и одеше во Југославија? (Еси исе то курири пу то пигане сто Југославија)".

Предозори стасавме во едно гратче. Минчо го праша офицерот каде се наоѓаме, а тој, немислејќи, му одговори: "Во Дурус". Веднаш се сепна, виде дека згреши и почна офицерот да псуе и да вика: "А еси то курири, то микро..."

НА БРОДОТ “МИЧУРИН”

Од камионот не растоварија покрај пристаниште. Се приближивме кон бродот. Така врзани со ортомата преку половини почнаа да не качуваат по едни железни скали. Забележав дека со големи букви на бродот пишува “МИЧУРИН”. Така се викаше советскиот брод кој пренесуваше руда од Албанија за СССР. Тоа беше товарен брод. Со нас на бродот се качија и двајцата албански старешини кои не донесоа до таму. По темница, така изврзани, слегуваме по скали до дното на бродот во една просторија. Албанците не одврзаа. Еден советски морнар пушти светло. Тогаш почнавме да се прегрнуваме со ред. Бидејќи Албанците си ја исполнија обврската, си ја собраа ортомата, ни ги зедоа лисиците. Минчо на Албанците им извика: “Со добро да си одите, алал нека ви се и лисиците и ортомата”.

Во бродската просторија во која што бевме сместени имаше само еден отвор на таванот, односно кај скалата по која што слеговме. И тој отвор набрзо еден советски морнар-старешина во цивилна облека го затвори со капакот. Останавме само со светлото од сијалицата. Тука, во пристаништето на Дурус, останавме два дена додека бродот да се натовари со руда или којзнае со што. Наутро ни носеа каша или кипјаток, варена вода и пак не затвораа. Мажите беа обраснати со брада и коси, сите бевме нечисти, неизмиени. Чукнавме на отворот. Се појави цивилното лице. Побаравме со Уранија да се качиме горе на бродот да се измиеме и да се исперие, да одиме во тоалет. Ни ветија, ама ништо од тоа. Ноќта ни донесоа едно тенеќе со вода и едно друго празно и ни рекоа дека тука ќе се миеме и тука ќе вршиме нужда. Тенеќината ги поставија во еден агол од просторијата и обесија нешто како завеса. Во тој амбар во дното од бродот имаше големи долапи во коишто имаше кревети/лежаи. Се затвораа одвнатре. Ние со Минчо се сместивме во еден од нив. Тој долап другите го нарекоа “долап на среќата”. Тоа патување со бродот “Мичурин” со Минчо ни беше “свадбено патување, меденият месец”.

Бродот “Мичурин” на 16 декември 1949 година го напушти пристаништето Дурус и тргна, за нас, во непознат правец. Почнавме сите да ја пееме грчката песна: “Ена карави ап тон Пиреа”, но сега ја пеевме вака:

ена карави ап то Дирахио,
ахи салтири гја макарија,
а мија група пу ине меса,
то нутис панда тон ехи стин стерија,

а мија група пу ине меса,
то нутис панда тон ехи стин стерија,

Еден брод од Дурахија
плови во непознати далечини
една група во него
со мислите постојано на копното
тоа сме ние Нофитите
такви сме ние Нофитите

Можеби звучи нешто саркастично, но во ситуацијата во која што не стави Никос Захаријадис не можевме поинаку, туку на друг, ваков, начин да се изразиме за "благодарноста" што после се што дадовме од себе за Движењето за македонскиот и грчкиот народ за извојување на слобода и демократија.

Не знаевме кога е ден кога е ноќ во бродот зашто денска, природна светлина не видовме. Знаевме дека е ден само по храната што ни се даваше: кипјаток – варена вода, каша и понекогаш чорба од риба. Денонoќно сијалицата светеше. Стававме рецки/цртички на капаците за да знаеме колку дена сме на бродот.

Некаде четвртиот или петтиот ден откога тргнавме осетивме дека бродот подзастана. Помисливме дека сме во некое пристаниште. И навистина. По некое време тој истиот морнар, или старешина, во цивилна облека, ја отвори вратата и се виде парче сино небо и копно не многу далеку, односно морски брег само камен. Од тоа заклучивме дека ги менавме Дарданелите и дека се наоѓаме во Мраморно Море и влегуваме во Црно Море.

ПОМИСЛУВАЊЕТО ДЕКА ЌЕ НЕ НОСАТ ВО РОМАНИЈА – СЕЌАВАЊА НА ПОДЛИТЕ ДОЛГИ ПСИХОЛОШКИ ПРИТИСОЦИ ВРЗ МЕНЕ ОД ЗАХАРИЈАДИС

Кај нас се јави мислење дека ќе не носат во Романија, во пристаништето Костанца. Јас и Паскал ја имавме посетено Романија. Јас дури двапати, па ја имав посетено и Костанца. Тоа беше официјална посета со делегација на грчките жени во декември 1948 година. Тогаш посетив неколку работни колективи, поздравувајќи ги од името на жените на Грција кои се борат за слобода против грчките монархофашисти и англоамериканските империјалисти. Вториот пат бев во Костанца, Романија, во јуни 1949 година, кога се враќав од Вториот меѓународен конгрес на мирот, а Паскал со министерот на Привремената влада на Грција Таки Пападимитриу беа вратени од погребот на Георги Димитров, кои беа делегација заедно со претседателот Парцалиди. Знаевме ние дека во Романија, во Букурешт, е центарот на ЕЛАС-Прес и седиштето на Информбирото. Тоа беше на 20 април 1949 година.

Овде ќе напоменам накратко. По завршувањето на II меѓународен конгрес на мирот, од кој дел се одржуваше во Прага, на нашата делегација француската влада не и даде влезни визи, а истите денови паралелно се одржуваше во Париз – Прага. Нашата делегација ја сочинуваа: Милтијадис Порфирогенис (министер за надворешни работи на Привремената влада на Грција, кој и ја предводеше делегацијата), Петрос Кокалис (министер за просвета) и Рула Кукулу (претседател на сегрчкиот демократски сојуз на жените), потоа од страна на НОФ беа: Павле Раковски, Доне Сикавица (член на Секретаријатот на Главниот одбор на НОФ) и јас како потпретседател на НОФ и секретар на АФЖ. Од страна на НОФ Павле Раковски, како раководител на просветната дејност на НОФ и главен и одговорен уредник на весникот "Непокорен", на македонски јазик, го поздрави Конгресот. Доне Сикавица во тоа време од НОФ беше одговорен за сите деца сместени во народните републики. Во тоа својство и тој го поздрави Конгресот. Се сеќавам, тогаш во еден разговор со Кокалис, ни предложи да не ги делиме Македончињата посебно да го изучуваат македонскиот јазик, но ние бевме категорични во нашата решеност и тој се согласи со нас. Тој беше добар другар, по професија лекар специјалист-фиматолог. Не беше тој многу упатен во реалноста на случувањата, па што му велеа тој го спроведуваше.

Тогаш го посетив селото Лидице, кое германските фашисти целосно го изгореле кога на 31 мај во 1942 година чехословачките

антифашисти го убиле водачот на Гестапо, Рајнхард Хајдрих. Искористивме прилика тогаш да ги посетиме и домовите во коишто беа сместени нашите деца Македончиња. Ги посетивме фабриките во градот Оломуз. Таму ни дадоа една кола полна со бомбони и чокалади. Потоа отидовме во Острава, каде што ми подарија 50 рала чевли за партизаните во Грција и 6 транзистори и многу други подароци. Пакетите со бомбони и чоколади ги разделивме по домовите на децата во Либерец и во Прага. Разговарав за недостатоците во домовите. Од тоа што го видов се уверив дека децата беа згрижени, добро сместени и добро напредуваа. Направив повеќе фотографии со децата за да им ги однесам на нивните мајки. Во Либерец ги фотографирав малите деца со кои што беше и синот на Уранија, Дончо. Кога на 6 август се сретнавме со Уранија во Брезница, и ја дадов фотографијата, но таа не можеше да си го препознае детето. Во Прага бевме сместени во хотелот "Париз". Одговорен во грчкото претставништво ("јафка") за Чехословакија беше Максимо. Кога му кажав која сум и дека сум Македонка, тој многу ме засака и ми рече дека заради македонското прашање во триесеттите години, кога, според ставот на Коминтерната, го спроведуваше грчката комунистичка партија за "Автономна Македонија", тој бил затворен од реакционерниот грчки режим. Како што дознав од него, тој беше во немилост од Захаријадис, па не му беше дозволено да учествува во ДАГ и како познавач на францускиот јазик беше поставен на таа должност. По капитулацијата на ДАГ, заминал за Виена и таму починал. Колку е тоа точно не знам.

Добро бев примена во Прага од другарката Синкова, член на ЦК на КПЧ, стар комунист. Таа присуствуваше на Сегрчката конференција на ПДЕГ на 1 март 1949 година, која се одржа во Преспа, на слободната територија во месноста "Африка" и беше многу одушевена од мојот настап и кога ја прочитав Резолуцијата со температура 40° (бев болна). За време на мојот престој во Прага, Синкова ме покани кај неа дома и ми рече: "Ти си мојата ќерка". Заедно со Рула тогаш ни беше сошиен по еден костум хаки кабардин, ми беа дадени и многу други подароци во облека и друго.

Конгресот траеше шест дена. Тогаш ги запознав и Фадеев, двократен херој на Советскиот Сојуз и писателот Константин Симонов, кои постојано беа со нас. Ја запознав и првата жена на Никос Захаријадис, која како член на ЦК на КПЧ присуствуваше на конгресот.

Случајно во салата седевме јас и до мене Рула Кукулу. До мене дојде и седна една руса жена, непозната за мене, со едно девојче

од три-четири години. Го зедов девојчето кај мене в скут и го погалив по главата, му се смешкав, а и тоа мене. Како што сознав подоцна, таа жена беше жената на Захаријадис со неговата ќерка, Марија Новакова, чие презиме во Москва е сменето во Краузова. Русата жена љубезно ми се насмевнуваше и ми зборуваше нешто на чешки јазик. Заврши работата на конгресот. Се спремавме да си одиме. Порфирогенис и Рула требаше да заминат за Грција, Кокалис и Д. Сикавица останууваа, а јас и Павле Раковски требаше да заминеме за Бугарија и оттаму преку Југославија за на слободната територија на Грција, односно јас требаше да заминам во единиците на Беласица каде што беше VI дивизија на ДАГ.

Утрото, пред тргнување, дојде во мојата соба истата таа руса жена што седеше до мене на конгресот, само без девојчето. Ми подаде едно писмо и ми рече: "Само во тебе имам доверба. Ова писмо лично да му го предадеш на Количка - Захаријадис". Ми донесе некои слатки за по пат. Се поздравивме. Ме прегрна и ми посака среќа. Јас бев во недоумица и се прашував: "Зошто токму мене ми го дава писмово?" Порфирогенис беше сместен покрај мојата соба и кога излегуваше да се поздравиме, го прашав која е таа жена што не ја познавам, а ми дава писмо за Захаријадис. Тој ми кажа дека таа жена е жената на Захаријадис. Дури тогаш ми стана јасно зошто мене ми го даде писмото и зошто Рула беше така ладна во однесувањето со неа. Се сетив на пишувањето во весникот "Македонија" од 1945 година, кога работев во НОФ за Соровичко-Кајлерската околија, дека госпоѓата Захаријадис од Атина со авион заминува за Чехословакија.

Не можев тогаш ни да помислам зошто Захаријадис му наредил на Максимо обврзно да бидам прегледана од лекар зашто се сомневал дека имам маларија и да бидам задржана во Прага на лекување. Заедно со Синкова отидовме во една болница. Ми зедоа крв за испитување. Истиот ден бевме по резултатите. Не пречекаа двајца лекари, од кои едниот беше Србин, кој ми се обрати на српски: "Македонко, здрава си како дрен, но сепак земи ги овие лекови". Ми даде едно чудо лекови против маларија, но никогаш не ги употребив, односно ги фрлив.

Тогаш се сетив на дијалогот што го имав со Захаријадис:

По завршувањето на Вториот конгрес на НОФ и на Конференцијата на КОЕМ (25-27 март 1949 година), во првите денови на месец април, Генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис, ме покани на средба во селото Винени – Преспа.

Во тие денови на април 1949 година, неколку денови по ред, Тој испраќаше курир од централниот комитет, кој лично со моторцикал од седиштето на НОФ во селото Папли ме земаше и

ме носеше во селото Винени на разговор лично кај Захаријадис. Прво, Тој ме замоли да се спремам и да зборувам преку радиостаницата "Елефтери Елада" во превод "Слободна Грција", за успесите на НОФ-АФЖ, за Конгресот и да напишам статија за весникот на "Коминфор бирото", "Гја дијарки ирини ке лаики димократија", во превод "За неопходниот мир и народната демократија", кој тогаш се печатеше во Букурешт. Јас тогаш му реков: Па зошто токму јас, нека напише Паскал, Кочопуло или некој друг. А Тој ми рече: Не, Ти сега си позната меѓународно. (Јас тогаш не знаев дека Тие имаат снимено филм за нашата делегација која учествуваше на 2-от Меѓународен Конгрес на жените кој се одржа од 1 до 6 декември 1948 година. Тоа го дознав покасно, дури на истрагата во Москва од преведувачот Аристотели Папуниди, кој ме извести дека во киносалите во Москва се дава журнал за нашата делегација, посебно за Рула Кукулу и за мене, бидејќи и двете зборувавме на Конгресот. Јас и ден-денес не го имам видено тој филм, по се изгледа е некаде зафрлен по некои архиви).

Другиот ден ме праша дали размислив за предлогот од претходниот ден, Јас бев категорична и му реков дека не сум од таквите личности и не можам да ги исполнам тие задолженија.

Тогаш ми рече: Ти, Вера, треба да гледаш во Москва, а не во Белград.

А Јас му одговорив: Јас можам да гледам само до Скопје, во Македонија, толку далеку не можам да гледам.

Со тоа што ми го рече, Захаријадис веројатно сакаше да ме искористи за да зборувам против Југославија за време на Коминформ бирото. Затоа што не се согласив, подоцна Захаријадис ме стави во домашен притвор во Букурешт – Романија и подолго време ме држеше во изолација во странство, подалеку од мојата организација и народот се до август 1949 година, пред поразот на ДАГ.

Ја искористив приликата на средбата и го прашав Захаријадис:

Дали се точни кажувањата што кружат во народот дека ги затворате некои активисти на НОФ и АФЖ?

Ми рече: Ти да не се интересирам за тоа.

Му велам: Како да не се интересирам, каде е секретарката на АФЖ Дана Попова од селото Смрдеш?

Каде е секретарката Софија Ѓакова-Божиница од селото Герма, тие се едни од најактивните наши секретарки, каде е курирот на Главниот одбор на НОФ Атанас Макриевски? И редам и други имиња...

А тој ми вели: Тоа е работа на партијата.

Повеќе не го прашав за ова такви случаи имаше многу, само го замолив дека сега, кога со делегацијата на НОФ ќе заминеме за Софија по покана на Македонското здружение на лична покана од Претседателот Ристо Калајџиев за да присуствуваме на годишнината од смртта на војводата Јане Сандански, го прашав дали може еден ден да останам во Битола да ја видам мајка ми. Ми рече: Зошто да не, можеш и повеќе. Така на 9-ти април 1949 година, до границата со џип ме одведе Минчо и во Битола кај мајка ми останав едно денонoќие.

Тука да напоменам дека со Захаријадис од секогаш имавме другарски разговори и Јас бев многу директна и слободна на нашите средби и отворени разговори за активистите на НОФ.

Истовремено да напоменам дека во албанските затвори и логори за време на ДАГ имаше многу затворени македонски борци од политичките организации но и од ДАГ. Некои останаа и по 10 години, дури по нормализацијата на односите им се даде можност да се вратат во Македонија кај своите семејства, како што беа случаите со Ѓорѓи Турунџиев, Милтијади Попниколовски-Цветко, Атанас Макриевски, Дана Попова и други, некои од нив се вратија и преку Бугарија.

Во мај, не се сеќавам на датумот, Максимо за мене и за Раковски набави авионски билети за Софија. Раковски замина пред мене, а јас по него, и тоа преку Белград заминав за Софија. Седев до еден Југословен во авионот, кој од Прага се враќаше за Белград. “А зошто, ми вели не останеш во Југославија?” “Имам други задолженија”, му велам. Кога слезе од авионот во Белград, му ги дадов динарите што ги имав да ми купи цигари, но додека се врати, авионот тргна и така само се поздравивме преку прозорецот, не успеа да ми ги подаде цигарите.

На аеродромот во Софија ме пречека одговорниот на јафката за Бугарија, другите сите беа заминати. Павле Раковски преку Петрич успеа да замине за Југославија и оттаму за Егејска Македонија. Во Скопје се сретнал со Гоче – Керамитчиев и му го предал писмото за Захаријадис. Тој без двоумење го пренесе писмото и му даде повод на Захаријадис да го свика активот на кадрите на НОФ и да ја донесе резолуцијата на КОЕМ напишана од самиот Захаријадис непотпишана од никого, освен од Павле Раковски.

Што се однесува до дезертерите: Керамитчиев, Гоче, Вангел Ајановски и други, тие можеа уште кога беа во НОФ слободно да си го искажат својот став, а не кукавички и малодушно да ја напуштат организацијата и да дезертираат кога беа најпотребни на теренот. Зошто тие дезертери и удираа клин на организацијата и

на нејзиното доследно раководство оддалеку? Тоа не е достојно, не е човечки.

Од претставништвото ("јафката") во Софија побарав преку Југославија да заминам за Грција, односно во НОФ. Со џип дојдовме на југословенската граница преку Петрич – Струмица. Како обично, никој не ме чекаше на југословенската страна. Одговорните за прифаќање веќе неколку дена, како што ни јавија во претставништвото во Петрич (македончето Јани), никој не доаѓаше, па јас бев принудена да се вратам во Петрич. Бев сместена кај Македонци, еден млад пар со мало дете. Кон мене беа многу љубезни. Јани, кој беше одговорен за "јафката", не знаеше како да постапи со мене. Му предложив да заминам во VI дивизија на Беласица. Другиот ден со неколку бугарски војници тргнавме за седиштето на шестата дивизија. Кај командантот на дивизијата Вазвазанис се сретнав со: Петри Јоргас, претставник на ЦК на КПГ; Еритријадис, секретар на Обласниот комитет на КПГ за Источна Македонија и Тракија, со кого многу добро се познавав од мај 1947 година кога беше задолжен за НОФ и присуствуваше на сенофитскиот актив на 20 мај во Мишовата колиба на Кајмакчалан. Бев другарски примена од Петри и Вазвана и веднаш ме однесоа во колибата во која што беше сместен штабот на дивизијата. Откако малку се одморив, дојде Петри и ми кажа дека тука е Хриса Калимани. Веднаш рипнав и отидов во бараката кај што беше Хриса. Долго траеше нашата прегратка зашто не бевме видени од 1944 година.

Другиот ден беше свикан состанок на партизаните и партизанките. Им ги пренесов поздравите од конгресот на мирот. Им кажав како бевме примени, потоа се по ред за конгресот. Побарав од Петрис и Вазванас што побрзо да бидам префрлена на Кајмакчалан и Вичо. "Јафката" ми рече дека за моето префрлување разговарал со Захаријадис, но преку Солунско Поле не можело да се помине, бидејќи имало многу војска и сите патишта биле контролирани. Ми рече ако сакам да одам преку Југославија може, еве на стотина метра е од нас. Помислив дека е некоја провокација и одбив, ако не можам да одам преку Струмица, бидејќи нашата "јафка" не се јавуваше. Го замолив Петрис да се јави уште еднаш во ГШ за моето префрлување на слободната територија.

Одговорна на жените во шестата дивизија беше Хриса Калиманова, а и на врската со ГШ. Кога повторно се јави, и беше одговорено дека треба да се вратам во Бугарија и во Романија и таму да чекам понатамошни инструкции. Се поздравив со сите. При поздравувањето со Петри, ми вели: "Што, сте се зеле со Мина?" Кога му потврдив, ми вели: "Каде го најде него! Тој има

врски со Тито". "Мина уште е млад да има врска со Тито" - му одговорив, но ми стана јасно во каква положба се ноаѓам и во себе си реков: "Вера, биди претпазлива".

За Петрич се вратив со еден курир, кој имаше врска со "јафката" во Петрич и со Стати, офицер на ДАГ, кој цело време бил во Бугарија. Кога дојдовме на границата, сите три погранични караули беа празни, немаше граничари. Застанавме на тромеѓето. Му велам на Стати: "Ги гледаш тие три караули оти се празни. Така треба да бидат засекогаш". "Зошто?" – ме праша. "Зашто сите три се на македонска земја, тоа е трагедијата на мојот народ, големите сили и реакционерните балкански режими Македонија ја поделија на три држави" – му велам.

Со мене го имав транзисторот што ми беше подарен во Чехословакија од работниците во една фабрика. Поправо ми подарија 6 транзистори, од кои им дадов на Рула и Порфирогени за Главниот одбор на НОФ, за ДАГ, еден на штабот на VI дивизија и еден понесов со мене. Слушавме песни од Грција и од Бугарија. Стати беше воодушевен. Ноќта стасавме во Петрич. Отидов во истата куќа. Кога ме виде домаќинката, многу се израдува, но истата вечер заминавме во Софија со џип, каде што се сместив во куќата на "јафката".

По два дена, ми беа купени билети за воз во Букурешт. Униформата ја спакував во куферот заедно со материјалите од конгресот и некои подароци што ги носев со мене, а носев и една униформа за Минчо. Ми беше обезбедена една цивилна облека. Облечена во неа, се упатив на железничката станица. Таму се сретнав со нашата делегација на жените мајки што ја имавме избрано да ги посетат децата во сите домови во сите народни републики. Меѓу нив беше Донка Калкова, член на АФЖ од моето село, сестра на Лазо Трповски, која ја имавме одредено за одговорна на делегацијата. Се изгушнавме, се избакнавме со сите и си посакавме видување на слободната територија. Тие доаѓаа од Романија да ги посетат детските домови во Бугарија во коишто беа сместени нашите деца, а пак јас заминував за Романија.

На станицата во Букурешт ме пречека Лефтери Апостолу, кој во тоа време беше одговорен на ЕЛАС-Прес во Романија. Ме однесе во една куќа во која беше сместена и Софија (една партизанка која во борбите беше ослепена и чекаше повик да биде испратена во Одеса на клиниката на Филатов, но, како што разбрав подоцна, видот и бил толку оштетен што немало можност да прогледа. Се омажила во Ташкент и имала деца).

По некој ден, во истата куќа, но во друга просторија беше сместен и Никос Дафнис. Тој беше одговорен на грчкото

претставништво (“јафка”) во Скопје за прифаќање на позадинци и ранети од фронтот, за транспортирање на материјална помош на ДАГ од Југославија и од другите републики преку Скопје за Грција, за прифаќање на политички работници, на ранети партизани, односно за грижа за сместување и распоредување во другите народни републики. Грчки “ѓафки” како еден вид претставништво, во тој период во Македонија имаше во Скопје, Битола и во Струмица, па во Ниш и Белград. Во сите народни републики имаше такви “ѓафки” – претставништва. Интересно, во тие “ѓафки” немаше Македонци туку само Грци. Ѓафката во Скопје беше сместена на ул. “Христо Ботев” во зградата на “Винар” (урната во земјотресот) наспроти бившиот Секретаријат за внатрешни работи на Македонија. Кога се затвори границите во мај 1949 година, сите другари од “ѓафките” во Југославија беа повлечени од КПГ, па така и Нико Дафни се најде во Романија по налог на Захаријадис, пречекан од Лефтери Апостолу и сместен во домашен притвор во истата куќа во која бев и јас. Што стана понатаму со Дафни не ми е познато. А пак Лефтери Апостолу (воен револуционер и брат на херојкаата Електра Апостолу) падна во немилост на Захаријадис бидејќи не се согласуваше со неговите постапки. За време на хунтата се врати во Грција и има напишано книга. Почина во Атина.

Лефтер често навраќаше кај нас додека бевме во истата куќа во Букурешт. Секогаш го молев да ми среди да се вратам во Грција, а тој ми кажа дека не ми е дозволено да се вратам, но дека после дваесеттина дена од мојот притвор ќе ме упати на лекарски преглед, бидејќи според дијагнозата на д-р Колигани, лекар при ГШ на ДАГ, се сомневал оту боледувам од туберкулоза. Кај Лефтер инсистирав да одам да ги посетам децата по домовите и ранетите партизани. Не знам дали поради моето инсистирање или по нечија директива, Лефтер ме ослободи од домашниот притвор и ме сместија во зградата на ЕЛАС-Прес во Букурешт. Во таа зграда тогаш се наоѓаа: Апостолос Грозос, подоцна генерален секретар на КПГ, Вурос со еден од началниците при ГШ, жената на Милтијади Порфирогенис, Панајотис Џимас, кој во тој период беше задолжен за издавачката дејност. Вура во еден разгорвор на Грозос му вели: “Море со него лесно поминавме, ама тој другиот е тврд орев”. Ги прашав: “Кои се тие?” Грозос ми вели: “Станува збор за Керамитчиев и Паскал”. Си реков: “Веројатно е во врска со писмото на Гоче и Керамитчиев упатено до Захаријадис и таа фамозна резолуција на КОЕМ”, за која ниту јас имав збор ниту знаев што станува во Грција, освен вестите што ги слушавме од фронтот.

Заминав во детскиот дом во Тулгеш кај нашите деца, се разбира, после лекарскиот преглед со кој се потврди дека бев здрава како дрен. Сето со мојата болест беше измислица на Захаријадис со цел да бидам отстранета што подалеку од организациите на НОФ и АФЖ, од кадрите на народот, да не влијам во корист на Југославија, да не ја кажувам вистината. Се видов во Тулгеш со негувателките, со децата и имав неколку состаноци. Таму тогаш беше создадена ужасна клима. Некои си Каратимијо и Цветко вршеа тортури врз негувателките и учителките, ги малтретираа повозрасните деца. Јас дојдов во судир со нив и им се пожалив на романските власти да ги расчистат тие нездрави односи зашто негативно делуваат на децата. Како што дознав подоцна, некои од учителките со кои подоцна контактирав биле интернирани во градот Клуз како Титови агенти и ги испрашувале: "Што ви пропагираше Вера?" посебно учителката Кула Каранцова од селото Смрдеш.

Неколку дена бев и во домот на Синаја, каде што беа сместени помалите деца, на кои одговорна им беше мојата учителка од основното училиште, Ристана Раткова-Ризова. Таа учителка имаше голема почит од романските власти зашто многу се грижеше за децата. Нејзиниот сопруг Јани беше, исто така, учител, но никогаш не беше вработен поради тоа што беше Македонец, но загина како борец на ДАГ. Ристана со нејзините три деца од селската организација беше испратена за учителка на децата од моето село Д'мбени во Романија. Ценејќи ги нејзините квалитети и го поверија управничкото место во домот на Синаја. Зградата на домот, всушност, била палата на романскиот крал, еден вид негова зимска резиденција, во која доаѓал преку зима на рекреација и лов. Во Синаја имаше и болница. Во неа беа сместени и наши другари партизани. И нив ги посетив. Со Доне Сикавица таму направивме една фотографија. Тој беше член на Секретаријатот на Главниот одбор на НОФ и задолжен за сите наши деца во народните републики. Бевме со него делегати на Меѓународниот конгрес за мир во Прага. Кога ме виде, ме праша: "Што, ти, уште си тука?" "Не прашувај ништо, подобро ќе биде да не знаеш" – му велам. Таму го сретнав и Атанас Малинов, кој се опоравуваше од раните, а истовремено вршеше и учителска должност во домот на Синаја. По капитулирањето на ДАГ, тој заврши Медицински факултет, си дојде во Скопје и како лекар работеше во железничката амбуланта. Сега е пензионер. И сега одвреме-навреме ја погледнувам тогашната фотографија на која сме: Доне Сикавица, неговата сопруга Мулка Џамбазова, учителката Кула Куранцова, Ристо Поптрајанов, Алеко Дуковски и други кои беа интернирани во

градот Клуз како Титови агенти и отстранети од просветната дејност на нашите деца. Сите тие подоцна, во 1956 година, дојдоа во Скопје. Фотографијата ми е спомен од еден тежок период од мојот живот и на други мои соборци.

Ми поминаа дваесеттина дена во посета по домовите. Особено ми беше мила и потресна со ранетите партизани. Ними им раскажав за борбите што ги водевме на теренот во родниот крај.

Кога се вратив во Букурешт, го прашав Апостолу дали има нешто за мене. Ми вели: "Другарке Вера, верувај ми дека многу ми е тешко, но јас не решавам". Ми кажа дека тука се Митревски и Пападимитриу, се вратиле од погребот на Георги Димитров во Русија на 2 јули 1949 година. Сместени се во една наша куќа. Ќе те однесам да се видите. Следниот ден отидовме со Апостолу кај нив. Кога ме видоа, се чудеа што барам тука. Паскал ми рече дека ми изгубиле секаква трага, дека не знаеле каде се наоѓам. Ми вели: "А, пак, Минчо е бесен и само го прашува Бараџота каде си и што станува со тебе, но тој му одговара дека не знае ништо. Се распрашуваше и кај Захаријадис, но и тој му одговара исто дека не знае ништо за тебе, ама можеби останала во Југославија". Всушност, тоа му беше желбата на Захаријадис за да има повеќе докази за нашаѓање на НОФ и АФЖ. Паскал и Пападимитриу ми ветија дека на нивна одговорност ќе ме земат со нив кога ќе заминат. За тоа се согласи и Лефтери.

Сите тројца по два-три дена од Букурешт, со исправни документи што ни ги обезбеди Апостолу, со воз заминавме за Будимпешта. Таму на железничката станица не чекаше Христофорос Гизидис, кој, исто како Лефтери Апостолу во Букурешт, Максимо во Прага, Дафни во Скопје, беше претставник во Будимпешта. По еден ден, Пасакал и Таки заминаа со авион за Албанија и Грција на слободната територија, а мене не ми беше дозволено да патувам.

Тогаш во Будимпешта се подготвуваше да се одржи Меѓународниот фестивал на младината. Хрисостомо ни кажа дека се чека да дојде и нашата младинска делегација на ЕПОН и НОМС. Ми вели: "Што се секираш? Ќе дојде и Мина". Побарав дозвола да ги посетам домовите на нашите деца и нашите ранети во болницата. Ми беше одобрено. Во една болница за тешко ранети ги најдов моите најблиски другари за коишто дотогаш не знаев ништо, и тоа: Наумо Пачков од моето село, Ѓорѓи Пападимитриу-Котрумба од село Рупишта, Ана Мангова од Жупаништа (подоцна сопруга на Ѓорѓи), Паскал Христовски од Брештени, потоа херои на Вичо и Грамос, команданти и комесари, сите тешко ранети, само очите им се гледаа, но со висок морал.

Меѓу овие храбри луѓе поминав неколку дена, а секој час го прашував Христофоро дали има нешто ново за мене. Дури на 5 август 1949 година ми беше одобрено од Захаријадис да заминам. Ова ми го соопшти Хрисостомо пред целиот персонал кога вечеравме пред да заминам. Ми рече дека има билет за мене и утре рано да заминам.Утрото уште во четири часот бев спремна. Униформата ја имав в ранец. Патував во цивилна облека. Ми ја дадоа потребната документација, но не ми дозволија со себе да ги понесам моите лични работи, освен униформата и транзисторот. Повторно сомнителни пречки.

Не, никој не може да поверува што претргав јас тие два и пол месеца. Невиден психолошки притисок се вршеше над мене, не избирајќи средства. Но јас бев и си останав каква што си бев, не можев црното да го кажам бело, а белото црно. Не знаев што се бара од мене. Никој отворено не ми кажува тоа и тоа, за тоа и тоа те држиме тука и таму и затоа не ти одобруваме да си со твојата организација. Подлости, ни чуени, ни видени, недоличности за најобичен човек, а камо ли за комунисти, и тоа врвни раководители.

Сепак, на 6 август 1949 година преку Белград авионски дојдов во Тирана, каде што бев пречекана од одговорниот на "јафката" во Албанија Никос Фереос, со кого се познавав од порано и со џип ноќта бев префрлена во селото Брезница, Костурско, а оттаму со друг џип бев префрлена во селото Папли, Преспанско, во "јафката" на НОФ. Кога ме видоа Паскал и Михаил Маљо, срдечно се испоздравивме и по кратка дискусија за моите перипетии, се упатив во моето одредено место, односно во колибата во која што беше сместено седиштето на Главниот одбор на НОФ. Ниедна од другарките не беа присутни. Го побарав пиштолот, како и мојата ташна со документите, со сликите и со други материјали што ги имав оставено во Главниот одбор. Паскал ми кажа дека по моето заминување, се што му имав оставено на Минчо, кога тој заминал во ГШ на Грамос, апаратот и некои други мои работи тој ги спастрил некаде. Паскал го укорил зашто ги зема моите работи, но Минчо му рекол дека тоа не е негова работа, бидејќи се што беше мое кога Минчо ме испрати до селото Раби на 9 април 1949 година му го поверив нему.

Нашата тајна врска, меѓу мене и Минчо, не ја имавме кажано никому. Другите само претпоставуваа дека има нешто меѓу нас. Дури и Захаријадис беше заинтересиран за тоа каква е нашата врска. Во присуство на секретарот на НОФ Михали Маљо и Тане Наумов, Захаријадис го прашуваше Минча каква врска има со мене. "Таа е наша лична работа" – му одговори Минчо на

Захаријадис. Само другарката Хрисанта Цанзовска, која сега живее во Пловдив, Бугарија, член на Главниот одбор на АФЖ, знаеше за нашата врска.

Слегов во селото Папли, во кое што беше седиштето на Окружниот народноослободителен одбор на Леринско. Таму го сретнав претседателот Ристо Коленцев. Се поздравивме и смеејќи се ми вели: "Каде исчезна ти толку време? Да знаеш колку ми недостасуваше". Ги сретнав другарките на ОНОО и членови на Главниот одбор на АФЖ: Малина Марковска (мајка на два сина и една ќерка, сите партизани, од кои ќерката загина како поручник на ДАГ), Фотеица од Желево, Александра од Штрково и многу други другарки. Набрзо дојде и другарката Марика Елкова, член на Секретаријатот на Главниот одбор на НОФ, која во моето отсуство ме заменувала. Со неа отидовме во едно сопче во зградата на одборот и ме информира за положбата на АФЖ во Леринско и Костурско. Ми вели: "Така како што не остави така и не најде, само е жално што некои од другарките не се меѓу нас, загинаа, паднаа на бојното поле". Најтажно за Марика беше што ништо не знаеше за нејзиниот свршеник Танас Папатријандафилу. За Танас дознав после месец и пол, кога во Елбасан, каде што бевме ние сместени, дојде таму со народот. Се израдувавме што е жив. Кога го прашавме каде беше досега, дискретно, гледајќи наоколу, тивко, да не слушне некој, ми кажа дека бил затворен во Корча и дека таму имало многу наши што биле затворени. Покрај другото, во затворот во Корча Танас бил прашуван и за мене дали ме познава и какви врски имам со Југославија. Врз основа на тие интересирања, Танас ме предупреди дека веројатно ќе бидам уапсена, од такво нешто да не бидам изненадена. За тоа посебно му заблагодарив, а и после долги години при нашата средба во Скопје му изразив благодарност.

Со Марика се упативме во селото Буково. Таму беше сместен нашиот Агитпроп, потоа во село Орово и оттаму во Желево, каде што се сретнав со другарката Махи Пилаева, секретар на АФЖ за Леринси округ. Махи не информира за моменталната ситуација во организацијата, за високиот морал на населението, велејќи ни: "Непријателот нема да помине на Вичо. Војската и народот се спремни за решавачката борба".

Планините: Бела Вода, Лунзер, Вичо, Малимади беа обградени со бункери и ровови од нашите афежетки и борци. Навистина непријателот не можеше да го мине тој обрач, но монархофашистите богато помогнати со тешко оружје, со офицери од Трумановата авијација го заседоа Вичо и влегоа во Преспа. Се дадоа многу жртви. Принудени бевме со борците и населението да

се повлечеме преку граница, во Албанија, во Елбасан, каде што Марика се сретна со својот свршеник Танас Папатријандафилов.

Од Желево со Марика, отидовме во селото Ошчима кај секретарката на АФЖ Љуба Џигерова. Одржавме состанок. Другиот ден се разделивме со Марика. Таа се врати во Преспа, а јас заминав за селата: Трнаа, Руља и Брезница. Во Брезница се сретнав со другарката Уранија Јурукова-Пировска, која од страна на КОЕМ требаше да изврши неколку задачи. Во окружниот НОО се сретнав со претседателот на НОО Крсто Мангов, кој ми беше вујко, братучед на мајка ми, со кого израснав во една фамилија. Средбата со него беше трогателна. Ми пренесе пораки од Минчо, кој само нему му се имаше доверено за нашата врска.

Од вујко ми прв пат сознав дека имало некој состанок во некојуа пештера во месноста "Африка" на кој Павле Раковски донесол некое писмо од Југославија и дека Захаријадис му рекол на Минчо дека е агент на ОЗНА и како Минчо му одговорил. Вујко ми Крсто го тргал за палто Минча и му велел да седи, да не зборува многу. Но, во оваа ситуација во која што се наоѓавме, никој не му обраќаше внимание на тој состанок, било, па поминало, ни претстоеше решавачка борба на живот и смрт.

Се раздена 11 август 1949 година. Повторно со Уранија се сретнавме. Обете на различни страни претходниот ден ги извршивме нашите задолженија. Отидовме надвор од селото Брезница за да се поздравиме со Крсто Мангов. Со некое чудно претчувство, вујко ми Крсто ме фати, ме гушна, ме вакнува и буквално ми вели: "Ако загинеш ти, јас Вена нема да ја оставам, Вена е мајка ми, а ако загинам јас, гледај ја мајка ми и децата". Баба Ристовица Мангова-Лина со мајка ми живееја заедно во една соба во Битола во куќата на Живко Делков на улица "Мирче Ацев" број 6. Со нив беше и жена му на Крсто со едно мало девојче, а другите две деца му беа во Романија во детскиот дом Тулгеш. Тука беа и бабите: Јана Балова и Мара Караџова.

Се поздравивме со Крсто и со Уранија со џип заминавме за седиштето на Главниот одбор на НОФ на едно брдо над селото Папли. Кога влегувавме во колибата, секретарот на НОФ Михаил Маљов зборуваше на телефон со некого. Со раката ни даде знак да застанеме. Од изразот на неговото лице заклучивме дека е станато нешто лошо. Помислив на Минчо да не загинал. Се стресов, Михаил ја спушти слушалката, но не проговори ништо. Не гледаше како омаен. "Кажи што е, што се случило?" – му велиме. "Крсто Мангов загинал со генералот Скотида од истата граната. Сега ми јавија од главниот штаб и тргнуваат за Брезница" – ни кажува. Веднаш тргнав за Папли со џип од моторизираната

единица со која што раководеше Стерјо Мавранза од Рупишта. Ги замолив другарите да ме префрлат во Брезница. Кога стасав на местото на несреќата, двајца офицери на ГШ на ДАГ телото на генералот Скотида Никос Теохаропулос го ставија во еден џип и каде го погребаа не ми е познато. Генералот Скотида беше еден од омилените генерали на ДАГ, а и за време на ЕЛАС, кога служеше во 28. полк на ЕЛАС, многу ги сакаше македонските борци.

Телото на Крсто Мангов беше разнесено од гранатата. Неговите останки ги погребавме во селото Брезница покрај гробовите на Пере Темелковски од Прилеп и еден подофицер на ЕЛАС. Нивните гробови сега не се обележани. Зборовите изречени од Крсто брзо се исполнија, загина тој. Јас го зедов неговото куферче и чантата со документите, потоа искршениот часовник од неговата лева рака и едно килимче исткаено од рацете на баба Ристовица, неговата мајка, која умре во Битола, а ја погреба мојата мајка на битолските гробишта до мојата баба Јагна. Мене тешко ми беше што не можев да ја исполнам желбата на вујко ми зашто кога мајка му почина и самата не знаев каде се наоѓам, единствено знам дека бев во затвор во Москва. Многупати си велев дека Крсто беше среќен што загина зашто, ако беше жив, или ќе беше во затвор со нас или во некој затвор во другите народни републики. Така, на 15 август 1949 падна Вичо. Куферчето и чантата со документите на НОО на Крсто Мангов ми ги зеде Пиракли Мировигли, а килимчето остана во затворот во Тирана.

НЕ ВО РОМАНИЈА ТУКУ ЌЕ НЕ НОСАТ ВО СССР

Бродот ја продолжи пловидбата. Пловиме веќе ден-два. Сфативме дека не не оставаат во Романија туку не носат во СССР. Така и беше. На 23 декември 1949 година стасавме во пристаништето на Одеса. Михаил Маљов и Паскал Митревски мислеа дека ќе не носат во СССР штом не не оставија во Романија. Таму ќе не однесат во некој колхоз да не превоспитаат, Маљо беле: "Ќе не однесат во колхоз, ќе се истушираме, ќе се избричиме, ќе се потстрижиме и ќе не превоспитуваат". Минчо ги слуша тие разговори, на кои што им се приклучија и Лазо Поплазаров и Ламбре Чолаков. И тие го мислат истото. Минчо цело време им се потсмевнуваше на нивните зборувања, па им вели: "Гладна кокошка просо сонува. Ја знаете таа народна поговорка? Ќе не носат во некој затвор на Петар Велики. Таму добро ќе не истушираат, ќе не истрижат и ќе не превоспитаат". Паскал се смее и на Минчо му вели: "Од тебе што не ќе чуе човек. Што не речеш нешто добро!" И навистина беше така. Расудувањето на Паскал и на другите не беше без основа. Тогаш ние имавме такво сознание за Советскиот Сојуз, дека таму нема затвори, ами луѓето на добар, хуман начин ги превоспитуваат. Од каде да знаеме што не чека и дека зборовите на Минчо ќе се обистинат. Тој најдобро ја имаше оценето нашата ситуација.

За да ни мине времето во тој амбар од бродот "Мичурин", од кутиите на папироските и мундуштукот што ни го даваа (најголеми пушачи беа: Паскал, Коленцев и Маљов) направивме траполи (карти) за играње. Игравме на цигари. Кој ќе победи, добива цигари.

На 25 декември 1949 година утрото нашиот амбар во бродот го посетија двајца руски офицери на НКВД. По име и презиме почнаа да не прозиваат. Ние бевме 11 души, а излегоа само 9. Почнаа да викаат каде се уште двајцата. Се разбира, офицерите зборуваа на руски, а ние руски сосема малку знаевме колку што научивме по партиска линија на ЕЛАС и за време на ДАГ, па недоволно го разбиравме нивното викање. Минчо и јас во таканаречениот "долап на среќата" уште спиевме. Паскал ни тропна на вратата. "Ајде бре излегувајте" – ни вели. Долапот беше висок и кога го отворивме и излеговме, офицерите се изнасмеаја, но им рековме дека сме брачен пар.

25 декември во Грција е Божик. Си велиме да свртиме на религиозно белки Божик ќе ни помогне. Да, многу ни помогна во сите следни седум години. Ноќта, на 25 декември 1949 година, во пристаништето на Одеса дојдоа две затворени коли. Подоцна

разбравме дека по жаргонот на затворениците се викале “воронки”. Не стрпаа во колите и не однесоа во затворот на Одеса, ставајќи не по три-четворица во ќелија. Мене и Уранија не ставија заедно. Во одескиот затвор останавме пет дена.

ОД ОДЕСА ЗА МОСКВА

Ех, судбина! Се прославува Нова година, а ние в затвор, и тоа во СССР. Рано-рано на 1 јануари 1950 година не зедоа од затворот во Одеса и пак со истите "воронки" не однесоа на железничката станица. При префрлувањето со затворските коли успеав да видам наоколу уште траги од војната: урнатини, расфрлани железа, купишта камења. Морници ми лазеа по телото. Си велам во себе: "Којзнае колку советски војници се загинати тука, на ова место, бранејќи ја татковината".

Не натоварија во затворски вагони со решетки на прозорците, а вратите под клуч. Двете со Уранија не ставија во едно купе, а пак мажите по дватројца во други купеа. Не придружуваа НКВД-евци. Бидејќи бевме во ист вагон, зборувавме меѓу себе и покрај предупредувањето на нашите спроводници. Зборувавме на грчки за "гостопримството" што ни го приредија Советите, носејќи не во "колхоз" за превоспитување. Јасно тоа се читаше од "беспрекорниот" однос на спроводниците. Така свечено ја "дочекавме" Новата 1950 година. Дочекот, вечерта на 31 декември во затворот во Одеса, а првиот новогодишен ден одиме во сонуваната Москва. Велам "сонувана" зашто сите имавме друга претстава за СССР од информациите за неа, па немаше комунист кој не сонуваше да појде барем еднаш во неа. И ние "бликаме" од радост што пропатувавме во и низ неа.

Во Москва стасавме вечерта на 3 јануари 1950 година. При слегувањето од возот, успеав да прочитам "Киевски Вокзал", Киевска железничка станица. Во Москва на повеќе места има железнички станици во зависност од кој правец доаѓаат или во кој одат возовите. Пречекот "свечен", построен еден вод на НКВД и еденпоеден не ставаа во затворските коли ("воронки"). Имаме чест секој да биде во посебна кола. Внатре нема прозорец, само мала ламбичка свети, а седиштето одвај да се сместиш. Во "свечената колона" од воронки одвај успеав на Минчо и на некои други мои другари да им мавнам со рака и некои од нив и мене. Од тој миг дури по пет и пол години се сретнавме со Минчо и со другите другари, а со Михаил Маљов и Леонида воопшто не се сретнав.

ВО ЗАТВОРОТ ЉУБЉАНКА

По долго возење, воронката застана. Се претворив целата во уво. Слушам се отвораат тешки порти. Воронката влегува и застанува. Се отклучува вратата. Некои слегуваат. Ме отклучуваат и ме слегуваат мене "големиот непријател на СССР". Еден спроводник оди пред, а друг по мене. Ме однесоа во една просторија. Доаѓа еден офицер со некакви хартии во рацете и ме прашува како се викам. Му кажувам. Излегува и ја заклучува вратата. Јасно ми е дека сум во затвор, и тоа не во обичен.

Можеби по половина час доаѓа една жена, на мои години или можеби некоја година постара од мене. Таа е во униформа и ми наредува да се соблечам. "Соблечете се од на себе, како од мајка родена и ајде по мене!" – ми вели, се разбира, на руски. Ме однесе во соседната просторија под туш. Се смеев во себе, мислејќи на зборовите од Паскал и на Михаил во бродот дека ќе не носат во некој колхоз да не превоспитаат, да се истушираме, да се потстрижиме и да се избричиме, а посебно се сетив на зборовите од Минчо за затворот на Петар Велики, но се уште не беше тој вистинскиот затвор на Петар Велики. Се туширав и гласно се смеев. Чуварката од шпионката погледнуваше и на двапати ме предупреди за смеењето. Јас со рацете и го покажав моето голо тело. "Еве за ова" – и велам и покажувам на моето тело.

Повеќе од жалосна беше мојата положба. Моето саркастично смеење чуварката го сметаше дека е на сметка од советската власт, па ја нервираше. И во тоа имаше вистина. Јас поинаку ја замислував советската држава. По третпат чуварката ја отвора вратата. Не успеав дури ни косата да ја исплакнам од сапуницата, таа луто ми дава знак да излезам. Ме однесе во истата просторија каде што се соблеков. Се облеков набрзина. И додека да си ја исчешлам косата и да ја избишам од сапуницата, истата жена ја отклучува вратата и ми дава знак се што е мое да земам, меѓу кои предмети и зеленото војничко ќебенце. Ме однесе во друга ќелија. Таму ја најдов Уранија. "Добро е што сме заедно" – и реков. Но таа средба не траеше долго.

Шкрап-шкруп клучовите и повторно ме носат некаде по тесните ходници со многу врати, скали нагоре, скали надолу. Најпосле, по долго одење, ме сместија во еден бокс, во кој одвај да седнеш. Ме заклучија и преку шпионката секоја минута ме надгледуваат и проверуваат што правам. Јас сум во недоумица: ова е сон или јаве. Мозокот не знам колку вртежи прави во секунда од помисли, претпоставки, размислувам за се и ништо не можам да најдам вина во себе.

Набрзо доаѓа една друга жена НКВД-евка. Повторно ме соблекува како од мајка родена. Ми ги исече сите копчиња од шинелот и од офицерската блуза. Да напомнам дека на 20 април 1949 година кога како делегат на Вториот меѓународен когрес за мир во Прага другарката Синкова, не и го помнам името, инаку член на КПЧ, заедно со Рула не однесе во една шивачка работилница и таму по мерка ни сошија по еден костум хаки, чист волнен кабардин како подарок од жените на Чехословакија, старите униформи си ги понесовме со себе, а пак шинелот го зедов од еден монархофашистички офицер кога во ноември 1948 година со единиците на 18. бригада на ДАГ го нападнавме и влеговме во гратчето Сјатиста, беше изрешетан со неколку куршуми. Оваа советска НКВД-евка ги исече сите копчиња, амблемот на ДАГ од пилотката, војничкиот колан, долгите чорапи, врвките од артилериските војнички чевли, една црвена свилена марама што секогаш ја носев околу врат, огледалцето и на крајот крвнички ми ги откачи од блузата значките од меѓународните конгреси и одликувањата што ги имав добиено. Во тој момент ми се чинеше дека ми ја корне душата, па ја фатив за раката, ја стегнав, таа со другата рака силно удри со клучовите на вратата, барајќи помош од другите за да не ја задавам. Толку ме здоболе тој нејзин гест што не може да се опише, таа болка како да ми го одзеде животот, дури нешто повеќе од тоа Си реков: “Боже, што им сторив на овие луѓе што толку грубо постапуваат со мене?” Таа ја крена ногата и ме удри силно во стомакот како што бев гола. Се зашеметив, но немаше простор во боксот каде да паднам, па и јас ја удрив со ногата, се наведна на sидот. Таа бесно викаше по мене: “Зволч ето не дља тебја”. Повеќе беше бесмислено да и се спротивставувам. Ги пикаше прстите во женскиот орган да не имам нешто скриено и повеќе психолошки да влијае на мене. На крајот го собра пленот, со инает ја тресна вратата од боксот и ја заклучи, како јас да бев најголем убиец или најголем шпион. Можеби во тоа време и така бев прикажана пред советските органи на прогонот.

ВО ЌЕЛИЈАТА 105

Точно да кажам не можам колку беше часот во ноќта, но, веројатно, полноќ, кога повторно се отклучи вратата од боксот и еден НКВД-ец ми викна: "Вихадите!" Пак ме носат по долги ходници, низ врати и во еден двор. Таму пак "воронка". Ја отклучуваат задната врата, ме заклучија внатре и пак ме носат во неизвесност преку пруги, се слуша шум од возила. Подоцна од мојот иследник дознав дека тоа било Министерството за внатрешни работи на СССР. Кога во 1968 година на една екскурзија ја посетивме Москва со мојот сопург, отидовме на плоштадот "Џерџински", го видовме и неговиот споменик, но таму зад ѕидините не се виде ништо, таму се крие страотната Љубљанка во која и ние бевме нејзини жители.

Се слуша дека "воронка" минува низ калдрма, па преку некои шини, пак асфалт. Полноќното возење можеби траеше повеќе од половина час. Воронката застанува. Се отвораат тешки железни врати. Влегуваме во еден двор. Се отклучуваат вратите на воронката. Ми даваат знак да слезам. Слегувам. Ме носат вдесно во една долга порсторија. Повторно ми велат да се соблечам како од мајка родена. Повторно ми ја претресуваат облеката, ме прегледуваат во устата, во косата, во гинеколошките органи и ми даваат знак да се облечам. Доаѓаат двајца млади НКВД-евци. Ми наредуваат рацете да ги кренам и ме спроведуваат едниот е пред, а другиот зад мене, ме качуваат по скали на трети кат, одиме вдесно низ еден ходник на едното крило од затворот. Гледам одлево надолу. Високо е. Помислив да се фрлам одозгора и да се самоубијам. Не може. Забележувам на прозорците долу има мрежа. Одиме по ходникот. Во пресрет доаѓа еден старешина. Застанува пред ќелијата. Скоро на средина од ходникот ни дава знак да застанеме. Ја отклучи железната врата од ќелијата број 105. Ми даде знак да влезам. Влегувам, а зад мене се заклучува вратата. Не видов ништо околу мене, освен црнила. Се сопнав на нешто и пљаснав ничкум на подот. Почнав силно да плачам, да ридам и да липам. Не можам да се смирам. "Боже, си велам, се наоѓам во Москва в затвор како предавник! Ужасно, а јас кога со нашата бригада во декември 1944 година бевме во Битола и се бараа доброволци од македонската егејска бригада (формирана на 18 ноември 1944 година) за СССР, меѓу дванаесетте доброволци да заминат во офицерските училишта се пријавив за авијатичарско училиште и ме запиша Ѓоре Ѓорески од Прилеп, кој тогаш беше инструктор на СКОЈ во нашата бригада, но кога дојде денот за заминување мене не ме прозваа. На тоа јас се жалев кај секретарот

на СКОЈ Минчо Фотев, подоцна мој сопруг. Зар е таа Москва за која толку жалев што не дојдов во 1944 година?!" колку добро ми мислеле: вујко ми Крсто Мангов, братучед на мајка ми, тогаш комесар на баталјон, Филип Калков, интендант на бригадата и Минчо. Тие се договориле и ме отпишале. Подоцна ми велеа: "Како ќе одиш во Русија, уште не е завршена војната, а си една на мајка, можеби ќе загинеш". Од Белград некои од пријавените ги вратија, но повеќето заминаа и завршија воени училишта во СССР. Меѓу нив беа и мои соученици од моето село: Панајот Ралев (заврши артилериско училиште и служеше како офицер на ЈНА во Битола, сега во пензија) и Ристо Целев (по завршувањето на училиштето се ожени со Русинка и остана таму, а подоцна дојде во Скопје да се види со неговите, па ме посети и мене). Тие желби од 1944 година ми се вртеа во главата и сегашниот мој статус во таа Москва и се погласно, поболно плачев. Некогаш Москва за мене беше поим на нешто возвишено, човечко, хумано, а еве што била Москва. "Минчо, викав, каде си, од каде знаеше дека ќе не затворат во затворот на Петар Велики? Не, не, не сум предавник, не го заслужувам ова што се врши врз мене..." Тогаш не знаев дека Лефортовска тјурма е затвор на Петар Велики. Тој Лефортов го изградил овој затвор и затоа уште го носи неговото име.

Од големата возбуда, од плачењето и црните мисли што ми го параа срцето не осетив кога се отвори вратата од ќелијата и зад мене застанал истиот старешина што ми ја отвори вратата во овој пекол. Луто викна: "Вставај!" Станав. Со остар тон ми вика: "Нелзја плакат, нелзја кричат, дење нелзја лежат, нелзја смејатсја!" Јас си ги бришам солзите и му викам со уште повисок тон: "Нелзја, нелзја, нелзја! право нему в лице. Којзнае колку ужасно изгледав во тој момент, бидејќи тој се сврте, ја тресна железната врата и ме заклучи.

Стоејќи простум, ја разгледав ќелијата. Внатре: еден железен кревет со бетонирани ногалки за да не се помрднува, на левата страна пред креветот со масичка исто така со бетонирани ногалки, на масичката чингена чинија превртена наопаку, над чинијата чингена шолја превртена наопаку и на неа лажица. Од десната страна, во ќошот, покрај вратата клозетска шолја, на спротивниот ѕид, железна славина (чешма), малечко лавабо и под него цевката од водата тече во клозетската шолја и се чисти, во левиот ќош радијатор сосема малу загреан, на средина од таванот светилка обвиткана со жица и прозорче, ѕидовите црни, подот бетонски, сосема поцрнат, вратата железна, црна. Се измив од плачењето. Малу се смирив. Ја исчешлав косата и ја измерував ќелијата: 16 стапала долга и 8 широка. Седнувам на креветот. Чувствувам дека

на вратата се крева шпионката и се покажува едно око. На средината од вратата мало вратниче. Се отвори вратата и ми вика: “Лажитес!” Како што бев облечена со шинелот се испружив во креветот, гледајќи со отворени очи кон таванот. Целиот мој живот ми помина како на филмска лента, ми се стори како да ја гледам мајка ми. Почувствував како во мене да расте една огромна сила и почнав гласно да зборувам: “Не, не, не... Морам пак да ја видам мајка ми зашто таа само мене ме има, друг нема никого...” Размислувањето ми го прекина повторното отворање на вратата. Влегува истиот старешина и ми вели: “На следствие!” Не разбирам што е тоа, ми дава знак со раката да излезам. Се прибрав. Со главата горе и излегов. Ми наредува: “Руку назад!” Еден спроводник е напред, еден назад, а јас во средина. Спроводниците даваат знак со прстите и ги чукаат клучовите по ходниците и скалите каде што поминуваме за да не се сретнеме со друг затвореник, ме носат на првото “следствие” (испитување, сослушување). Тоа беше на 3 јануари, 1950 година во три часот наутро, во Лефортовскаја тјурма, затворот на Петар Велики. Ох, бре, Минчо, како предвиде дека ќе не носат во ваков затвор.

ПРВОТО “СЛЕДСТВИЕ”

Ме одведоа во една огромна просторија. На средина имаше голема маса и околу неа повеќе столови. Како што одев, инстиктивно, седнав на еден од тие столови, но офицерот од НКВД, кој дојде близу до мене, ми викна: “Встават, не здес кавана!” Станав. Тој со рака ми покажа на едно столче во ќошот од просторијата. Седнав таму. Пак згрешив. Ги кладов ноздте една на друга и пак офицерот вика грубо: “Овде не е кафеана што седиш така!” Ја спуштив ногата и ги ставив рацете на колениците како што ми наредија. Бев облечена во мојата убава војничка хаки-униформа, која ми беше сошиена во Прага кога бев делегат на Вториот меѓнароден конгрес на мирот во април 1949 година. Таква униформа имаше уште само Рула Кукулу, претседателка на ПДЕГ, жена на Никос Захаријадис.

Офицерот застана крај мене и почна со висок тон и навредливо да ми вика: “Ти си агент, ти си шпион, ти си Титов агент”. Јас вчудовидено го гледав, со отворени очи, здивено, како може така да ми се обраќа и да ги повторува по којзнае кој пат тие навредливи зборови како што ме нарече Захаријадис во Бурели пред триилјадитите борци на ДАГ. Ми зовре крвта. Станав од столчето одеднаш и право в лице му викам уште со посилен глас од неговиот, на што тој еден чекор се повлече назад, а јас му велам: “Јас сум комунист, партизан!” Тој го повторува истото којзнае по кој пат. Пак јас му велам: “Не, јас сум комунист, партизан!” – не можев повеќе да се искажувам зашто не го знаев добро рускиот јазик. Тој ми вели: “Знаеш каде се наоѓаш?” “Знам” –му велам. “Каде?” – прашува. “Во Москва!” “А знаеш што е Москва?! – пак ме прашува. “Престолнина на Советскиот Сојуз” – му одговарам како учениците на час по географија, но го разбирам: со неговиот тон и со таквите прашања треба да повлијае на мене. Но за чудо, од неговите навредливи зборови добивав се поголема сила, во мене се појави желба за борба со тој човек и викав се на повисок глас: “Јас сум комунист, јас сум партизан, јас сум Македонка!” По мала пауза, ме праша на кој јазик сакам да давам искажувња. “На македонски” – му велам. Ми вели: “На бугарски?” “Не знам бугарски” – му велам. Тогаш на кој јазик сакаш да разговараме?” – пак ме парашува. “На грчки” – му велам. Тогаш ми вели: “Јас се викам Евгениј Константинович Никитин”. Удри со прстите и вратата се отвори. Истите двајца НКВД-евци ме презедоа и пак еден напред, еден назад и ме однесоа во ќелијата број 105, во која останав година и пол, цела 1950 година и до јули 1951 година.

Се испружив на креветот со се шинел и се покрив прво со војничкото ќебенце, а потоа со затворското. Не знам колку степени, но беше многу студено. Не е шега јануари во Москва, а јас во мала ќелија. Размилувам: во една ноќ се изменија толку амбиенти, и тоа кој од кој пострашен, сретнав толку непознати, лоши нељубезни луѓе, како да не се од мајка родени. Се обидувам да заспијам, кога повторно се отвора вратата. Влегува дежурниот офицер и ми вика: "Рацете горе! Рацете кога спиеш нема да ги покриваш!" "Боже, што уште нема да измислат овие нелуѓе!" – си велам во себе. Некако изморена од тоа што го претргав заспав, ми се чини со отворени очи гледајќи во таванот. И пак, уште ноќе, се отвора само фортичката (малото вратниче, прозорче на вратата) ми викаат: "Вставај!"

Дежурниот ме предупреди: наутро да станувам во шест, а во десет навечер по трипати дадениот знак со гаснење на светилката да легнувам. Значи, сега е шест часот. Станав. Се измив на чешмата. По некое време, пак се отвори фортичката и ми дадоа: десет грама леб – едно фелче, пет грама шеќер (една коцка) и кипјаток – варена вода и неколку грама сушено овошје што кога ќе го ставиш во топлата вода тоа ќе ја обоеше, стануваше како чај. Тој леб беше за цел ден. Првите денови и тој леб не можев да го изедам, го фрлав во клозетската шолја. Едно утро ме откри дека го фрлам и ми забранија. Ми велат: "Мораш да го јадеш, нелзја". Таму се беше "нелзја". Кон пладне, којзнае колку беше часот, но се гледа од малото прозорче на таванот доаѓаше мала дневна светлина, пак се отвори фортичката. Ми наредија да им ја подадам чинијата. Ми турија чорба од риба со се коски и една лажица каша, која првите денови не можев да ја јадам. Вечерта, којзнае колку беше часот, пак се отвори фортичката и ми подадоа пак една лажица каша, којзнае од што беше, тогаш не знаев.

Три дена распоредот во мојата ќелија 105 беше ист. Не ме повикаа на сослушување, само дежурните ми наредуваа како да се однесувам: навечер кога со сијалицата ќе се даде знак да си легнам за спиење, а наутро во шест часот преку фортичката ме разбудуваа. Постојано размислував за мојата мизерна положба во која што се најдов без вина. Од дното на душата ги мразев зборовите на офицерот при иследувањето: "шпион, агент..." Колку повеќе си споменував за тие навредливи зборови толку повеќе добивав силна желба повторно да се сретнам со тој офицер. Се сеќавав на процесите на нашите другари во Грција организирани од фашистичката власт на Метаксас, па и после од фашистите Италијани и Германци. Тие процеси барем беа од фашисти против комунисти, а јас сум комунист во комунистички затвор од

комунисти, и тоа во Советскиот Сојуз, во Москва, во земјата што ни беше идол во борбата. Почнував да се будам од бунилото.

Си велев: “Ќе видите вие дека јас не сум виновна, не е виновен ни Тито што ме нарекувате Титов агент. За нас се виновни Англичаните, Американците и грчките монархофашисти. Па и Захаријадис му веруваше секогаш на Тито и ни велеше дека најдобри другари од Коминтерната му биле Хари Полит од Англија и Тито од Југославија, а сега повеќе му верува на Сталин, а не на вистината. ”

Ваквите размисли беа причина што се повеќе сакав да се сретнам со мојот иследник и да му речам дека не е во право тој Евгениј Константинович Никитин.

НА 7 ЈАНУАРИ 1950 ГОДИНА НА СОСЛУШУВАЊЕ

Трипати сијалицата на 7 јануари 1950 година се изгасна. Тоа беше знак дека треба да легнам да спијам. Лежев со шинелот зашто беше многу студено. Прво се покрив со малото зелено ќебенце што го носев од ноември 1948 година од борбата во Сјатист, кога со нас ја зедовме и свршеницата на Алеко Русо-Ипциланди, генерал на ДАГ, кој меѓу првите од Ташкент се врати во Грција и се определи за ПАСОК како службеник во Министерството за внатрешни работи. Потоа се покрив со затворското ќебе. Рацете ги ставив над глава според затворскиот ред. Уште не успеав да заспијам, се отвори портичката и ми викаат: "Падјом, на следствие!" Станав, се подготвив, се отвори вратата и излегов од ќелијата. Ќе да беше 22,30 часот. Како секогаш, еден спроводник пред, а друг зад мене. Ме носат по ходници и скали и на крај во приземјето во една канцеларија во која беше истиот иследник, но во друга помала просторија. Покрај него седеше една жена облечена во цивилна облека. Влегов во собата, како секогаш, учтиво ги поздравив. Не ми одговорија ништо, само со раката ми покажа на едно столче во ќошот од собата да седнам таму. Седнав на столчето и пак инстиктивно ги ставив нозете една на друга. Иследникот пак ми се развика: "Тука не се седи така, не си в кафеана!" Потоа потполковникот Евгениј Константинович Никитин, седна на неговиот стол зад масата и почна да ме прашува: како се викам, презиме, кога сум родена, каде сум родена, националност, каде се наоѓаат моите родители. Пред тоа ми ја претстави жената: "Оваа жена што е тука се вика Цакалопулу, таа е поручник на советската армија и ќе преведува од грчки на руски јазик и обратно", а за неговите прашања и моите одговори на нив тој ќе води протокол, кој на крајот ќе ми го прочита и јас треба да го потпишам.

Бев решена на прашањата да одговарам онака како што навистина беше, да ја изнесам вистината и само вистината за да се види дека не сум направила никаква грешка, ни кон КПГ, ни кон Советскиот Сојуз.

Се викам Евгенија Балева. "Не, ми вели, Вие се водите под друго име и презиме". "Да, му одговорив, ме викаат Вера". Ми вели: "Вера Николовскаја. Тоа е кличка (псевдоним)" – ми вели. "Тогаш, ми вели, отсега истрагата ќе ја водиме под двете имиња и презимиња: Вера Николовскаја ана же Евдокија Балева". "Како сакате, јас сум таа истата" – му велам. За цело време на истрагата, во логорите, во интернација и во пасошот кога се вратив од СССР

во Југославија на 25 август 1956 година и мојот син кој се роди во Белград фигурираа двете имиња и презимиња.

-Како се вика татко ти? – ме праша

-Татко ми се вика Никола Балев.

-Каде се наоѓа?

-Во Канада.

-Кога отишол?

-Во 1928 година, на печалба.

-Ќе видиме! –ми вели, а мајка ти како се вика?

-Невена Балева.

-Каде се наоѓа?

-Во Југославија, во Македонија. Сакаа да ја уапсат монархофашистите и избега во 1946 година во Битола.

-Ааа, уште позадоволен и ми вели: "Ќе видиме".

-Што друго имате од семејството?

-Немам никого.

-А што Ви е Минчо Фотев?

-Сопруг.

-Зошто не го носите неговото презиме?

-Не сме регистрирани, си имаме само дадено збор, нашиот брак е склучен на партизански начин.

-Добро. Зошто мајка Ви отиде во Југославија? – го повторува прашањето.

-Бидејќи беше член на АФЖ, па монархофашистите сакаа да ја уапсат и таа во мај 1946 година побегна и беше префрлена во Битола. Тогаш илјадници народ побегна преку граница од теророт на монархофашистите, а нашата куќа до темел беше изгорена. И баба ми Јагна ќе изгореше внатре, ако еден сосед, по име Павле Караџов, не стрчаше да ја спаси, а во неа монархофашистите стрелаа, па го ранија него. И тој сега се наоѓа во Југославија, како и сите постари луѓе од моето село.

-Каде се наоѓа мајка ти? – повторно ме прашува.

-Во Југославија, во Македонија, во градот Битола.

-Татко ти кога отиде во Канада?

-Татко ми Никола уште во 1928 година замина на печалба во Канада и сега живее во градот Торонто. Има негова крзнарска работилница. Јас него не го познавам, бидејќи одвај имав две и пол години кога тој замина.

-Дали се допишуваш со татко ти?

-До 1940 година се допишувавме, но кога на 28 октомври 1940 година почна грчко-италијанската војна, па и за време на германската окупација, а и за време на англоамериканската интервенција не се допишувавме.

-Кога си родена?
-На 2 август 1926 година.
-Каде?
-Во село Д'мбени, Костурско, Егејска Македонија, во Грција. Преведувачката преведуваше, а тој ги запишуваше моите одговори.
-Ти си агент! – ми вели.
-Јас сум комунист! – му велам.
-Ти си шпион.
-Јас сум партизан.
-Ти си агент на интелиџенс сервисот! - ми вели.
-Не! Јас сум комунист, партизанка и ќе пишуваш јас како што ти велам, а не ти како што сакаш! – му велам, на што се согласува.

Ми го даде протоколот да го прочитам Ги читам неговите прашања и моите одговори. Сум задоволна од напишаното и си мислам: "Се борев непрекидно десет години за слободата на македонскиот народ против италијанските фашисти, против германските фашисти, против англоамериканските империјалисти, против грчките монархофашисти, ја докажував вистината за македонскиот народ пред КПГ, па и сега пред СКП(б), ако тоа е грев, нека ме убијат". Така задоволна го потпишав првиот протокол составен ноќта на 7 спроти 8 јануари 1950 година со иследникот на НКВД во Лефортовскаја тјурма во Москва.

По потпишувањето на протоколот, иследникот даде знак и стражата ме одведе во ќелијата. Не знам колку беше часот, но само што легнав, не знам дали заспав или не, се отвора фортичката на вратата и ми викаат: "Падјом". Значи е шест часот наутро. Од прозорчето се гледа дека е темно надвор, но се слуша голема бучава. Така беше секој ден. Не знаев тогаш дали во близината има некоја фабрика или е нешто друго.

Ми носат појадок: 200 грама леб, 5 грама шеќер и кипјаток. Не можам да го изедам. На ручек пак чорба од риба и каша една лажица. Лебот го месам со вода и го фрлам во клозетот неколку дена. Еден ден ме забележаа и ми рекоа да го јадам, не смеам да го фрлам. Другите денови го месев лебот со вода и правев мали човечиња како партизани и ги ставав на радијаторот да се сушат. Ме забележија и пак ме предупредија дека не смеам да се занимавам со непотребни работи. Ме прашуваат што се тие што ги правам. "Тоа се партизаните на Маркос" - им велам, па ми ги уништија сите.

Кога не ме викаа на испитување, цел ден требаше или да седам на "креветот" или да шетам по ќелијата од ќош во ќош, рамно и попреку. Постојано ја мерев ќелијата: 16 стапала долга и 8 широка.

Имав желба за дијалог, иако ме пцуеја, ме навредуваа. Сакав со некого да разговарам. Деновите ми се чинеа години. Недела-две наутро почнав да правам гимнастика. Тоа го знаев од нашите политички затвореници во Грција. Тие ми велеа за да бидат здрави и да имаат кондиција во затворот правеле гимнастика. И за тоа ми направија проблем, "нелзја" да се занимавам со гимнастика. Им се развикав дека тоа го правам за да не се разболам. Почнав и да го јадам појадокот што ми го даваа, со времето и кашата ми стана вкусна. Лебот веќе го изедував уште утрото како локум и почна да ми нестасува. Таа иста храна ја примав цели 28 месеци во затворот во Москва, во ќелија, како што ја викаа "адиничка". Само за Први мај и за 7 Ноември, за време на нивните државни празници, ни даваа манаа каша или овцијанка, но за тие случаи ќе стане збор понатаму.

ВТОРИОТ ПРОТОКОЛ

По неколу дена, колку што ми дадоа знак да легнам, уште незаспана, во 22,30 часот ми викаат: “На следствие, встават!” Ме носат во друг кабинет. Мојот иследник кабинетите за испитување постојано ги менуваше во зависност од карактерот на испитувањето. Тоа подоцна го скопчав: некогаш во попријатен амбиент, во попростран простор, некогаш во сосема потемнет со застарен мебел, но кај мене тоа ништо не влијаеше. Секогаш ќе си седнев на столчето во ќошето, но не седнував додека тој не ми наредеше. Бев дисциплинирана.

Вториот протокол започна со прашањето дали сега мајка ми со татко ми се допишуваат. Му велам: “Од каде да знам”.

-Кога последно се виде со мајка ти? – ме прашува.

-На 9 и 10 април 1949 година во Битола, во Македонија, Југославија.

-Како си отишла таму? – се интересира.

-Како делегат на Главниот одбор на НОФ, заедно со други другари, бевме поканети од Македонското друштво во Бугарија, Софија, да присуствуваме на годишнината од смртта на македонскиот револуционер и војвода Јане Сандански, па му објаснив на иследникот кој беше Јане Сандански и дека КПГ не испрати преку нејзината “јафка” во Југославија. Другарите заминаа неколку дена пред мене, а јас заминав сама, бидејќи побарав од Захаријадис да останам во Битола за да се видам со мајка ми. Захаријадис ми одобри. На 9 април вечерта мојот другар Минчо ме однесе до границата и оттаму со џип на грчката “јафка” стасавме во Битола. Другарите од “јафката” беа известени и отидов во станот каде што живее мајка ми на улица “Мирче Ацев” број 6. Со неа останав еден ден и една вечер и пак ноќе стигнав во Скопје кај грчката “јафка”.

-Со кого друг се виде и кои се тие? – повторно прашање.

-На 11-12 април во грчката “јафка” во Скопје во една зграда на таванските простории во центарот на Скопје, што беше наспроти Министерството за внатрешни работи на Македонија, дојде еден мој другар од моето село Димитар Трповски, кој живееше во Скопје, ме зеде и ме однесе да се видам со мои соселани постари лица, а потоа се видов и со тие раководители на НОФ кои уште во 1948 година дезертираа и останаа во Југославија, во Скопје. Тие се: Михаил Керамитчиев, Вангел Ајановски-Оче, Стеријана Вангелова-Славијанка, Лена Стојкова-Мирка и други. Во разговорот тие ме нападнаа и ми рекоа дека ние се предадовме на Грците. Јас тогаш се налутив и им реков дека тие се малодушни и

дезертери, го оставија народот што го организираа и побегнаа да се скријат, да си ја спасат кожата и своите семејства, а пак ние верни на Партијата и на нашиот народ ќе останеме докрај макар и да загинеме. Се налутив, им ја треснав вратата и отидов во "јафката", а ноќта го продолжив моето патување за Софија преку градот Петрич, каде што ме прати "јафката", Македонец по име Јани. Во Петрич спиев во една македонска куќа. Утрото од Петрич, со курирот од "јафката" и еден од државната сигурност заминавме за Софија, каде што бев сместена во грчката "јафка". Таму ги сретнав моите другари од делегацијата: Павле Раковски, Тодор Кочев-Виктор, Тане Наумов и Вангел Ничев, кои од Главниот одбор на НОФ имаа задолжение по прославата во Софија да заминат на работа во Источна Македонија, а пак јас со Павле Раковски да заминеме во Прага на Вториот меѓународен конгрес на мирот.

Го потпишав и вториот протокол. Се мислев во ќелијата зошто толку ме прашуваа за мајка ми и дали се допишуваме со татко ми. По долго размислување, ми текна. Си правам реконструкција на настаните и заклучив: Информбирото го напаѓа Тито дека отишол по патот на капитализмот, а сега кои се врските, значи какви врски има со Америка и со западниот свет, т.е. ние обвинетите како агенти на интелиџенс сервисот какви врски имаме со Запад, односно јас со татко ми и мајка ми и ми олесна. Задоволна од таа помисла, легнав и заспав. Не знам колку беше часот, колку време спиев, но кога ми викнаа "Падјом!", веднаш станав и првпат се чувствував наспана и добро расположена како да не ми недостасуваше ништо.

ОТСТРАНЕТА ПРЕВЕДУВАЧКАТА ЦАКАЛОПУЛА ПОРАДИ МЕНЕ

Во меѓувреме ги измешав датумите и деновите, бидејќи иследникот почна да ме испитува и дење и ноќе, и во опразник и во делник. Така беше три месеци. Кога едно утро ми носат појадок како обично, на ручекот ми донесоа многу убав боршч и каша ориз, се разбира, мала чинија, но тогаш за мене многу вкусна, а другиот ден мана каша. Помислив дека секогаш вака ќе биде храната. Иследникот не ме повикуваше. Си мислам: "Можеби ќе ме судат", но третиот ден пак почна по старото.

Иследникот ме прашува кога се видов со мајка ми, дали се видов и со некои други лица, освен тие во Скопје и дали зедов некоја обврска од Југославија. Му одговорив дека не зедов ништо од никого и нема зошто да земам некакво задолжение. Ме праша што образование имам, на што му одговорив:

-Во градот Костур одев до трети клас гимназија. Бидејќи во Грција немаше македонски училишта, учевме на грчки јазик. Кога започна грчко-италијканската војна во 1940-1941 година, прекинав со училиштето, бидејќи градот Костур е блиску до Албанија, а моето село е уште поблиску и редовно беа бомбардирани од италијански авиони, а градот Костур скоро цел беше евакуиран во блиските села.

На прашањето дали имам завршено други училишта, му реков: "Во Македонија, во Скопје, од мај 1945 до крајот на јули истата година завршив тримесечен курс при ЦК на КПМ."

На овој мој одговор иследникот почна да се смешка. Следуваа други прашања.

-Од кога и во какви организации беше организирана и какви функции имаше?

-Кога се запишав во костурската гимназја во 1938 година, по Метаксасовата диктатура, сите ученици ги запишуваа во фашистичката организација ЕОН (му објаснив што значи тоа) и мене без да ме прашаат, како и целиот мој клас, не запишаа по име и презиме во таа организација, но во неа немав никаква активност. Во нашето село Д'мбени постоеше комунистичка организација уште од 1932 година и скоро сите младинци и младинки учествуваа во таа организација и редовно плаќаа црвена помош. Мојата мајка уште од 1932 година е член на КПГ. Од фамилијата од која што потекнува мајка ми: баба ми и вујко ми беа во Илинденското востание, всушност моето село има револуционерни традиции. Јас кога се вратив во 1940 година во селото, од мојот сосед Панајот Караџов бев примена во ОКНЕ

(Комунистичка младинска организација на Грција). Панајот загина на Грамос во 1948 година. Од 1943 година членувам во КПГ. Кога се формира СНОФ (Славјаномакедонски народноослободителен фронт), работев како позадински работник во таа организација во Костурско (кажувајќи точно кога и од кого е формирана таа организација). Во мај 1944 година дојдовме во судир и несогласување со линијата на КПГ по македонското национално прашање и една група на борци на ЕЛАС и СНОФ со Наум Пејов и Атанас Коровешовски преминавме во единиците на НОВ и ПО на Југославија – Македонија.

Иследникот внимателно ме слушаше, преведувачот преведуваше, а тој ги запишуваше моите одговори. Јас ги потпишував протоколите, а каде што не се согласував со запишаниот мој одговор, иследникот поправаше. По којзнае кој пат ме праша како и зошто поминавме во македонските единици на Југославија, како бевме осудени на смрт од Окружниот комитет на КПГ за Костурско и таа пресуда растурена со леток по костурските села и во ЕЛАС, како беа вратени во редовите на ЕЛАС по договорот меѓу КПГ и Главниот штаб на НОВ и ПОЈ на Македонија. Се интересираше за се подробно.

Му раскажав како по вторпат со нашиот македонски баталјон на ЕЛАС поради повторно несогласување преминавме во Југославија во октомври 1944 година и како во слободна Битола, македонски град, беше формирана Првата бригада на Македонија под Грција. Сето ова подробно му го раскажував на иследникот. Му раскажав кака на 7 Ноември, на денот на Октомвриската револуција нашата бригада маршираше во Битола и присуствуваше на митингот што беше одржан во чест на 7 Ноември, на кој говореше Светозар Вукмановиќ-Темпо. Тука мојот иследник се разбесна. Стана од столот и почна да вика дека не е вистина, Југославија не го празнува денот на Октомвриската револуција. “Не е вистина. И ден-денес во Скопје на плоштадот се бистите на Маркс, Енгелс и Ленин” и не успеав да ја довршам реченицата, ме прекина, уште повеќе се разбесна, почна да вика, да се доближува до мене, застана над мојата глава и хистерично ми викаше: “Ти си зволоч, ти си агент на меѓународната буржоазија, агент на Тито и Југославија”.

-Не сум ничиј агент. Јас сум комунист и партизан. Македонска сум по националност и Ви ја кажувам вистината таква каква што е. Прашајте ги Вашите дипломати, ако ги имате во Белград, па тие нека проверат дали јас лажам или ја кажувам вистината! – му одговорив, но не знам по кој пат тоа исто прашање и исти одговори од моја страна.

Тогаш иследникот погледна на часовникот и излезе. Останавме двете со мојата преведувачка Цакалопула. Таа жена тогаш ми кажа дека е Гркинка од Кавказ и дека е офицер на Советската армија, дека има ќерка која многу личи на мене и почна да плаче. Ми вели: "Немој да се нервираш". Стана од столот каде што седеше близу до иследникот и дојде до мене. Ми подаде едно шамивче, бидејќи мене постојано ми течеше носот зашто бев настината, само шмркав и со раката се бришев. Ми вели: "Иследникот нека ти задава тешки прашања, ти пак одговарај му по твое, не плаше се". "Не се плашам, ама не очекував дека во Советскиот Сојуз ќе се најдам во ваква положба, за првата земја на социјализмот јас имав друго мислење."

Се врати иследникот и почна да ме прашува какви функции сум имала во ДАГ. Му зборував за ДАГ, за тоа каква организација е НОФ и пак ме навредува: "Зволоч, агент, предавник..."

Погледна во часовникот. Дојде над мене со една хартија и ми вели да го прочитам напишаното. Читам коректно се регистрираии моите одговори, ама тој е незадоволен. "Ну", ми вели откога го потпишав протоколот. "Да", велам. "Ќе видиме понатаму, ќе признаеш" – вели. "Ќе признаам само тоа што сум" – му одговорив. Потоа даде знак да ме одведат. Се појавија двајца НКВД-евци. Едниот пред, другиот зад мене, јас во средина со рацете одназад, и пак по ходници и скали, даваат знак со клучовите да не се сретнам со друг затвореник и ме затворија во ќелијата.

Така се редеа протоколите од испитувањата година и пол. Осумнаесет месеци во Лефортовскиот затвор во ќелијата број 105, на трети кат. Во тоа време само за кусо ме преместија во друга ќелија на истиот кат, малечка, но "поудобна", а потоа пак ме вратија во 105.

Кога по третпат ме повика иследникот на испитување, мојата преведувачка Цакалопула ја немаше. Беше присутен еден повозрасен човек. Ми се претстави дека се вика Јоанис Иоанидис. Многу добро го знаеше грчкиот јазик, бил професор, а бил и во Грција. За разлика од Цакалопула беше многу арогантен. По секоја цена сакаше да се покаже пред газдите дека е лојален. Ми поставуваше и негови прашање, на што јас протестирав, а и ме навредуваше. По извесно време ми беше претставен и трет преведувач. Се викаше Аристотелис Папунидис, поручник на Советската армија. Иоанидис доаѓаше многу ретко, веројатно кога го немаше Папунидис.

Цакалопула, мојот прв преведувач, ја отстранија поради тоа што како жена не можеше да го издржи тој режим, а најверојатно заради искажаната сентименталност кон мене.

РЕЖИМОТ ВО ЌЕЛИЈАТА: НИ ДА ЖИВЕЕШ, НИ ДА УМРЕШ

Преку шпионката на вратата бев следена. За се дежурните го известуваат иследникот. Не смееше ништо да направиш што не беше одобрено. Толку суров режим беше што не те оставаа ни да умреш, ни да живееш. Жив а мртов.

Се миев без сапун. Само на 15 дена ме носеа на туш во приземјето на затворот. Тогаш ме носеа женски лица. Ќе ми дадеа мало сапунче и уште не сум успеала да ја измијам косата, ќе ми викнеа: "Канчај", готово. И кога се капев ме гледаа преку шпионка, било машко, било женско зашто тие во мене не гледаа човек туку скот. Тогаш ми даваа и долна облека: машки долги гаќи и долга кошула. Мојата долна облека што ми ја оставија при претресот набрзина ја наквасував, ја сапунав и со неа се триев, а на тој начин и да ја исперам. И кога ме иставаа од ќелијата за бањање и кога ме враќаа од бањање ме претресуваа за психички да ме малтертираат, но веќе отрпнав на се, бев решена да не отстапувам од вистината, па што ќе биде нека биде со мене. Кога не загинав на фронтот како херој, нека ме стрелаат овде.

Одвреме-навреме ќе помислев каде се Минчо, Паскал и другите. Дали и тие се во истиов затвор, во некои од блиските ќелии. Помислата на нив ме охрабруваше да издржам секаква тортура, па дури и нека ме стрелаат, ама барем да ме изведат пред народ да ме судат, ако за нешто сум виновна. А мојата вина беше една: затоа што сум чесна Македонка.

Триесет и два месеци бев под истрага: 3 во Албанија и 29 во Русија. За тоа време се испишаа протоколи и што ти не друго со томови. Сигурно тие се чуваат во Москва, па кога и да е ќе можат испитувачите на вистината, нашите историчари да ги прочитаат и да видат што сме претрпеле ние за својот народ, што доживеа македонскиот народ од Егејска Македонија по капитулацијата на ДАГ. Оваа документација, како што ми рекоа некои наши историчари, веќе била донесена во Архивот на Македонија – Скопје.

ПАДНАВ ВО БЕСВЕСТ НА СОСЛУШУВАЊЕ

Неиздржливи сослушувања. Досадни, едни исти прашања и на нив да даваш исти одговори. Не беше тоа случајно, туку да ти најдат нешто за обвинување. Седната на столчето во ќошот од одајата морам на сите глупости да одговарам. По којзнае кој пат кажувам како и зошто дојде до префрлувањето во Југославија на нашата единица, па со кои лица, за Егејската бригада, за НОФ и така со ред.

Одговарав на поставените прашања точно така како што навистина беше. Му реков на иследникот дека некои од тие луѓе што ги наведов се овде, во Москва, но не знам каде се, можеби се во блиските ќелии до мојата, а тоа се: Паскал, Минчо, Поплазаров, Чолаков, Хаџијанов, Пировска, Раковски, Коленцов, освен Маљов, кој не беше со нас, а некои се во Југославија. За другите не знам каде можат да бидат, доста загинаа во борбите, други се во грчките затвори. За момент го повишив тонот и им велам (на иследникот и на преведувачот): "Срамота е што Вие мажот ми го држите овде в затвор, а неговата мајка Александра со три малолетни деца ја уапсија монархофашистите, прво ја одведоа во Костур, па ја осудија. Лежеше затвор во затворот "Аферов" во Атина, им ја запалија куќата и се затоа што Минчо беше партизан, а Вие него како комунист го затворивте во комунистичка Москва. Каква иронија на судбината негова и на сите нас. Неговиот брат Фоти уште неполнолетен загина во 1944 година во борбата против германската окупација".

-А каде е неговиот татко? – ме прашува иследникот.

-Тој е во Југославија. Таму пребегна за да не биде уапсен и стрелан од монархофашистите, од што таму се најдоа и илјадници други луѓе од Егејска Македонија! –му велам.

-А каде е семејството на Паскал Митревски? – се интересира.

-И тоа е во Југославија. Таму пребегна со илјадници Македонци и Грци за да не паднат во рацете на монархофашистите.

Продолжија испитувањата за сите подробности за другите од мојата група, за нивните семејства каде се и нивните имиња и презимиња. Јас им ја кажав адресата на мојата мајка Невена дека живее на улица "Мирче Ацев" број 6 во Битола, Македонија, Југославија. На прашањето кој е тој Мирче Ацев, им раскажав за тој македонски херој. Јас кажувам, тие пишуваат што им е во интерес. Поопширно ме испитуваа зошто со нас е затворен Михаил Маљо кога тој не бил во Југославија. Им реков: "За тоа прашајте го Никос Захаријадис. Тој нека Ви каже, а јас не знам. Можеби затоа што како секретар на НОФ си ја вршеше доследно и

чесно својата функција и не дозволи ничие влијание во организацијата НОФ". Ме испитуваа подробно за неговото потекло. Тоа многу ги интересираше. Што знаев се им кажав.

Секоја ноќ од 23 до 5 часот наутро ме носеа на "следствие". Тоа ме исцрпуваше. Неподносливи беа малтретирањата, а и без сон. Ми се чини дека беше сабота навечер кога бев на "следствие". Едно време, како што седев на столчето во ќошот на канцеларијата, ми се смати во главата и паднав во несвест. Не знам потоа што било со мене. Не знам: кој, како и кога ме внесле во ќелијата. Колку долго сум лежела во ќелијата, само кога влегле во ќелијата една жена во бел мантил и дежурниот офицер, застанале над мојата глава, ме разбудија со зборовите: "Ставај!" Се стресов од викањето. Некако успеав да станам. Ме седнаа на "креветот". Лекарката ми стави шок-инекција во тилот и пак ме оставија да лежам. Не знам по колку време (денови и вечери) го слушам познатиот глас: "Падјом". Станав. Се измив. Седнав на креветот изгубена. Се обидов да си ги средам мислите, да се сетам што се случи со мене. Се чувствував подобро и расположена. Штом дојдов присебе, штом сосема се освестив, си зборувам самата на глас: "Значи овде не ти даваат ниту да умреш, ниту да живееш, туку да те држат во живот и да те користат како скот. Ти нема Вера тоа да го дозволиш! Држи се како досега! Собери сили и почни по малу да глумиш. Не дозволувај тоа што не си да те направат" И викам колку што глас ме држи: "Нема, нема, нема..." На моето викање се подотвори портичката и се слуша познатиот глас: "Малчи!"

Една чудна сила во мене ми зборуваше: "Ништо не ти можат, ништо не ти можат!" Така се бодрев самата себеси. Чудни се тие чвствувања. Нив можат да ги разберат само тие што такво нешто доживеале, само таквите можат да ми веруваат.

"Ти Вера, продолжив да зборувам во себеси, не си сторила ништо против нив. Не можат да те обвинат зашто си родена Мадедонка, зашто си била во Југославија, па и тие биле. Ете и Сталин на Тито му додели орден за победата над фашизмот".

ПО ОНЕСВЕСТУВАЊЕТО, ЗА МЕНЕ ПОГОЛЕМА "ГРИЖА"

Зборувајќи си така, се отвора фортичката и ми подадоа, како секое утро, 200 грама леб, 5 или 10 грама шеќер и топла вода кипјаток со малку сушени овошни плодови за топлата вода да добие боја на некаков чај. Тоа ми беше катадневниот појадок, а, пак, за вечера чорба од риба со коски, повеќе вода, и една лажица каша. Таа вечер пак една лажица каша или боршч и ми ја побараа лажицата, во која ми турија рибино масло. Тоа ми беше како лек скоро цел месец. Со рибиното масло закрепнав, многу ми помогна за здравјето. Организмот свикнува на гладување, а пак јас и во партизани имаше денови кога со другарите бевме сосема гладни. Се потсетував на 1 мај 1946 година. Тогаш во Радуш три борби водевме во еден ден со монархофашистите. По тие борби петнаесет дена со другарите на планината Вичо јадевме само лисја од бука, киселец и други тревки, пиевме планинска вода и бевме крепки. Немавме храна зашто сите околни села беа сардисани од монархофашистичката војска, не бараа нас, но тогаш се плашеа да навлегуваат во шумите. Кога тогаш преживеавме, и сега ќе преживеам.

Не ме викаат на "следствие" неколку дена. Никако не можев да ги погодам деновите зашто не знаев колку дена бев во бесознание. Го изгубив редоследот на датумите и деновите, а беше многу студено во тие денови во ќелијата број 105 во Лефортовска тјурма во Москва.

Третиот ден по освестувањето, после шест часот утрото, како обично, го даваат појадокот. Се слуша како по ред се отвораат фортичките еднаподруга од моето крило на затворот. Повторно се отвора мојата фортичка. Дежурниот офицер ми вика: "Давај скорej крушку" (подај ми ја бргу шолјата). Јас му ја подавам шолјата. Тој ми ја наполна со шеќер. Ми вели: "Цуќур, цуќур" (шеќер). Украинците шеќерот го викале цуќор. Веројатно офицерот бил Украинец. Така беше и на ручекот и на вечерата. Што ќе останеше каша од другите затвореници ми ја даваше мене. На "следствие" не ме викаат, храната ми се подобрува. Си мислам: "Можеби нешто ќе се измени", а што ќе биде тоа не можев да заклучам. Другиот ден ми го даваат паакот, така го викаа појадокот, тоа што следува, како и претходните денови, без додаток на шеќер и каша. " Можеби зашто не бев добра ми дадоа повеќе", си мислам во себе.

Третиот ден, кога беше дежурен тој ист офицер, што остануваше откај другите затвореници ми го даваше мене. "Давај крушку,

цуќер, давај тарелку, каша" – ми велеше. Така беше секој трет ден околу 15 месеци во ќелијата број 105 кога беше дежурен овој офицер. Се поправив. Си направив распоред секој ден да имам исто шеќер. Од кои побуди тој офицер така љубезен беше кон мене, зошто ми даваше повеќе не знам. Можеби на тоа крило од затворот само јас бев жена или зашто бев странкиња. Не можам да си објаснам. Или зашто беше Украинец, или некои негови виновни и невиновни со стотини илјади мажи и жени, малолетни и возрасни беа во логорите во Сибир, осудени како Бандеровци, Власовци или зашто малолетни девојчиња заробени слугувале во германски домови, или зашто беа во офицерска униформа... Како и за што било, и во такви околности, што вели народот, ќе се најде некој од мајка роден.

Некаде по недела-две денски ме викаат на "следствие", но во поширока просторија, попријатна. Одењето до таму вообичаено (еден спроводник напред, друг зад мене, јас во средината со раце одназад). Кога влегов, поздравив, но иследникот никогаш не ми одговараше на мојот поздрав и чекав да ми го рече неговото "Садис". Седнав на столчето во ќошот. Со иследникот преведувач е Аристотелис Папунидис.

Иследникот ме прашува како се чувствувам. Кога му реков: "Добро", почна да ме укорува дека не се придржувам на редот. "И да сакам да не се придржувам морам зашто нема што да правам во ќелијата" – му велам. Тој пак ми прави забелешка зашто правам гимнастика. Тогаш се налутив и се развикав на цел глас: "Јас не сакам да се разболам, сакам да живеам, а пак ако тоа не го сакате Вие, тогаш, ако сум виновна за нешто, стрелајте ме, што ме мачите!" За првпат му реков "стрелајте ме". Мојот преведувач не го знаеше добро грчкиот јазик за тоа добро да му го преведе, па јас се мачев на руски да му кажам што значи "стрелајте ме".

По којзнае кој пат ми поставува исти прашања. Пак почна со тоа негово: "Кажи за твојата националистичка дејност!" Му велам: "Ако тоа што не се согласуваме со КПГ по македонското национално прашање го сметате за национализам, тогаш не знам што е патриотизам", па пак подробно му кажувам како дојде до тоа разидување, за заминувањето во и враќањето од Југославија, за Првата егејска бригада, за нејзините луѓе, за прославата на денот на Октомвриската револуција во Битола, а за сето тоа што го кажувам можат да го проверат преку нивната дипломатска служба и ако нешто не е точно од ова што го кажувам, нека ме судат.

Тој пак провокативно ме прашуваше за мојата "шпионска работа во ДАГ". Како јас, така и другите уапсени сме вршеле "подревнују работу" во редовите на ДАГ. Категорично тоа го одбивав дека не е

точно, дека тоа е клевета зашто ние со другарите Грци ја создадовме ДАГ и дека нешто што сам си го создал не можеш да го урнеш. Македонската организација НОФ го организира македонскиот народ, кој масовно учествуваше во ДАГ од 14-годишни до 80-годишни мажи и жени и даде огромен број жртви во борбите против монархофашистите и нивните помагачи англоамериканци. Ние не сме причина за поразот на ДАГ, туку ЦК на КПГ на чело со генералниот секретар Никос Захаријадис. Следеа најпогрдни зборови, викања, пцовки, "бљат, зволч, агент, врјош" и што уште не од иследникот.

На ваквите навреди, клевети и лаги веќе отрпнав, но му реков само во протоколот да го запиши тоа што јас го велам, а не тоа што нему му одговара, во спротивно не го потпишувам.

Таквите испитувања се продолжуваа дење и ноќе, со денови, недели и месеци, само да изнајдат нешто што би изменила од претходните искажувања. Меѓутоа, јас немаше што да изменам, бидејќи ја кажував само вистината. Само човек што лаже може да греши.

ПО ГЛЕДАЊЕТО НА ЖУРНАЛ ЗА ВТОРИОТ КОНГРЕС ВО БУДИМПЕШТА, СТАНАВ "ВЕРОЧКА"

Понекогаш ме испрашуваше, покрај мојот иследник, полковникот Виктор Петрович Фирсоф. И тој ми поставуваше навредливи и провокативни прашања. Подоцна разбрав зошто било тоа. Тој го испитувал Паскал Митревски и ги споредувал моите одговори со од Паскал.

Сигурно беше 10 март 1950 година. Мојот иследник Евгениј Константинович ме прими некако пољубезно. Не можев да доловам во што е работата, а ме прими накако во покомфорна просторија и, вртејќи со главата, се доближи до мене, што дотогаш тоа не го имаше направено, и ми вели со умилен тон: "Е Николовскаја, Николовскаја, ти сега се наоѓаш заклучена во Москва в затвор". "Тоа добро го почувствува" – му велам.

-Ти не би требало да си тука! – ми вели.

-Знам дека не требаше, но Вие ме донесовте тука. Јас не заслужувам да сум тука, да сум изолирана од светот како најголем престапник, а не сум – му велам.

-Ако не си била, немаше да седиш тука, можеби било поинаку.

Не можев да одгатнам што е ваквата промена во испитувањето, дали нешто се измени во истрагата, дали дојдоа до некои нови сознанија или тактизираат.

Кога излезе иследникот, тој одеше на појадок или на вечера, мојот преведувач Аристотели Папуниди стана од неговиот стол, се доближи до мене и ми вели: "Ех Верочка, Верочка! Завчера беше 8 Март. Знаеш, ние овде тој ден на жените им купуваме духи, подарки. Јас на мојата жена и купив од најскапите духи, па на 8 Март вечерта ја одведов на кино. Даваа журнал од Вториот меѓународен конгрес на жените во Будимпешта и кога те видов тебе партизанка насмеана и во истата униформа што ја носиш сега, целиот се стресов. Жена ми тоа го забележа и ме праша што ми е. Јас и велам ништо, таа е грчката делегација, тие тамо што се бореа дојдоа на конгресот делегати за да му кажат на светот дека, освен против Германците, сега се борат против Американците и уште не се ослободени. Ех, Верочка, Верочка, за тебе се прикажува филм, а ти тука. Кога би знаела присутната публика на филмот дека оваа жена сега се наоѓа во затвор во Москва, каква иронија на времето би била".

-Таква ни е судбината. Кога еден народ ќе ја изгуби револуцијата, најдобрите борци ќе ја плаќаат – му велам.

Се врати иследникот и првпат ме прашува: "Курите?" ("Дали пушите?". До тој миг немав ставено цигара в уста. Секогаш во

партизани ги собирав цигарите кога одевме по селата и им ги давав на другарите. Во мојот ранец секогаш чував и хартија за цигари, дури и исечоци од весници и тутун кога ќе им се завршеа цигарите на другарите ќе им подадев, за што ми беа многу благодарни. А сега, уште недоречен зборот на иследникот, без никакво мислење, му одговорив: "Да, курју".

Излезе од канцеларијата и ми донесе неколку папироски, велејќи ми: "Вазми, дља женштини". Јас веќе знаев за женскиот празник од Аристотели, кој ми подаде неколку цигари и ми рече: "Скриј ги во џебот и не кажувај дека јас ти ги дадов". Иследникот ми даде и неколку кибритчиња. Тој ден, на 10 март 1950 година, јас првпат во животот запалив цигара "бокс" со махорка, една од најнеквалитетните цигари во СССР, додека на Аристотелис беа "казбек". Оттогаш и ден-денес со интервали продолжувам да пушам.

После оваа неочекувана пријатна церемонија, почна испитувањето. Ме праша како, со кого и по кој пат отидов на Вториот меѓународен конгрес на жените во Будимпешта. Му раскажав од а до ш.

-На 3 октомври 1948 година во селото Рудари, во Преспа, Леринѕки округ, беше свикан актив на военополитичките кадри на НОФ. На тој актив присуствуваше лично и генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис. На активот се расправаше, покрај другото, и за настанатата ситуација во организацијата НОФ по отстранувањето на Паскал Митревски од секретар и Михајло Керамитчиев како претседател (според организационата структура, секретарот беше политичка фигура во НОФ) и беше заземен став да се отстранат од организацијата, од тоа беа видни штетните последици за организацијата НОФ. По завршувањето на активот, во истото село, во присуство на Захаријадис, кој тогаш лично раководеше со НОФ, на Вангел Којчев како привремен претседател и Ставро Којчев како секретар и потпретседател на НОФ и секретар на АФЖ јас, Захаријадис го повика прво Паскал Митревски да се изјасни каде сака да оди по суспендирањето од Главниот одбор на НОФ, односно од секретар на организацијата. Паскал одговори: "Јас сум борец и каде што ќе ме испрати Партијата таму ќе одам". Захаријадис му рече: "Ќе одиш во ДАГ како обичен војник". Паскал му одговори: "Ќе одам, Ви благодарам за понудата" и замина.

После Паскал, во присуство на нас наведените тројца од НОФ и Захаријадис, беше повикан Михајло Керамитчиев. Захаријадис истото што му го рече како на Паскал му го рече и на Керамитчиев. Керамитчиев изјави дека неговата здравствена

положба не му дозволува да оди во армијата (ДАГ), бидејќи има епилепсија и на неговата психа многу негативно влијаат авионите (пред овој состанок, Керамитчиев на двапати, по предлог на Павле Раковски, симулираше напади: еднаш во селото Буково и еднаш во Брезница, што беше на потсмев од народот). "Па добро, му вели Захаријадис, каде сакаш да одиш?" "Ами, ако може, овде на слободната територија да останам или, пак, да бидам испратен на лекување" – вели Керамитчиев. "Каде сакаш: во Албанија или во Југославија?" – го прашува Захаријадис. "Сакам во Југославија" – се решава Михаил Керамитчиев, на што Захаријадис му рече: "Добро".

Паскал Митревски веднаш по состанокот со Захаријадис стапи како обичен борец во 107. бригада на ДАГ, а Михајло Керамитчиев замина во Југославија на "лекување" со 813 лири на организацијата НОФ, без да му се јави на новото раководство, од кое раководство ги зема тие пари, без да им каже.

На тој ист состанок Захаријадис ми рече дека и јас треба да одам во ДАГ. Веднаш се согласив. "Ќе одиш, ми вели, во 18. бригада на ДАГ како помошник на политичкиот комесар (тогаш политички комесар на 18. бригада, која се сметаше за македонска, беше Ташко Гушевски-Маки, а командант Пандо Вајната), но, ми вели Захаријадис, ќе раководиш истовремено и со организацијата АФЖ и со НОФ, ти не си лишена од должностите".

Откако си ги средив работите во организацијата, по еден одржан состанок во селото Папли ја одредив другарката Марика Елкова додека сум отсутна да ја следи/раководи организацијата АФЖ во округзите, на крајот од октомври 1948 година заминав во 18. бригада на ДАГ. Таа бригада (18.) во ноември доби посебна задача од ГШ на ДАГ да се пробие во заднината на непријателот. Заедно со бригадата и јас заминав на планината Синьачно и околу неа, каде што водевме борби. Зедов учество во борбата во гратчето Ератира-Селца. Во таа борба имавме голем успех и извршивме мобилизација. Таков успех имав и во гратчето Сјатиста. Во Кајлари и во неколку села во Кајларско Поле немавме некој посебен успех, бидејќи многу беа наоружани селските парадржавни чети, а во акцијата за мостот Неаполи немавме успех бидејќи бевме предадени.

Кон крајот на ноември 1948 година Штабот на 18. бригада на ДАГ доби телеграма во која се наредуваше: "Другарката Вера и Алекси Парни веднаш да заминат за Главниот штаб". Така, заедно со Алекси со коње патувајќи два дена и една ноќ стасавме во Преспа. Алекси Парни тогаш беше известувач на Главниот штаб (подоцна во СССР заврши студии, беше писател, имаше вила под

Москва до вилата на Константин Синонов, во својата поезија многу го величаше Сталина, а сега живее во Атина). Веднаш по доаѓањето во Преспа, бев примена од Захаријадис и ми беше речено веднаш да заминам за Будимпешта, бидејќи другите членови на делегацијата пред некој ден заминале и ако побрзам сигурно ќе ги стасам во Софија. Во Главниот одбор на НОФ се задржав ден-два, бидејќи другарите ме известија дека се појавиле некои тешкотии во месните организации по нашето заминување. Членството прашувало што е причината за нашето заминување. За тоа кој како умееше така ги убедуваше луѓето, но главниот акцент е да се помогне фронтот со сите можни средства. Другарката Марика Елкова ме информира дека АФЖ оди добро, сите жени се вклучени, како и членките на АФЖ кои работат во народните одбори и избраните делегатки од АФЖ Махи Пилаева и Малина Марковска (Махи Пилаева беше секретарка на АФЖ на Леринси округ и член на Главниот одбор; Малина Марковска член на Главниот одбор и член на НОО на Леринси округ, таа со целото семејство беше во борбата: синот Пандо, синот Ѓорѓи (сега живее во Канада) и ќерката Архонда, која загина како потпоручник на ДАГ со офицерско училиште; двајцата синови сега живеат во Скопје, а таа во Скопје почина пред некоја година) заминале на конгресот. Малина ја претставуваше македонската жена на Меѓународниот конгрес во Будимпешта. Беше облечена во народна носија. Од ДАГ беше Афродита од селото Горенци, Костурско, офицер на ДАГ, умре во Ташкент. Махи Пилаева е од селото Екшису, Леринско, како емигрантка беше во Чехословакија, во Брио и од таму се пресели во Атина, бидејќи мажот и е Грк, од каде што на двапати ме има посетено во Скопје и тука почина.

Во селото Желево, по одржаниот состанок, се поздравив со другарките и со другарите Којчев и Кочев, како и со мојот другар Минчо, со кого доста време не сме се виделе и подробно го известив за настанатата ситуација во НОФ по неговото заминување. Тоа за него беше изненадувачко и ме прекоруваше зашто сум допуштила така да биде. Му реков дека и самиот знае какви се не влијанија имаше во НОФ и го уверував дека ќе биде подобро. На заминување ме предупреди: “Внимавај каде ќе одиш и со кого ќе се движиш”. Беше во право, бидејќи имаше поголемо искуство од мене. Минчо ми даде и некои документи да ги оставам во Битола кај мајка ми на чување.

Уште на 23 октомври 1948 година, на основачкиот состанок на ПДЕГ во селото Рудари, Преспа, кога беше избрано раководството, се избра делегација на ПДЕГ (Сегрчки

демократски сојуз на жените) и на АФЖ која ќе ги претставува жените на Грција на Меѓународниот конгрес во Будимпешта. Во селото Рудари, во тоа време, беа сместени таканаречените "ембеда", тука се увежбуваа новодојдените од другите републики и мобилизираните за ракување со оружје и оттаму се испраќаа по единиците на ДАГ.

Преку "јафката" ноќе дојдов во Битола. Таму се видов со мајка ми. Од Битола дојдов во Скопје, каде што Ипсиландис остана за да мине на друг правец. Јас идната вечер заминав за Софија преку Струмица и Петрич за да се приклучам на нашата делегација. Низ Југославија ни префрлуваа луѓе од безбедноста на Македонија, а низ Бугарија од државната сигурност на Бугарија. Во Петрич на "јафката" ме прифати едно Македонче по име Јани. Тие беа "ѓафки" на КПГ. Таму бев сместена во една македонска куќа. Другата вечер заминав за Софија. И таму бев прифатена од нашата "јафка", кога се сретнав со членовите на нашата делегација. Во Софија ни се приклучи и другарката Кети од Солун, која дојде преку Беласица. Одговорен на "јафката" беше Шапера.

Во Софија бевме сместени во семејства од членови на ЦК на КПБ. Јас и Рита бевме сместени во станот на Неда Тодорова, министер за здравје на НР Бугарија.

Овде ни беше понудена цивилна облека. Ни беа извадени бугарски пасоши и други потребни документи за патување со воз до Букурешт. Јас добив пасош на име Стојна Стојанова. По неколку дена одмор и пријатно патување во прва класа со воз, стасавме во Букурешт на 28 ноември 1948 година.

Во делегацијата бевме 11 членови на АФЖ, и тоа: Вера Николовска, секретар на АФЖ за Егејска Македонија и член на раководството на новоформираната организација ПДЕГ; Антула Љаку, поручник потоа капетан на ДАГ, почина во Ташкент, а родум од селото Горенци, Костурско; Махи Пилаева, секретар на АФЖ за Леринѕки округ од село Екшису, Соровичко и Малина Маркова од село Желево, Леринско, член на Околискиот НОО:

Од грчка страна беа: Рула Кукулу, секретар на ПДЕГ, жена на Захаријадис; Домна Иоаниду, член на раководството на ПДЕГ, жена на Јани Иоаниду Рита, член на раководството, Кети, член на раководството, илегален работник; уште една Кети, капетан, а потоа мајор на ДАГ, по професија лекар, жена на Христофоро Гизиди, кој беше и одговорен на "јафката" во Будимпешта и кој не пречека на станицата и Марика, партизанка на ДАГ од бригадата на ненаоружаните борци кои беа дојдени од Тесалија. Во Букурешт ни се приклучи и Хриса Хаџивасилиу, познат политички работник на КПГ, член на Политбирото, жена на Петро Русе,

министер за надворешни работи на Привремената влада на ДАГ, а до конгресот Хриса беше член на Секретаријатот на Меѓународната демократска федерација на жените. Хриса многу ми се приближи и многу ја засакав, бидејќи за мене беше поим на жена-револуционер, храбра и способна во комунистичкото движење на Грција. Знаеше дека сум Македонка, но не знам од кои причини беше во немилост на Захаријадис. Како што дознав подоцна, од болест починала во Романија.

Во Будимпешта бевме сместени во хотелот "Гелер" во Пешта, хотел на левиот брег од реката Дунав, тогаш еден од најлуксузните. Тука бевме пречекани од членовите на раководството на женската организација на Унгарија, кои за цело време беа наши придружнички. Овде се облековме во нашите воени униформи.

Вториот меѓународен конгрес на ПДОГ (Меѓународна федерација на демократските жени) почна со работа на 1 декември 1948 година и траеше до 6 декември 1948 година. Се одржа во велелепната зграда на Унгарскиот парламент.

Претседателка на Федерацијата беше мадем Котон од Франција, почесен претседател беше Долорез Ибарури ла Пасионарија, која не присуствуваше на конгресот, не знам од кои причини, секретар беше Мари Вајан Кутурие, исто Францускинка, а за потпретседател беше Нина Попова од СССР. Нашата делегација имаше став (тоа ни беше речено од Захаријадис) во односите со сите делегации да бидеме исти, бидејќи се наоѓаме во воена состојба, а со нашето учество да ја афирмираме нашата борба и да ги разобличуваме англоамериканските империјалисти кои со сите средства го помагаа моноархофашистичкиот режим на Атина. Ете затоа, кога конгресот го поздрави претседателката на Југославија Митра Митровиќ нашата делегација аплаудираше. Веднаш по паузата, од советската делегација ни беше упатена забелешка. Им одговоривме дека ние сме во воена состојба, Југославија ја помага нашата борба и според тоа поинаку ние не можеме да постапиме.

Митра Митровиќ во меѓувреме побара да се одржи состанок на раководството, односно на Секретаријатот на ПДОГ. На тој состанок од наша страна присуствуваме: Рула Кукулу, Домна Иоаниди, која добро го владееше францускиот и јас. Митра Митровиќ, која раководеше со југословенската делегација, имаше доставено протест до конгресот зашто на зградата во која се одржува конгресот не е истакнато југословенско знаме кога се знае дека југословенските жени зедоа масовно учество во борбата против фашизмот и дадоа стотици илјади жртви. Се случи јас да седам веднаш до Митра Митровиќ, која многу пушеше и беше

многу нервозна за таквата неправда, а пак Нина Попова седеше спроти неа. Се водеше остар дијалог меѓу Митра Митровиќ и Нина Попова. Ние ја поддржавме Митра Митровиќ, како и другите делегации. Другиот ден беше подигнато на зградата и југословенското знаме. За поддршката што и ја дадовме на југословенската делегација пак ни беше забележано од советските другарки, но нашиот став беше неизменет.

Нашата делегација одржа состанок во простории на хотелот "Гелер" и беше одредено Рула Кукулу, секретарката на ПДЕГ, да го поздрави конгресот од страна на жените на Грција, а пак јас да зборувам на митингот, на плоштадот пред Парламентот, што требаше да се одржи во чест на Конгресот. Бевме одредени Рита и јас да ги напишеме говорите. Ја прашав Рула дали јас треба да зборувам на македонски. Ми рече дека не треба. На мојот говор ми беа направени некои корекции, но поинаку не можев да постапам зашто упте во Софија Антула Љаку ме предупреди: "Вера, внимавај, Рита е поставена да ги следи сите твои движења како се однесуваш со луѓето и што ќе зборуваш". За тоа и бев многу благодарна на Антула, беше многу чесна и храбра девојка.
Така, Рула од страна на нашата делегација го поздрави Конгресот во името на жените од Грција. Имаше многу аплаузи, овации за нашата делегација и беше поддржана нашата револуција. Рула во поздравниот говор ја образложи состојбата на жените во Грција, теророт што се врши во окупираните територии, положбата на децата и зошто тие беа евакуирани во источните земји и големата сестрана и семожна помош на англоамериканците што им ја даваат на монархофашистите.

За време на паузата ми се доближија еден маж и една жена. Ме прашаа дали ги познавам. Кога им одговорив негативно, ми рекоа дека тие ме познаваат од средбата што сме ја имале на грчката страна од Кајмакчалан. Тогаш се сетив на средбата со нив во селото Горно Родово.

Овде мојот иследник го прекина испитувањето. На неговиот знак се појавија двајца НКВД-евци и ме поведоа во ќелијата. Неколку дена не бев повикувана на сослушување. Се мислев зошто пак не ме повикуваат. Испитувањето за Конгресот во Будимпешта ми беше душевен излив, иаку бев понижувана и навредувана. А и зошто да ме повикуваат кога се им раскажав во детали, но мене ми беше до тоа да зборувам, да не онемам со молчење во ќелијата. Некаква оддишка наоѓав во пушењето на најнеквалитетните цигари што ги добив во чест на Денот на жената од иследникот.

КАКВА ВРСКА СУМ ИМАЛА СО ИНТЕЛИЏЕНС СЕРБИСОТ И ЦИА

"Денеска Вера Николовскаја ќе ни кажеш каква врска имаш со интелиџенс сервисот", ми вели иследникот кога бев повикана по подолго време од претходната "визита" кај него. Од почетокот не го разбрав прашањето. Ми беше некако чудно прашањето и не одговорив. Од лутина стана иследникот и почна со неговиот тон кога сакаше да ме навредува: "Зволоч, агент, предавник". На тие навреди му реков дека јас немам никаква врска со никаков интелиџенс сервис.

Па како се познаваше со тие Англичани што завчера ни раскажуваше и освен нив со некои други врски. Знаеме ние како работите вие "подревнују работу" против КПГ и ДАГ заедно со Тито што ја предадовте борбата.

Тогаш ми стана јасно зошто е работата. Почнав набрзина да ги средувам сеќавањата кога и под какви околности се сретнав со Питер Фарст и со неговата жена. На знакот од иследникот во кабинетот влезе една на средни години жена и многу пријатна наизглед. Седна на столот на средината од масата. Еден од НКВД-евците и донесе машина за пишување. По неговото излегување, влегува еден друг офицер на НКВД, се претстави како мајор Панталеев. Тој ми објасни дека протоколот ќе биде стенографиран и напишан на машина, односно прашањата и моите одговори ќе треба да ги потпишам.

Веќе го научив почетокот на протоколот: прво генералиите. Прво прашање беше од кога татко ми заминал во Канада. Зар еднаш досега им кажав, ама нема што. Се повторубаат прашања, а јас верглам едно исто, објаснувам како на глуви.

-Од прогоните на грчката власт татко ми замина на печалба во 1928 година во Канада, заедно со Лазо Трповски, познат револуционер и комунист од моето село, кој едно време престојуваше и во Советскиот Сојуз, а на 9 април 1943 година, заедно со уште шест другари Грци, беше убиен во местото Имера, Кожанско, Грција.

-Зошто татко ти не тргна со него?

-Јас за тоа не знам. Јас татко ми не го познавам, одвај ако имав неполни три години кога замина на печалба.

-Имаше ли врски со татко ти за време на војната? –прашува.

-После 1940 година не се допишувавме поради војната, дури во 1947 година кога мајка ми беше префрлена во Битола, Македонија, Југославија, тогаш почнале да се допишуваат со него. Преку мајка ми ми имаше испратено еден двоглед, фотоапарат "кодак" и еден

златен часовник, на кој од долната страна имаше изгравирано: “За Вера од тате”. Имаше пуштено и некои други ситни работи. Кога бев уапсена, сите тие работи ми беа одземени од Пиракли Мировигли во Албанија. Исто така ми одзедоа: златен прстен со мои иницијали добиен од мајка ми, 17 златни лири од организацијата АФЖ, едно мало куферче со документација од Окружниот одбор на НОО на Костурско, како и пиштолот “валтер”. Па повторувам којзнае по кој пат и други веќе кажани работи. Тука посебно го изнесов следниот случај.

Со татко ми писмено имав контакт во летото на 1946 година преку едни Власи, кои со своите овци престојуваа на Вичо. Ќехајата се викаше Тријандафилис од Кардица во Тесалија. Јас преку градот Лерин на татко ми му испратив писмо да ни испрати пари за наши наши потреби на адресата од тој Влав. Татко ми кога го добил писмото на име од тој Влав испрати 700 долари. Со тие пари купивме: чевли, арпили. Ги купи Влавот за нас партизаните, кои тогаш работеа во позадината под многу тешки услови, работевме илегално, зашто уште немавме слободни територии, имавме само групи на НОФ.

-Како се запозна ти со тој Влав за да имаш таква доверба во него? – ме прашува иследникот.

-Во април 1946 година бев фатена во половината од преголема настинка. Не можев да одам, скоро бев парализирана. Мојот соселанец Панајот Караџов, раководител на НОМС во Костурско, ме носеше на рамо. Другарите сакаа да ме носат во Југославија на лекување, но јас како ќе одам кога сум неподвижна. Секретарот на Окружниот одбор на НОФ на Леринско Лазар Поплазаров, кој и тој е овде затворен, со другарите решиле да ме остават кај Власите додека ми се подобри положбата.

Власите беа повеќе семејства. Живееја во колиби. Тие поставија услов: ако им дадеме пушки да се бранат од мечките, инаку ќе земат оружје од монархофашистите, бидејќи се принудени зашто тогаш на Вичо имаше многу мечки и им правеле голема пакост по стоката. Лазо се сложи, само им рече: “Да не ми се случи нешто лошо на мене, инаку тешко нив”. Ме оставија мене кај Власите, а другарите заминаа за селото Трсје, односно за Бигла. Тогаш уште селата не беа ослободени околу Вичо. Во семејството на ќехајата имаше една младинка моја врсничка. Се викаше Анастасија. Таа за време на ЕЛАС учествуваше во одредите, во коишто беше медицинска сестра. Кога ме виде во ваква положба, веднаш на половината ми стави две сечени ведузи (објаснувајќи што се тие), кои сета засирена крв ми ја истргаа. Со тоа ми поолесни телото и застанав на нозе. Кај Власите останав околу 15 дена. Чекав да

дојдат другарите, но ги немаше. Но, еден ден, на бачилото дојде една единица од околу триесетина души монархофашисти. Се интересираа дали тука минуваат партизани. Ќехајата им рекол дека нема видено дотогаш партизани. Со нив беше и еден млад човек од селото Бапчор, се викаше Ѓорѓи, кој беше со нашата бригада во Битола и ни избега. Кога Власите ги забележаа оддалеку кајшто идат монархофашистите, мене ме покрија со еден покривач од козина (ложник), а бев облечена во влашка облека со дебела шамија на главата. Тој дезертер Ѓорѓи праша: "Кој лежи тука?" и беше готов да го опоткрене покривачот, но ќехајата го предупреди да не ја крева покривката зашто лежи едно нивно болно девојче со висока температура, па го покриле за да се испоти да оздрави од настинката. За моја среќа, го послуша ќехајата, не го поткрена покривачот тој Ѓорѓи, инаку ќе бев ликвидирана зашто добро ме познаваше која сум. За цело време што бев кај овие добри луѓе ме хранеа со најдобрата храна што ја имаа: путер, младо сирење, пресно млеко со сол, а место вода пиев сурутка. Дотогаш јас млеко јадев со шеќер, па во почетокот не можев да го пијам млекото со сол, но постепено ми стана многу вкусно. Солта подебелото овчо млеко го разредува и станува повкусно. И по петнаесетте дена, оправена, ќехајата не сакаше сама да ме пушти да одам во селото Трсје, туку ми пушти еден од неговите овчари да ме однесе. Ноќта во Трсје се сретнав со другарите, на Влавот му дадовме две пушки и си замина. И ден-денеска не можам да ги заборавам тие добри луѓе, посебно Анастасија и нејзиниот брат Танасаки, за кого ќехајата сакаше да ме земе за снаа. Всушност, ми остана незаборавно целото семејство на ќехајата. Повеќепати се обидував да ја дознаам нивната адреса, но во тоа не успеав. Толку беа добри што есента кога си заминуваа за Тесалија, ми оставија плетени џемпери, чорапи, тенеќиња сирење и путер за Вангел Којчев, кој тогаш боледуваше од чир во стомакот. Со добиените 700 долари од татко ми купивме чевли и се друго што ни требаше на партизаните, а останатата сума им ја поделив на другарите да си купат што сакаат. Оттогаш немав никаква друга преписка со татко ми, со други зборови, немав никаква врска за каква што Вие се интересирате.

-Кои се други роднини имаш во Канада и во Америка? – прашува.

-Имам стрико, брат на татко ми во Детроит, Наум Балев и вујко Наум Мангов-Димитров, брат на мајка ми во Гери Индијана.

-Ахааа! – извикаа иследникот и преведувачот.

Јас уживав во моите искажувања зашто ги спомнував имињата на моите најмили. Си велам во себе: “Знам вие што сакате”. Ги уловив нивните намери, но од мене не можат да добијат лаги за употребување во нивната цел зашто тие не се такви, освен вујко ми Наум – Нумо. Сега веќе почнав да си поигрувам. Почнав во детали да им раскажувам за споменатите имиња, но искрено, како што навистина беше. Целта ми беше на тој начин што подолго, повеќе дена, да потрае таквото испитување како што се водеше тој ден во Љубљанка во мошне “пријатна” атмосфера.

-Што работи стрико ти Наум? – ме прашува иследникот.

-Водоинсталатер.

-Каде живее?

-Во Детроит.

-Што семејство има?

-Има жена и три деца.

-Како се викаат жена му и децата?

-Софија и таа е од нашето село Д’мбени. Децата му се викаат Маријанти, Андон и Панајот.

-Се допишуваше со вујко ти и со неговото семејство?

-Не јас, мајка ми.

-Што работи вујко ти?

-Работеше ником во интерпол. Него го запознав дури во 1935 година кога по работа беше испратен во Европа, па искористи и дојде в село, Д’мбени, да се види со своите. Потоа замина во Бугарија. Сега неговата жена живее во Варна, Софија, а син му Ламбро замина на студии во Белгија и Франција, студира медицина. Ова можете во Софија да го проверите. Вујко ми колку што ми е познато, сега е полицаец, капетан, во Чикаго, односно во Гери Индијана. И тоа можете да го проверите преку Вашата амбасада.

-Ааа, така е? – испитувачки ме прашуваат, но јас им потврдувам дека е така како што им реков, па ме прашуваат каква врска сум имала со него.

-Јас никаква врска не сум имала со него. Не знам дали и мајка ми сега се допишува со него.

Им објаснив детално дека после доаѓањето на грчката власт во Македонија, после 1912-1913 година, многу наши Македонци одеа на печалба во Америка и во Австралија, а нивните семејства: жени, деца и родители останууваа во селото и си работеа на својот имот. Печалбарите за Божик и за Велигден, за тие големи празници, ќе испратеа чек на стотина долари и по педесеттина долари преку летото колку за масло. По повеќе години печалбарење, или ќе си го повлечеа кај себе семејството, или ќе се

вратеа во селото. Така беше и со: татко ми, со стрико ми и со вујко ми. Последните двајца си ги зедоа кај себе семејствата.

Провокативно ме прашуваат во врска со некои мои поранешни искажувања, т.е. дали познавам некои други Американци и Англичани. Им одговорив дека во 1944 година го видов некојси Еванс, англиски офицер, капетан, кој беше при 28. полк на ЕЛАС. Го видов на 12 април 1944 година во моето село Д'мбени кога присуствуваше на Втората конференција на СНОФ. Присуствуваше како сојузник на нашата конференција со другите делегации на антигрчките партии, но јас со него немав никаква средба, ниту разговарав.

Одненадеж иследникот ме праша дали сакам да пушам цигари. Кога му одговорив потврдно, ми даде кутија цигари "Прима". Кутијата беше со црвена боја. Дотогаш ми даваше само папироски "Боко" и "Ракета" – најдолен вид на цигари. Палев цигари колку да ми мине времето во ќелијата, а од обвивката на монштукот правев пилиња. Еднаш, кога ги наредив повеќе на масата, влезе дежурниот офицер и ми вели: "Што е тоа?" Му велам: "Партизаните на Маркос". Со еден подвиг на раката ги стутка и ги фрли во клозетската шолја, велејќи: "Ето нелзја делат". По добивањето на цигарите "Прима", бев ослободена, велејќи ми да одам во ќелијата и да помислам за моите врски со интелиџенс сервисот, за што пак ќе ме викнат.

Кога ме одведоа во ќелијата, бев многу задоволна што на сослушувањето можев да се искажам и гласно за моите најмили. Добив некоја чудна сила. Си велам дека ќе ја прифатам играта за да ги изиграм јас нив, а не тие мене, бидејќи сега ми стана уште појасно што бараат од мене за да ја обвинат Југославија и Тито во врска со капиталистичкиот светски лагер, што на цел глас го пропагираа, но не ќе успеат.

ИНТЕРВЈУ ДАДЕНО NA КАЈМАКЧАЛАН

Следниот ден пак ме зедоа на испитување. Истрагата стереотипна: "Каква врска имаш со интелиценс сервисот?" Без никаков притисок, почнав да им раскажувам како во зимата, во јануари или во почетокот на февруари во 1947 година, на планината Кајмакчалан, во селото Горно Родово, дојдоа англискиот новинар Питер Фарст со жена му и еден југословенски новинар. Ние, позадинските работници, бевме горе во планината во "јафката" на НОФ. Дојде курир од селото и ни соопшти дека во селото дошле три непознати лица и сакаат да разговараат со партизани. Решивме да појдеме во селото, и тоа: Вангел Шамарданов-Илинденски (организационен секретар на Воденско, потоа на Окружниот одбор на НОФ, загина), Лена Стојкова-Мирка (секретар на АФЖ за Воденско), Ѓорѓи Јанчев-Слободан и јас.

Непознатите лица веќе беа сместени од страна на НОФ во една куќа, односно кај секретарката на АФЖ Марија, чија куќа беше на средина од селото. Ние слеговме наоружани со автомати. Кога влеговме во куќата, непознатите станаа и ги кренаа рацете во знак дека ни се предаваат. Со раце им дадовме знак да седнат. Ни се претставија како се викаат и што се. Еден од нив беше југословенски новинар. Името не му го знам зашто тој не ни се претстави по име, туку само по занимање. Другиот ни се претстави како англиски новинар заедно со жена му. Ѓорѓи Јанчев знаеше малку англиски, како и југословенскиот новинар. Тие двајца ни преведуваа.

Ги прашавме што сакаат од нас. Прво ни рекоа дека сакале да дојдат во контакт со партизани по секоја цена, но грчките монархофашистички власти не им дозволувале, па тие ја оставиле колата во Соботцко и незабележани се упатиле кон планината Кајмакчалан, во чии села сметале дека ќе се сретнат со партизани. Ни рекоа дека сакаат да не интервјуираат. Им рековме дека ќе им дадеме интервјуа под услов, ако го објават онака нашето кажување како што ќе им го кажеме, ако не нека си одат откај што се дојдени. Ни ветија дека се што ќе им кажеме буквално така ќе го објават. Питер Фарст не убедуваше дека е член на Комунистичката партија на Англија, а неговата жена се уште не е зашто сака да се убеди каква е нашата борба и против кого се бориме, со какво оружје и за каква слобода.

Поопширно му одговоривме на англискиот новинар, посебно ние Македонците кои сме и што сакаме да постигнеме со нашата борба, за организацијата НОФ, за англиската интервенција во Атина во декември 1944 година, за теророт после тоа од страна на

монархофашистите, кои до вчера им беа слуги на фашистите, зошто бевме принудени повторно да се фатиме за оружје, дека сме изманеми од сојузниците. На прашањето какво оружје носиме, им го покажавме тоа што го имавме што сме го запленили од окупаторите, а еве го Вашето што сме го запленили од Вас, од империјалистите, дека не располагаме со никакво советско оружје. Им велиме: “Одете по затворите и логорите. Таму направете интервјуа со затворениците, па ќе се уверите дека сите тие се партизани на ЕЛАС кои ги измамија да го предадат оружјето, а потоа ги затворија; тоа се борци против фашизмот, тоа се комунисти, членови на ЕПОН и ЕАМ, Македонци и Грци, ние успеавме да не паднеме во нивни раце да не затворат, фаќајќи се за оружје. Вие, Англичаните и Американците, ни ја наметнавте оваа борба”.

Жената на Питер ме праша која сум јас, дали сум од бедно семејство, можеби сум неморална, извикана. Тоа го рече зашто слушнала кажувања оти во партизани одат само најбедните и жени со неморално поведение. Се насмеав. И реков дека такви се тие што така зборуваат, што шират такви гласови. Тие, монархофашистите, силуваат жени и девојки низ цела Грција, пљачкосуваат. И велам: “Моралот кај нас партизаните е на највисоко ниво. За неморалните нема место во нашите редови. Ние сме деца на народот. Неморалните кај нас се осудуваат на смрт. Не е точно дека партизани се само најбедните. Нас што не гледате бевме партизанки и на ЕЛАС. Ние сме од ситуирани семејства. Станавме партизани единствено да се бориме против неправдата, против понижувањето на жената, за нашата рамноправост. Како Мадедонки се бориме за нашите национални права зашто не сме признати како народ од Балкаските војни наваму од ниедна грчка влада, а најсуров беше режимот на Метаксас кога за зборување на својот мајчин јазик се сечеше и јазик...” Жената на Питер почна да плаче. Ги собу обувките од нозете, ја соблече вентијагата да ми ги даде мене. Јас ја одбив со зборовите: “Нас народот не снабдува со што има и колку што има зашто нашата борба е праведна, народна” Питер, мажот и, го извади часовникот од на рака и му го нуди на Илинденски. Истото се случи. Ние одбивме се од нив да земеме и им рековме најголем подарок за нас ќе биде, ако тоа што Ви го кажавме точно и целосно го објавите. Му дадовме знак на домаќинот да ги послужи со јадење, а ги послужи и со пиење. При разделбата, побараа да не фотографираат. Се согласивме. Направија една групна снимка, а потоа направија една снимка со мене и со Лена Стојкова-Мирка.

По неколку дена од разделбата со новинарите, навистина нашето интервју беше објавено во повеќе светски весници, па и во Грција и со нашите фотографии. Навистина луѓето си достоија на зборот. Тоа интервју беше објавено и во Југославија со нашата фотографија во весникот "Борба" (кога се вратив од СССР, при една посета во домот на Лена ја видов фотографијата зголемена, урамена и ставена во дневната соба).

Јас продолжував со моите искажувања, враќајќи се неколку години наназад со моите сеќавања. Уживав што подетално да раскажувам зашто бев чиста како солза, немав никакви врски со интелиџенс сервисот, освен тие средби со неколку англиски луѓе.

Продолжувам. Не ме прекинуваат, ме остават да зборувам. Велам: "Во декември 1948 година на Вториот меѓународен конгрес на жените во Будимпешта повторно се сретнав со Питер Фарст и со неговата жена. Јас не ги познав. Тие ме познаа и кога седнавме во конгресната сала, дојдоа кај мене, ме прегрнаа и ме бакнаа. Жена му на Питер ми вели: "Знаеш, Вера, од тебе станав комунистка. Веднаш ќе напишам статија со наслов После две години, пак со Вера. Навистина напиша. Можете за тоа да ја прашате вашата Нина Попова, потпретседателка на Меѓународната организација на жените, која беше присутна и неколкупати разговараше со нашата делегација и не укоруваше.

Со Питер и неговата жена повеќе не се сретнав. Тоа е се што имам да ви кажам за моите врски со Англичаните. Вие имате ваши амбасади во Англија и во Унгарија, па можете да проверите дали не ја кажувам вистината".

Иследникот Евгениј Константинович Никитин, Панделеев и преведувачот Аристотелис Папунидис, скоро во ист глас, ми велат: "Нам тоа не ни е потребно, нам ни е потребна Вашата врска со интелиџенс сервисот".

-Јас таква врска немам! – им велам.

-Па што толку дена не моташ, нам ни се потребни податоци.

-Вие ме прашавте каква врска сум имала со некои Англичани и затоа Ви ги кажав подробно тие врски.

-Па тогаш кој беше тој Србин и Англичанец? – пак прашуваат.

-Не знам. Србинот воопшто не зборуваше, ниту постави некое прашање, само слушаше. Не му знам ниту име, само знам дека и во "Борба" беше објавено нашето интервју. Јас ниту го прочитав лично во "Борба". Тоа ми го кажаа во грчката "јафка" во Скопје.

Тие пак своето: "Ние бараме друго. Ти треба да ја помогнеш советската партија да ги расчисти односите со Тито. Ти ни раскажуваш само лаги", на што велам: "Јас ја кажувам вистината и само вистината. Мислам дека советската партија не треба да се

лаже, не можам да речам тоа што не било, што не го знам". Иследникот на тоа ми вели да ги земам цигарите што ми ги подава и да одам да се размислам.

Ме одведоа во ќелијата 105. Бев презадоволна од себе. Значи, тие бараат од мене лаги, дека имам врски со странски разузнавачки служби, со англиски и американски за да ги обвинат Тито и Југославија дека тргнаа по патот на капитализмот. Така рече Захаријадис: "Тито е предавник". Од мене бараат исфабркувани искажувања само да успеат во своите намери. Боже, како можев да верувам толку во тој Советски Сојуз дека во него има совршени и чесни луѓе кои секому му помагаат за доброто на народот, дека Сталин не греши. Колку ли наши борци загинаа на устата со неговото име, а сега јас, една Вера, што претставувам една млада девојка верна на борбата за слобода на својот народ. Бараат од мене да кажувам лаги за да сум ја помогнала советската партија во борбата против Тито-Колишевски и Југославија! Боже, Боже! Се чудам и не можам да се начудам, но сепак сум радосна и горда што не се уплашив и што застанав на страната на вистината, а советските офицери што сум ги замислувала поинаку паднаа толку ниско. "Пту, плукам, срамота!" – си зборувам самата во себе. По даденият знак дека треба да легнам, првпаат се најдов во длабок сон до вообичаеното "Падјом" во шест часот утрото.

СОЗНАВ ДЕКА И МИНЧО Е ТУКА

Пред да ме одведат од просторијата за сослушување, кога го потпишував протоколот што ми го подаде исленикот и дактилографката, прочитав дека таа се презива Милошева, која ми вели: “Какаа Ви маладава, красива, пачему так, как и Ваш сопруг харошии и очен красивии”. Ја погледнав и ништо не и реков, не и одговорив. Кога ми рече “сопруг”, моето тело затрепери, срцето почна силно да бие. Значи и Минчо е тука негде во овие ќелии. Зборовите на дактилографката како да ми беа поздрав од Минчо. Сигурно тука се сите. Ми се стори дека дактилографката ми носи порака од мојот Минчо во која ми порачува: “Вера, држи се! Зборувај ја само вистината и не плаши се! Биди јака како во борбите. Ние ќе ги скршиме нив, а не тие нас!” Така ми велеше Минчо во Пајак во декември 1946, на Кајмакчалан во 1947, на Вичо во 1948, на Грамос во 1949 година кога се најдовме после долги месеци невидени. Затоа во Воркута во 1954 година ми ја посвети песната што ја напишал од душата за мене. Неа му ја кажал на еден украински поет, раскажувајќи му ја нашата судбина. Песната Минчо ми ја даде во Потма при нашата средба после пет и пол години од разделба. Нејзината содржина не можам да ја испуштам ни во ова прилика.

МАЕЈ ЉУБОИМОИ

Тои каторои љубил и љубљу,
прости за все что ја приниос,
не по своеј вине,
за бол разлук, за гореч слез,
за писма краткие с пути,
за зо что не хватило сил,
мне ударжат тења,
кагда вдали с фронтами,
калесил недели, месеци, года.

Умна чесна Ти всјо паимјош,
что глоубока љубов била,
что не измена и не лоќ,
Нас бурја века пронесла.

Ја серцем и душој вса тот,
Апјат ја спешке ден денскои,
Лиш серце радосно замрјот,

чут мимо женшчина проилјот.

Напомнил что то образ твои,
И хот нелзја соединит,
Минувших и градјадуштих днеи,
Ја всјо старијус лушче бит,
Во имја памјати твоеи.

Воркута, 1. I 1954 година

ВО БАЛАТОН - ПОЧЕСЕН ГРАЃАНИН

Испитувањата продолжуваа на ист начин: каква врска имам со интелиџенс сервисот, со ОЗНА и со меѓународната буржоазија.

За цело време на истрагата, што во московските затвори: Љубљанка, Лефортовскаја и Бутирка траеше 29 месеци, бев објективна, без разлика на сите и секаквите притисоци, ја кажував само вистината. Ако се докаже дека нешто сум прикрила, дека сум згрешила за својот народ, нека ме иставаат пред народот и нека ме судат. Ништо не скрив, а и да сакав преку нешто да преминам за мене се знаеја и искрени и кодоши. Не криев дека бев во Југославија, дека под раководство на Тито и Колишевски македонскиот народ ја доби својата национална слобода, односно има своја Народна Република Македонија.

Како делегат на Вториот меѓународен конгрес на жените секогаш бев приклучена кон југословенската делегација при посетата на разни фабрики и детски установи во Будимпешта и во околината. Со мене беше секогаш Рита. Се обидував да влезам во разговор со некоја од делегацијата на Југославија, но никоја не прифати, сите беа претпазливи. Во една посета на гратчето Балатон, колку што се сеќавам, бев прогласена за почесен граѓанин на таа општина. Со делегациите, пак, на Холандија, Норвешка, Англија, Шведска, Источна Германија и со некои други, по нивно барање, посетивме некои домови во коишто беа сместени наши деца евакуирани од монархофашистичкиот терор во Унгарија. При посетата на еден таков дом, кога ме видоа нашите учителки и негувателки "Мајки", како и децата, стрчаа, гушкања, плачења, трогателна средба. Токму тогаш прелета над нас авион. Сите (децата, учителките и негувателките) стрчаа да се скријат, мислејќи дека уште се наоѓаат во Грција. И по толку месечен престој далеку од татковината не беа ослободени од стравот на бомбардирањата и митралирањата на англоамериканските авиони. Тој момент го искористив да им објаснам на другите делегации зошто овие деца се евакуирани. Некои чувствителни жени дури се расплакаа од виденатa глетка, увидоа дека кралицата Фридерика не била во право тоа што го пропагираше. Токму овој случај беше причина тогаш делегациите на: Холандија, Шведска и Источна Германија да побараат и во нивните држави да се испратат на згрижување вакви деца. Колку што се сеќавам, во Источна Германија беа испратени околу илјада деца, претежно Грчиња. Таму беше упатен и министерот за просвета на Привремената влада на Грција Петрос Кокалис, по струка доктор фиматолог, каде и почина.

На враќање нашата делегација гостуваше во Романија и во Бугарија, каке што, како што веќе еднаш споменав, ги посетив детските домови во Тулгеш и Синаја, како и нашите ранети другари во Букурешт. Бев во посета и во Брашов и Костанца. Како во Романија, така и во Бугарија од посетените добив драги подароци, па Рула отворено по враќањето во Грција пред сите забележа дека мене ми биле дадени најдобрите подароци, на што и реков: “Тие знаеја дека сум Македонка и затоа кон мене така срдечно се однесуваа”.

ВО ЉУБЉАНКА

Минаа неколку дена, а не ме викаат на испитување. Почнаа по пет минути да ме изнесуваат на воздух во затворен простор. На "прошетката", се разбира, сум сама. На тие прошетки сум претворена во уво да чујам некој познат глас. Иако се слушаат многу гласови, не препознав глас на мој познат.

Една вечер пред да ми дадат знак за легнување, ме повикуваат на "следствие". Ме ваѓаат од ќелијта, ама ме носат по други ходници, по скали, се најдов во приземјето во една голема просторија. Ја препознав. Беше истата таа просторија кога не доведоа во тој затвор. Ме претресуваат и ме ставаат во "воронок". Се отвораат тешките врати и одиме. Се слушаат: трамваи, коли. Долго патување. Си мислам: "Не носат надвор од градот за да не стрелаат". И тоа како да ми беше утеха зашто, иако за последно, барем ќе се видам со другарите. Жалам што не си го зедов и шинелот. Запре затворската кола, повторно се отвораат тешки врати, влегуваме. Излегувам од колата и ме носат во еден хол и во бокс. Препознав: овде не донесоа од Одеса. Тоа беше злогласната Љубљанка.

Вообичаено: доаѓа жена на НКВД, ме претресува. Боксот е долап во кој можеш накако одвај да седнеш. По претресот, пак ме носат по некои ходници и во една добро уредена просторија се наоѓа мојот иследник и еден друг, но кого дотогаш не го имав видено. Ми дадоа знак да седнам на познатото столче во ќошот како во Лефортовскиот затвор. Иследникот ми се претстави: мајор Афанасиев и дека сака тој да ме испитува. Преведувач беше професорот Јанис Иоанидис. Афанасиев веднаш почна со викање: "Титов агент, зволоч, до кога ќе не лажеш, врјош" на таков хистеричен тон како само тој може да ме скрши за да ја кажувам вистината. Јас му одговарам смирено, дека не сум тоа што тој мисли, туку сум борец за слободата на својот народ против германските, италијанските и бугарските фашисти, против контрачетниците, против монархофашистите и англоамериканските империјалисти. "Врјош, ти вршеше подревнују работу против Демократската армија на Грција" – ми вели.

Станав. Почнав да викам колку глас ме држи: "Тоа е лага, таа армија ние ја создадовме и како можеме да одиме против неа, да одиме против себеси; организацијата НОФ беше таа што го мобилизира македонскиот народ од Егејска Македонија: јас сум таа што четирипати е осудена од монархофашистите на смрт во отсуство, па како можете Вие еден офицер на советската армија

така да се однесувате кон мене?" Тој викаше, јас викав и едно време тој излезе. Мојот иследник ми вели: "Тој Ви поставува прашања, Вие одговарате по Вашему". Побарав, ако може, да одам во тоалет. Викнаа една од милицајките и ме однесоа во тоалет. Првпат во тој тоалет видов огледало, не беше како на затворениците. Изгледа тие тоалети ги користеше персоналот, а можеби намерно ме однесоа во таков тоалет.

Кога погледнав во огледалото не можев да се препознаам. Бев жолтозелена, дури потемнета. Се уплашив од самата себе. "Леле што направиле од мене!" – си велам и само што не паднав од разочарување, но се совладав и толку силно ги гризнав забите што златната коронка од едниот заб ми се скрши. Имав три златни заби. Едниот заб беше со златна навлака "коронка", а на предното место над самото злато на празното место беше залепено бело парче поради специфичниот случај.

Уште во 1939 година како гимназијалка за велигденските празници бев дојдена дома од Костур, ме заболе очниот заб. По многу перипетии, заболекарот Нико Икономиди од Костур ми го истави коренот со два заба. На здравиот заб до него ми стави навлака, а во празното место на златна подлога ми стави бел заб. Тоа моите врсници во Д'мбени ми го протолкуваа дека така сум направила од "фодолук". Тие за "фодолук" го сметаа и моето носење на очила, а јас ги носев по препорака на лекар зашто без нив не можев да читам, имав големи главоболки. Тие очила ги носев и во партизани до 1943 година, кога во една акција ми се скршија.

Ете така кога се видов во огледалото, уплашувајќи се самата од себе, ја изгубив златната навлака и белиот дел од запчето. Но сега се гледам дупло, па добив големи главоболки и повраќање.

Стражата ми вика да излезам од тоалетот, а јас сум зашеметена. Ме вратија во просторијата во која што ме испитуваа. Иследникот Евгениј Константинович Никитин беше разбрал за моите неприлики во тоалетот и ми вели: "Чево вам плохо чувствуваетс?" Му потврдив. Излезе и за првпат ми донесе една чаша полна со некаква течност ни блага ни кисела. Ја испив и по малку некако се смирив. Веројатно и иследникот Евгениј се исплаши од мојот изглед да не умрам.

По малку време, влезе Афанасиев со една испишана хартија напишана на машина и ми вели: "Овој е протоколот што го направивме од сослушувањето со Вас. Ќе треба да го потпишете". Има што да се прочита во него: сум вршела разбивачка дејност во редовите на ДАГ за да се растури таа во полза на

монархофашистите и на англоамериканските империјалисти по задача на Тито, се нарекувам Титов агент, а ме тера да потпишам.

Малку ми беше претходната вознемиреност, текстот што ми се поттура пред нос да го потпишам уште повеќе ме разгневи. Решена сум да умрам, ама ваков гнасен документ не потпишувам. Во протоколот е внесено тоа што воопшто јас не го реков. "Тоа што сте го напишале јас не го реков, таква каква што ме прикажувате никогаш не сум била и јас вакво нешто не потпишувам!" – му велам на Афанасиев. Тој бесен, се дере, ми вели дека сум "зволоч" и инаетчија "како Вашиот Тито туку потпиши!" "Потпишете го Вие самите зашто самите сте го измислиле и сте го напишале!" – луто му возвраќам.

Мајорот Афанасиев тогаш го зеде листот и го фрли пред мојот иследник и излезе надвор. По него излезе и Евгениј Константинович. Останав сама со преведувачот Јани Иоаниди. Тој почна да ме советува да не правам така, бидејќи сум млада и треба да и помогнам на советската партија. Му велам и нему: "Нас партијата не учеше да не лажеме, ако со лаги ја помагаме партијата, таа партија аир нема да види никогаш". Во просторијата влегуваат двајца од безбедноста на НКВД и ми велат: "Вставај!" Станав. Ме носат во една друга просторија. Зад масата стои мојот иследник Евгениј . Седнувам на тоа проклето столче во ќошот. Преведувачот не дојде. Евгениј Константинович ми вели: "Сматри Вера", ја зема испишаната хартија, запали една мала керасинка што стоеше на масата, таа беше мала со бутен гас, ја изгоре хартијата (протоколот) од Афанасиев, додавајќи: "Ако не признаваш, не мора да потпишуваш, ние никого не тераме сосила да признава тоа што не сторил". "Аха, си мислам во себе, и тоа го имате. Потоа пак ме однесоа во боксот, повторно претрес, па во затворската кола транкара-тункара по коловози обратно во Лефортовскиот затвор. Пак претрес. Дежурниот офицер овој пат откри на реверот од мојата војничка блуза закачени неколку шпенигли. Јас секогаш со мене во партизани носев игла и конец, ноже и ножички и шпенигли закачени на реверот за секој случај да ми се најдат. Другите работи ми беа одземени, шпениглите досега не ми ги имаа откриено. НКВД-евката беше задоволна од својот "пронајдок". Инстинктивно се насмеав, заради што таа се разлути и почна да прашува од каде ми се шпениглите. Иронично и одговорив: "Оттаму откајшто дојдов".

Кога не префрлуваа од еден во друг завор, претресот се вршеше како од мајка родени, голи. Ме однесоа во истата ќелија, 105, трети кат, трето крило. Ех, си велам, си дојдов "дома". Си ги најдов ќебенцето и шинелот.

ИСЛЕДНИКОТ ЕВГЕНИЈ ПОЧНА ДА МЕ ИМЕНУВА СО “ВЕРОЧКА”

Испитувањата колку и да беа тешки, иако на нив се истураа секакви навреди, клевети, некако подобро ги поднесував отколку самотијата во ќелијата. Барем ќе зборуваш, ќе се бориш на сослушувањата, а во ќелијата едно исто, број-преброј ги предметите, те удираат тешки помисли. Ако те викаат на сослушување, значи, иако за лошо, мислат на тебе, им значиш нешто, се бара важно од тебе, а твое е што карактер си. Цврстиот никој и ништо не може да го скрши.

Еве пак повеќе денови не ме викаат на “следствие”. Размислувам за моите другари. Што прават и каде се сега? Дали и нив вака ги измачуваат како мене?

Добивам “покана” за “следствие”. Одам како секогаш со “девери”: еден пред, друг зад мене, а јас среде со рацете одназад.

Преведувачот Аристотели секогаш со мене беше љубезен, но овој пат поинаков е и иследникот, некако пољубезен. Си велам: “Евгениј применува друга тактика”. Ме прашува како се чувствувам. Му велам дека не сум добра, имам вртоглавица, главоболки, а и со очите не сум добра.

-Сакаш да читаш книги? – ме прашува.

-Да, тоа ми причинува задоволство! – веднаш му одговорив за да не се попишмани.

-Ама на руски јазик – ми вели.

-Можам да читам на руски јазик, бидејќи само неколку букви се различни од македонските, ама и нив ќе ги научам.

-Ќе добиеш белетристика – ми вели.

-Ги имам читано руските романи: “Маладоја Гвардија”, “Как закаљалас стал”, за Зоја Космодојмјанскаја, имам гледано и руски филмови со Скопје – редам јас, ама тој не ми верува дека сум гледала руски филмови со Скопје, односно тие не се прикажуваат во Југославија. Му велам дека тоа можат да го проверат преку нивната амбасада, а на партиската школа во Скопје за уредувањето на Советскиот Сојуз ни предаваше Густав Влахов, кој тука учеше, кај Вас, го читавме “Волоколамское Соше” и др.

Првпат овој пат мојот иследник ме именува со “Верочка”, велејќи: “Верочка ти в рјош”. Оттогаш ми се обраќаше само со “Верочка”, а протоколите ги потпишував со Евгенија Валева ана же Вера Николовскаја, односно со двете имиња и презимиња. Тој ден иследникот Евгениј Константинович ништо не ме праша за разузнавачката дејност. Правејќи се дека заборавил да ме праша, ми вели од каде ми се шпениглите во јаката од блузата. “Останале

уште од партизани таму закачени, па не сте ги забележиле досега при претресите. Ме оставаше повеќе време со преведувачот Аристотели Папуниди, кој ме советуваше: “Признај се зашто сега во Југославија веќе почнаа да дејствуваат партизански групи кои имаат за цел да го соборат режимот на Тито”. “Признав се како што беше, не можам да лажам, а што е и како е сега таму е друго” – му велам. Влезе иследникот и ми донесе две кутии цигари “Бокс” што се најниска класа.

Ме ослободи порано, а не како обично до 5 часот наутро. Всушност, јас не знаев колку е часот, тоа го заклучував врз основа на тоа колку време спиев по враќањето до наредбата “Падјом” во 6 часот.

ИНТЕРЕСИРАЊЕ ЗА ВРСКИТЕ СО ОЗНА И ДРУГИ КЛЕВЕТИ

Зимата во ќелијата скоро немаше ден. Всушност, светлото (светилката) светеше и дење и ноќе постојано, но во лето сепак преду прозорчето ќе се видеше малку небо. Добриот дежурен по некој ден, освен тоа што ми следува, ми даде повеќе коцки шеќер. Книги не ми имаа уште дадено за читање. Ги пушев цигарите, што беа отров, ама јас си ги пуфкам ѓоа пушам. Од хартичките правам: пилиња, врапчиња, чунчиња, крстови, масички и ги редам на масата. Кога направив дваесеттина, се отвори фортичката и дежурниот ме прашува што се тие. Ништо му велам и ја тресна вратата со сила. Ете го доаѓа дежурниот офицер, тој добриот што ми даваше повеќе храна кога ќе беше дежурен, секој трети ден. Занев дека нема да постапи храна кога ќе беше дежурен, секој трети ден. Знаев дека нема да постапи како другите, па му велам дека оваа е армијата на генерал Маркос. Тогаш првпат ме праша: "Ви Гркиња?" "Њет, му велам, ја Македонка". Така "мојот" офицер созна што сум, а можеби и му кажале. Којзнае што мислел дека сум или како на млада жена се сожалуваше и ми даваше се што останувааше од храната кога ќе беше дежурен. За ручекот добив ориз и шчи, за вечерата каша. Без да знам, тој ден и за мене беше празник. Навистина бил 7 Ноември. Тоа го дознав подоцна, следните денови, кога се даваше истата храна како порано. Двапати во годината ми се даваше таква "специјална храна": на 7 Ноември и на 1 Мај. Затоа и мојот иследник ми даде две кутии цигари "Бокс", бидејќи тие денови и тој празнувал со своето семејство.

Во затворот Лефортовскаја тјурма цели 18 месеци бев во самица. Од ќелијата 105 само за неколку дена ме префрлија во една друга мала четвртеста ќелија што се наоѓаше некаде на средината од ходникот на истиот кат кога, веројатно, нешто претресуваа.

Една вечер, пак, ноќе, ми велат да ги соберам моите работи, повторно претреси, во затворската кола и пак "шетање". Си мислам дека ќе ме носат на судење. Се најдов во за мене познатата Љубљанка, в бокс, претрес и в ќелија. Ни стол ни маса има во ќелијата. Се свиткав како куче во еден ќош и задремав. Слушам: "Падјом". Си ги збирам предметите, но ми велат без нив. Ме носат на "следствие". Крај масата стои Панделеев и преведувачот Мојонидис. Се свикнав на мојот иследник, па сега се чувствувам некако понепријатно. Панделеев по чин беше мајор, ама секогаш облечен во цивилна облека.

-Каква врска имаше со ОЗНА? – ме прашува Панделеев

-Никаква! – му велам.

-Кога си била во Бугарија и со кого си се сретнала?

-Во Бугарија отидов по предлог на НОФ и на ДАГ, односно лично на Захаријадис, генералниот секретар на КПГ. Во делегацијата бевме: јас, Павле Раковски (со кого заминавме на Меѓународниот конгрес во Прага), Вангел Ничев, Виктор Кочев и Тане Наумов. Виктор и Вангел потоа требаше да заминат за Источна Македонија. Таму отидовме по покана на бугарската делегација која присуствуваше на нашиот Втор конгрес на НОФ на 25 март 1949 година, која беше во состав на: членот на ЦК на БРП(к) Ристо Стојчев-Кљашев, Ристо Калајџиев, претседател на Македонското друштво во Бугарија, Софија и една жена. На свечената академија во Македонското друштво во Софија присуствуваше и нашата делегација. Зборуваше Ристо Калајџиев за дејноста на македонскиот илинденски војвода Јане Сандански и во неговиот говор ја нападна Југославија, посебно македонското партиско раководство и македонската држава. Рече дека македонскиот јазик е српски итн. Ние од наша страна, посебно јас и Виктор веднаш ставивме забелешка на тоа дека македонскиот јазик во Народна Република Македонија не е српски и дека на тој јазик зборуваме, со тоа писмо се служиме и ние во Егејска Македонија, како што самите можете да се убедите, а паролите што ги имате напишано овде се на бугарски јазик.

Присутните почнаа да не гледаат. На првите седишта, колку што се сеќавам седеше и сестрата на Гоце Делчев – Марија. Тие не реагираа на нашите забелешки. Како гости на Македонското друштво во Софија јас и Павле Раковски останавме неколку дена, но не ја имавме таа среќа да појдеме да се поклониме на гробот на Јане Сандански во Рожденскиот манастир, на Пирин Планина. Павле и јас добивме наредба од грчката "јафка" во Софија веднаш да заминеме за Прага. Така, на 19 април бевме снабдени со потребните документи и авионски заминавме за Прага. На аеродромот не чекаше другарот Максимо и со кола бевме упатени во хотелот "Париз". Таму се сретнавме со другите членови на нашата делегација. Делегацијата ја предводеше Милтијадис Порфирогенис, тогаш министер во Привремената влада на Грција за надворешни работи, а членови бевме: Рула Кукулу, претседател на ПДЕГ, Доне Сикавица, член на централниот одбор на НОФ и одговорен за децата Македончиња во источните земји, Павле Раковски и јас.

-Николовскаја, нам не ни треба тоа, нам ни треба да ни раскажеш за твојата врска со ОЗНА! – ми вели иследникот.

-Јас немам никаква врска со ОЗНА.

-Уште со кого се сретна во Софија? – ме праша Панделеев.

-Во хотелот во кој бевме сместени "Славјанска беседа" служеше и еден мој братучед. Се вика Ванчо Шимбов. Тој е од Егејска Македонија, од селото Косинец. Беше во нашата бригада, но бидејќи мајка му, сестра му и двајцата браќа по ослободувањето живееја во Бугарија од порано, и тој си замина таму во 1945 година кога односите беа добри со Југославија. Кога Ванчо дозна дека јас сум во делегацијата, веднаш дојде во мојата соба. Се видовме и се поздравивме после толку години. Ме покани дома да ја видам мајка му. Им кажав на другарите дека ќе одам во посета кај една моја тетка. По неколку часа, се вратив во хотелот кај другарите. За мојата посета го известив и другарот Ристо Стојков, по потекло од Македонија, од селото Смрдеш, Костурско, кој од страна на КПБ беше задолжен за нашата делегација. Вечерта не снабди со билети за посета на опера, се играше "Евгениј Онегин", која ја посетивме сите од нашата делегација заедно со тој Ристо.

-Николовскаја, Вие не сте искрени. Јас Ве прашувам за Вашата "подревнаја" работа во Бугарија! – ме забележува Панделеев.

-Па почекајте. Се подробно ќе Ви раскажам. Другиот ден, денски, во хотелот дојде една кола и мојот братучед ме кажа дека некои другари сакаат да ме видат. Кога слегов пред хотелот, возачот ми вели да влезам во колата. Видов дека колата е дипломатска. Отидов во куќата во која живееше Наум Пејов со неговото семејство. Тогаш тој беше службеник во југословенската амбасада, односно на военото аташе во Софија. Се поздравив со жена му, со баба му и кај нив ручав. Наум ме замоли да го посетам Васил Ивановски во неговиот дом и во разговорот со него да го прашам што мисли за случајот во врска со Југославија и кај еден Македонец. Жена му ме замоли, ако се снабдам со чорапе капром, да им побарам повеќе пара на Милка, жена му на Пејов, за неа, бидејќи тогаш тешко се наоѓаа.

Ме вратија со колата кај другарите. Попладнето бевме слободни. Јас се упатив во домот на Васил Ивановски-Бистришки. Во станот ја најдов само жена му. Се поздравивме и и кажав која сум и од каде сум и дека сакам да го видам Васил. Таа ми кажа дека Васил е во немилост од бугарската партија и дека е без работа. Ми рече каде и да е сега ќе дојде, па да го почекам. Набрзо дојде Васил. Се поздравивме. Му пренесов поздрави од Паскал и од Минчо. Васил и Минчо беа роднини и се од исто село, Лувради, Костурско. При размената на населението меѓу двете светски војни фамилијата на Васил дојде во Бугарија, па тој од млади години беше во редовите на КПБ, заземајќи и некои функции, а беше и во СССР. При провала во 1942 година е уапсен и осуден на 15 години затвор. Со

група на политички затвореници во средината на 1943 година од Пловдив е префрлен во затворот Идризово, Скопје, каде што ја напишал неодминливата книга "Македонското прашање во минатото и сега". По бегството со политичките затвореници од Идризово во 1944 година, стапи во НОБМ. Избран е за делегат на Првото заседание на АСНОМ, член е на Агитпроп при Поверенството за информации на Президиумот на АСНОМ, стана прв главен уредник на в. "Нова Македонија", а по ослободувањето, покрај раководната функција во "Нова Македонија", е именуван за заменик-министер на Министерството за социјални грижи, но поради судир со официјалната политика во ноември 1945 година се врати во Бугарија. Го прашав Васила каква е положбата во Бугарија во однос на Македонците и што мислат по донесувањето на Резолуцијата на Информбирото. Васил ми рече дека работата не чини и дека тој е во немилост и може да го снајде уште полошо, дека не се согласува со ставот на ЦК на КПБ во однос на Југославија. Му кажав за приемот во Македонското друштво и за Ристо Калајџиев. Ме прашуваше за нашата положба во Егејска Македонија. По овој разговор, си заминав од домот на Васил Ивановски (во 1949 година Васил Ивановски беше уапсен и осуден во врска со процесот против Трајчо Костов). Другиот ден, заедно со Ристо Стојков-Кљашев, отидов во една стоковна куќа и си купив се што ми требаше: цивилна облека за патување на конгресот во Прага, ме снабди со потребната документација за патување, билети и се друго што ми беше потребно. Повторно отидов кај Наум Пејов и го известив за разговорот што го имав со Васил Ивановски и на жена му и дадов два пара чорапи капрои.

Следниот ден утрото со Павле Раковски бевме префрлени на софискиот аеродром и преку Белград заминавме за Прага. Еве ова е се што можам да Ви кажам за во Софија при мојот престој. Немав никаква разузнавачка дејност. Ако ова го сметате за такво нешто, тоа е Ваша работа.

Панделеев рече дека против мене има дадено писмена изјава. И навистина. На соочување, по извесно време, со Павле Раковски в очи ми рече тоа што не беше така. Меѓутоа, на соочувањето јас му реков дека тоа се негови измислици и си останав на мојот изнесен став. По враќањето во Југославија по долги години, Вангел Ајановски-Оче во неговата книга "Егејски бури" (1945) на стр. 342 пишува за нашиот престој во Софија, но не така како што навистина беше. Во весникот "Вечер" од јули 1989 година за овој случај наведува и Ристо Кирјазовски. Тоа јасно зборува дека уште тогаш се давани погрешни изјави против мене. Јасно ми беше дека

КПГ, односно службата за безбедност на ДАГ уште од порано ја следеше мојата работа, моето движење во НОФ, во АФЖ и во ДАГ. За тоа ме предупреди другарката Афродита кога бевме на Вториот меѓународен конгрес на жените во Будимпешта и во Бугарија, но немаше никакви конкретни докази, освен што бев во Југославија. Тоа не го криев, но беше жално и ниско што моите другари си дозволуваа да даваат клеветнички изјави, па бев задржана во домашен притвор и во Романија.

Панделеев се нервираше. Ми вели: "Николовскаја, кажете ни какви врски имате со ОЗНА?" Кога му одговорив негативно, никакви, освен што кога одев во Југославија се среќавав со моите другари, кои се интересираа за положбата во Грција, за монархофашистите и за англоамериканските империјалисти. Ними им беше потребно да знаат повеќе за реакционерниот режим на Грција.

-Доста! –ми се развика Панделеев, "и овде се обидувате да го браните Вашиот Тито. Истото го вели и Вашиот сопруг, кој е толку тврдоглав и сака да ни ја наметне исправноста на Титовото раководство".

Му велам: "Не сме толку моќни и блиски до Тито да Ви наметнуваме негови ставови, само Ви кажуваме како беше нашата положба. За врските со Тито нека Ви кажат Захаријадис и Иоанидис кои имаат лични контакти со него".

Потпишав уште еден од најтешките протоколи со навредувања, понижување и уште што не, да ти се крене косата на главата од разни измислици од иследникот и од соочеведецот.

ВО ЌЕЛИЈАТА БРОЈ 86 ВО ЛЕФОРТОВСКИОТ ЗАТВОР

Ноќта во "воронокот" ме враќаат во Лефортовската тјурма. Овој пат бев уште поохрабрена, бидејќи Панделеев ми го спомена името на Минчо. Значи тој и Минча го испитува. Се виде дека Панделеев го почитува Минча кога ми рече дека "штета е што е толку заблуден, а е паметен". Не се опишуваше мојата радост што ете и во овие услови Минчо на негов својствен начин се подигрува со иследниците.

Овој пат ме сместија во приземјето на левото крило во ќелијата број 86. Два месеци не ме повикаа на "следствие", во јули и август 1951 година. Само еднаш ме повика поручникот Погребњак. Ме праша како се чувствувам и ми даде две кутии цигари. Една ноќ, во спиењето, ми се пушти крв од носот. Тоа не го осетив. Веројатно тоа го видел дежурниот низ малото вратниче. Две жени во бели мантили застанале над мене и ме укоруваат зошто сакам да извршам самоубиство. "Не е вистина, јас сакам да живеам!" – им велам, а тие ме прашуваат тогаш од каде е таа крв. Тогаш видов дека на перницата има крв, а крвта во носот ми се засушила. Им објаснив дека мена почесто ми тече крв од носот. И другпат ова ми се има случено. Тоа го знае мојот иследник. Прашајте го и него, ако не ми верувате. Сакав да дознаам каде се наоѓа Никитин. Ми дадоа прашок и некои други лекови за неколку дена.

Иследникот и преведувачот ги немаше. Тие тогаш ти отишле во Ташкент за да земат клеветнички изјави против нас од некои малодушници.

ПЕСНА – АЛЕГОРИЈА НА МОЈОТ ЖИВОТ

Секоја осаменост ја исполнував со размислување: за што се борев во НОБГ и во Граѓанската војна на Грција и што е ова што го прават со мене, каде стасав; како ја замислував Москва и што доживувам во неа. Од тие размислувања, спонтано, стих по стих, излезе цела песна, т.е. алегорија на мојот живот. Нејзиниот почеток, зародиш, се јави во ќелијата 105, а целосно оформување доживеа на Први мај 1951 година во ќелијата број 86 во Лефортовскиот московски затвор. Се разбира, ја создавав усно, наизуст, во себе зашто немав молив и хартија да ја запишам, т.е. такво нешто беше "немзја". Така оформена песната ја носев во себе, ја повторував во ќелиите се до Алма Ата. Таму ја запишав на хартија.

Под песната се запишани индикаторите: време (1. V 1951 година) и место ("МоЛеТјур"). Местото е со кратенка што значи: "Московскаја Лефортовскаја тјурма", односно: "Московски Лефортовски затвор". Си дозволувам да ја цитирам таа песна зашто е корната од мојата душа, создадена во исклучително неподносливи околности.

ЦВЕЌЕ

Планинско, пролетно цвеќе,
со горски солзи и топла крв вадено,
растеше силно, немаше уште расцутено.

Го играше ветрот во ноќите,
топло го бацуваше сонцето,
весело се смееше цвеќето,
гледајќи високо во небото,
играјќи весело лисјата,
ги поздравуваше цвеќата
што растеа долу во полето,
така весело леташе времето.

Но едно мајско, росно утро
поган црвец, барајќи си храна,
без жалост, со апетит и радост,
го зграпчи право во срцето,
се потресе цвеќето.

Не обрна внимание тогаш,

затоа не осети болка
и пак весело ги играше лисјата,
шепотејќи со ветрот во ноќите.

Но малата срцева рана,
со времето голема стана,
црвецот ја испогана, таа оживеа,
убавото горско цвеќе пожолте и свена,
ја наведна настрана главата
и ја навали – на копривата.

Ох, смртно ја изболе раната,
крвави солзи ја натопија земјата,
не сакајќи цвеќето,
ја повади копривата.

И други таму растеа коприви,
темни, погани, горделиви.

Убавото планинско цвеќе,
без пријатен планински ветар,
без слатка утринска роса,
без светлина и топло сонце,
стана жртва на темнина,
немоќно своите убијци да ги храни.

Така, убавата, бујна младост
предвремено згасна
од думанската подлост.

МоЛеТјур
1. V. 1951

СООЧУВАЊА СО ПОПЛАЗАРОВ И СО ХАЏИЈАНОВ

После два месеца, бев повикана на "следствие" од мојот иследник во присуство на преведувачот Аристотели Папуниди. Ме праша како се чувствувам, па што било со крвта. "Како порано, во спиењето, ми протекла крв од носот на преницата. Тоа го забележале стражарите и дојдоа лекари, ми дадоа лекарска помош, претходно прашувајќи ме зошто сакам да се самоубијам. Им објаснив дека тоа почесто ми се случува, за кое, ако треба, да Ве прашаат и Вас. Можеби (инстинктивно се насмеав и му велам) порано ќе извршев самоубиство, но сега толку ми е удобно во овој комфор што не ми доаѓа на ум за такво нешто". Долго ме гледаше иследникот без да ме праша нешто, само тоа дали имам цигари и дали ми носат книги. Му кажав дека еднаш ме повика Погребњак и ми даде две кутии "Ракета". Тој тогаш ми даде една кутија цигари "Казбек", голема кутија. Првпат видов такви цигари. Никитин повеќе ништо не ме испитуваше. Тоа беше денски и ме ослободи со зборовите: "Пак помисли се за твојата престапна дејност". Ме вратија во ќелијата 86.

Со последните зборови Никинин ме стави во недоумица. На "следствие" ме повика по неколку дена. Ме праша како го познавам Поплазаров и Хаџијанов. Му раскажав по ред.

Поплазаров го познавам уште од 1943 година, учител и предвоен револуционер-комунист. Имаше партизанска група за разбивање на контрачетниците-комитаџии и по формирањето на СНОФ, за Костурско беше член на Секретаријатот на СНОФ и задолжен за издавачката дејност на СНОФ, го издаваше весникот "Славјаномакедонски глас". Беше во немилост од страна на КПГ во мај 1944 година и по ослободувањето, во август 1944 година се приклучи во македонскиот баталјон "Гоче" и со тој баталјон истата година премина во Југославија. Заврши партиска школа во Скопје заедно со мене, во иста генерација со Уранија и со други. Во декември 1946 година беше поставен за секретар на Окружниот одбор на НОФ на Леринско и дека во тој период јас бев секретар на НОФ Соровичко-Кајларската околија. Добро ми е познат до нашето уапсување.

Никитин ме слушаше внимателно како секогаш. Откога ме сослуша, ми вели: "Нам не ни треба неговата биографија, туку ти да ни кажеш какви врски имаше тој со ОЗНА".

Не одговорив веднаш. Се размислив. "Сигурно тие имаат прибрано некои податоци", си мислам, па му велам: "Сигурно имал. За време на НОФ и ДАГ сите ние коишто престојувавме во Југославија се пријавувавме во органите за внатрешни работи,

односно, како што порано Ви кажував, нас не прифаќаше Министерството за внатрешни работи на Македонија-Југославија, а грчките "ѓафки" во Скопје, Струмица, Ниш и Белград соработуваа со ОЗНА и помошта што ја добивавме одеше преку нив. Оттука, и сите раководители на КПГ беа прифаќани преку нив.

-Значи, Поплазаров имал контакти со ОЗНА? – повторно ме прашува, на што му потврдив. Ми вели: "Ако те изведеме на соочување со него, ќе му го кажеш ова? Тој не сака да признае", ми вели. "Зошто да не сака, па беа нормални таквите официјални контактирања", му велам на Никитин. Така го завршив протоколот.

Другиот ден на сослушувањето иследникот ме прашува како го познавам Ташко Хаџијанов. И за него раскажав се што знаев, како што беше.

Ташко првпат го запознав во декември 1944 година кога дојде во Битола во Првата ударна бригада на Македонците под Грција. Тој е од револуционерно семејство. Беше младински раководител на НОМС. Неговата свршеница загина на Грамос во големата монархофашистичка офанзива богато помогната со американските авиони. Загина од напалм-бомби. Татко му беше стрелан во Атина од Германците. Заедно бевме уапсени од КПГ во Албанија и доведени тука. Ме праша иследникот дали Ташко имал врски со ОЗНА. Исто како за Поплазаров, одговрив потврдно, додавајќи дека ме чуди зошто не сакаат да признаат тоа што беше така.

-Верочка, на соочување ќе му го кажеш ова? – ме прашува иследникот.

-Зошто да не, ќе му го кажам! – му велам, а сум задоволна што ќе имам можност да се видам со двајцата, бидејќи и тие се во иста положба како мене, но ми беше чудно зошто не сакаат да признаат, бидејќи ОЗНА се интересираше за нашето движење и за се на монархофашистичкиот режим и сестраната помош што нему му ја даваа англоамерикаците.

Соочувањето со Поплазаров и со Хаџијанов го имав по неколку дена. В очи им го реков тоа што му го кажав на иследникот. Ги потпишав протоколите. Нивното држење на сослушувањето ми изгледаше мизерно. Зошто криење на вистината? Немаше никаква грешка што ние како организација НОФ имавме некакви врски со ОЗНА зашто тие не помагаа. Тоа го знаеше добро и КПГ, која тие контакти ги одржуваше на повисоко ниво: раководители на КПГ со раководители на КПЈ. Во секој случај ми беше мило што се видов со обајцата, што се живи, иако беа многу исцрпени. Не ми

беше познато дотогашното нивно држење, но непризнавањето за ОЗНА ми беше глупаво.

БО ЌЕЛИЈАТА БРОЈ 46 ВО БУТИРКА

Подолго време не бев на “следствие”. Кога една ноќ се отвора вратата од ќелијата и ми велат “Вазми”, се што имам да си понесам: шинелот и зеленото војничко ќебенце. Книгите ги оставив на масата, ми беа завршени и цигарите. Се проштавам засекогаш со ќелијата 86 во Лефортовскаја тјурма, лево крило на приземје. Овде, во оваа ќелија, немав “добродетел” како во ќелијата 105 секој трети ден да добивам дупла порција.

Пак “воронок”, пак долга ноќна “прошетка” низ Москва, покрај Црвениот плоштад... Тешки порти се отвораат. Претрес во нов амбиент, со нови НКВД-евци. Сум во ќелијата број 46, лево крило, широк хол поплочен. Ќелијата “удобна”: помала, четвртеста, без прозорец, но посветла, ги нема црните темни ѕидови и таквиот под. Ист “мебел”. Храна: кипјаток, чорба од риба, боршч, шчи, каша, но друг вид на каша - “гречиха”, малку но вкусна. Организмот свикнува и на мала чинија. Тоа беше во првите денови на ноември 1951 година. До тоа сознание дојдов кога по неколку дена за јадење ми донесоа добра чинија боршч и каша од ориз. Значи: Денот на Октомвриската револуција. Вториот ден исто така имаше каша гречеха, што е хранлива и вкусна (неа во СССР ја јадеше сиот народ, па и ден-денеска е многу барана). Сега и кај нас ја има во продавниците.

Одговорниот за тој дел на ќелиите каде што сум јас, по некој ден, ја отвори вратата. В раце држи блок и молив и ми дава да се потпишам на една белешка. Ми објасни дека ќе добијам 13 рубли, но не живи пари, туку за таа сума можам да си купам во кантината што сакам, се разбира, преку него. Без никакво размислување изустив: сапун и чешел. Тој ми вели дека можам уште нешто да нарачам до вредноста од 13 рубли, па нарачав: шеќер, паста и четка за заби. Другиот ден ја добив нарачката. Ми останале непотрошени уште 3,5 рубли. За нив нарачав бонбони. И тие ми беа донесени по некој ден.

Што е сето ова?! Ова е изненадување! Отсега секој месец вака ќе ни даваат? Ем се чудев, ем се радував како дете.

Околу 8 месеци сум во Бутирскаја тјурма. Не ме водеа на “прошетка” вообичаените 5 минути, кога немав сослушување. Секои 15 дена ме водеа под туш (на бањање). Купениот сапун добро ми дојде за миење на косата, која во затворот многу ми порасна и ја плетев во плетенки. Чешелот што го купив е мал, ама со големи запци, па добро се чешлав, а со дотогашното мое мало чешле не можев асолно да се исчешлам. Правев економија на сапунот и на шеќерчињата. Во мислењето дека вака ќе ни даваат

секој месец се излажав. Заборавив каде се наоѓам. Сепак малку закрепнав со бонбончињата и со чистотата. Поретко навраќаа лекари и прашуваа дали имам вошки.

По вобичаеното поздравување, кога бев викната на сослушување и заземањето на моето познато место, иследникот невообичаено, прво ме праша за моето здравје, како се чувствувам и ми направи комплимент дека "добро изгледам". Му се заблагодарив за комплиментот. Ме праша: "Верочка, од каде во тебе огледало што си така добро исчешлана?" Му реков со ист тон: "Зар Вас не Ве известија дека добив дупли пајок?" Не го скри задоволството и повторно ме праша: "сериозно Ве прашувам, кажете ми од каде во Вас огледало?" Пак несериозно му одговарам: "Го носев со себе, но Вие и покрај толку претреси не го откривте (подзастанав), тоа е Ваше." "Како наше?" Никитин беше навистина заинтересиран да дознае од каде кај мене има огледало, бидејќи убаво знаеше оти огледало во затворот не можеше да се скрие при претреси, дури и како од мајка родена. Го заинтригира тоа и преведувачот Аристотели. И тој на грчки инсистираше да им кажам од каде во мене се нашло огледало, а јас, пак, на грчки, му велам оти тие ми го дале. На крајот им велам: "Цело време за огледало ми служи темното дно на чајникот со кипјаток и покрај тоа што лицето не може да се види, но се гледа како е прибрана косата. Во тоа Никитин сакаше сам да се увери. Зеде чајник со кипјаток и виде дека навистина "тие ми го дале огледалото". Иследникот ми даде една кутија цигари "Прима" и за првпат ми рече дека сме во друг затвор и пак да размислам за моите престапни дела и следниот ден ќе ме повика на сослушвање.

КЛЕВЕТНИЧКИ ИЗЈАВИ ПРОТИВ МЕНЕ ОД МОИ БЛИСКИ СОБОРЦИ

Во Бутирка сослушувањата се водеа повеќе денски отколку ноќе како во Лефортовска тјурма. Изгледа секој затвор си има свој режим. Осетив некаква промена кај иследникот од неговиот однос кон мене. Тоа можеше да се забележи и од префрлувањето од еден во друг затвор и од други поединости.

Размислував во ќелијата за тие промени на што се должат. Набргу ми се разјасниј а.

По некој ден бев повикана на сослушување во некои подземни простории или, можеби, така мене ми се чинеше, бидејќи повеќето скали одеа надолу и се беше осветлено со светилки. Тројцата: иследникот, преведувачот, и јас си ги заседовме своите познати места.

Никитин од неговата акт-ташна извади мала фотографија и дојде кај мене, прашувајќи ме дали го познавам тоа лице. Фотографијата беше мала како за пасош. На неа е Е.К.К. Ми поминаа морници низ телото загрижена што станало со неа. На прашањето како ја познавам, на иследникот Никитин му кажав се.

-Ова е Е.К.К. Таа е од моето родно село Д'мбени. Бевме соседи и членувавме во иста младинска и партиска ќелија. Беше партизанка (ги наведувам нејзините функции што ги заземаше). Со неа сме блиски другарки.

-Добро, ми вели иследникот, сега ќе пишуваме протокол. Потоа ми ја даде да ја прочитам нејзината изјава напишана во Ташкент. Ја прочитав. Не ми се веруваше дека К., најдобрата моја другарка од детството, може да даде таква изјава само со лаги и клевети. Напишала како сум вршела разбивачка работа во ДАГ, дека сум агитирала меѓу борците за заминување во Југославија и уште што не друго што повеќе да ме оцрни.

Се разбира, бев категорична, ги отфрлив сите лажни искажувања во изјавата на Е.К. со коишто ме товари во истрагата, велејќи: "По одобрение лично на Захаријадис, јас нејзината мајка ја префрлив во Југославија, во Битола, бидејќи нашето село беше дотемел изгорено од монархофашистите и сите старци и изнемоштени лица, околу 90 души мажи и жени ги префрлив до југословенската граница преку Преспа. Сега нејзината мајка живее заедно со мојата мајка во иста соба на улица Мирче Ацев број 6 во Битола, во куќата на еден наш земјак, Живко Делев". Тогаш Никитин ми вели: "Па таа за лажни искази, по нашите закони, две години треба да биде осудена затвор" и ми ја подаде нејзината изјава, на која најдолу, десно, беше потпишана самата по предупредувањето дека

за лажни искази се казнува со две години затвор. На иследникот му велам да ја донесат тука да се соочиме. “Е тоа, Николовскаја, не може”, ми вели. Адресата на Е.К. и беше: “12 жил-городок Ташкент”.

Кога ја прочитав адресата, ги заборавив клеветите на мојата најблиска другарка и, за чудо, добив голема морална поддршка со тоа што осознав дека единиците на ДАГ се наоѓаат тука покрај нас. Значи, не сме сами во Советскиот Сојуз. Тоа за мене беше големо откритие што ми го овозможи мојот иследник, давајќи ми ја в раце клеветничката изјава.

Го потпишав протоколот со морално-охрабрувачко наоружување. Без разлика на тоа колку беа тешки лагите, клеветите за мене, тие беа едно олеснување во мојата безизлезна положба. Тие тешки моменти не можат да се опишат со зборови кога ќе прочиташ такви нискости од најблизок. Ќе напоменам дека братот на Е.К. во тоа време работеше при Главниот штаб на ДАГ. Ме замоли да одиме заедно кај Захаријадис за префрлување на мајка му во Битола. По одобрение на Захаријадис, јас тоа го извршив. Во тоа време ГШ на ДАГ и ЦК беа сместени во селото Винени, кај Преспанско Езеро. И после сето тоа добро, со изјавата на Е.К. со иследникот имав работа неколку дена.

Од клеветничката изјава на Е.К., како што напоменав, сепак имав некаква корист: разбрав дека единиците на ДАГ се тука, не сме сами уапсените.

Другата недела иследникот при сослушувањето ми подава друга фотографија и ми вели: “Верочка, овој треба да го познаваш, и тоа добро”. Гледам: Димитар Шалапутов-Мичо, од село Жупаништа, Костурско. Него го познавав од времето на ЕЛАС. Тој е многу постар од мене, но бевме заедно во позадинска работа во Костурско . Му велам на иследникот: “Многу добро го познавам”, на што тој ме прашува како каков го знам. Подробно му раскажувам на иследникот за Мичо.

-Е сега, ми вели иследникот, прочитај ја неговата изјава што пишува тој за тебе и ми ја дава в раце.

Читам. Што ќе прочитам! Димитар Шалапутов-Мичо без трошка совест како можеше толку да ме оцрни. Пишува дека јас сум убивала комунисти за време на ЕЛАС и ДАГ, дека сум организирала дезертерства и уште какви не подлости. Лаги со опашки. Изнесува против мене клевети што чесен човек никогаш не би ги помислил. Пишува дека јас сум ги убила комунистите од селото Габреш, Костурско: Стамко со ќерка му. Тоа толку ме револтира што станав од столчето, направив чекор напред кон иследникот и на висок глас му велам: “Донесете го тука тој човек

за јас да му кажам в очи дека овие се лаги, негови измислици. Прво, тој Стамко и ќерка му воопшто не ги знам кои се. Колку што знам, тие не беа комунисти, тие беа затворени во себе, а токму тој Димитар Шалапут, без никаква причина, ги фрли во дулото што се наоѓа на планината преку селото Габреш. Потоа, им ја пљачкоса куќата. Сето ова, донесете го, да му го речам пред Вас в очи!"

Боже, што се не може да измисли нечовек, злосторник! Станаа иследникот и преведувачот да ме смируваат, велејќи ми: "Ти не гледај што пишуваат тие против тебе, ти ќе кажуваш за себе!" "Но Вие не ми верувате мене, туку му верувате нему! Затоа барам соочување со него". "Е, тоа не може". "Тогаш како ќе ја утврдиме вистината. Ако советската партија им верува на такви лаги, тогаш не знам што да речам (а во себе си велам: тогаш каква партија е таа)" – му велам на иследникот. Тогаш не знаев дека врз основа на вакви лаги илјадници советски луѓе се убиени и затворени во Гулаг. И со оваа гнасна изјава на Димитар Шалапунов-Мичо имав работа неколку дена со иследникот, па го потпишав протоколот, а иследникот ми даде една кутија цигари " Казбек", бидејќи бев многу возбудена.

Следните два-три месеца, точно не се сеќавам колку време, на секое сослушување иследникот ми покажуваше се нови и нови такви фотографии од мои дотогашни другари по оружје и по партиска припадност, кои со најгнасни измислени клевети, за да се покажат лојални на КПГ и на СКП(б), ги даваа не само против мене, туку и против сите нас затворените раководители на НОФ и ДАГ, мислејќи дека со нас повеќе нема да се видат и дека нивните изјави нема да ни бидат дадени да ги прочитаме и да ги видиме нивните гнасни потписи.

Постапката на иследникот секогаш беше иста: ќе ми ја покаже фотографијата,ќе ме праша дали и како каков го знам, а потоа ми ја даваше неговата изјава да ја прочитам, а јас морам да ја докажувам вистината.

Такви измислени клеветнички изјави против мене имаа дадено: Ристо Евангелу, Зизо Делевски, Ѓорѓи Пајков и многу други за кои ќе стане збор подоцна.

Ристо Евангелу е од селото Апоскип, Костурско. Тој во изјавата имаше напишано дека јас комунистичкото знаме од црвена свила сум им го дала на афежетките да си направат гаќи. Тоа не беше знаме туку неколку метра црвена свила што на Вториот конгрес на НОФ (25 март 1949), кој се одржа во селото Нивици, Преспа, ми беше подарена од делегацијата на Македонското друштво од Софија која присуствуваше на конгресот на чело со претседателот Ристо Калајџиев. Таа свила ние не можевме да ја употребиме и по

капитулирањето на ДАГ, во логорот Елбасан, во Албанија, решив на афежетките да им дадам по една марама за околу врат. Од таа свила излегоа шест памии. “Тоа беше се, му велам на иследникот. Една од тие шамии е мојата што ми ја зедовте уште првата вечер при претресот во боксот на затворот заедно со другите мои предмети, тоа беше во Љубљанка”. Пак протокол со прашањата на иследникот и моите одговори.

Идните недели есента на 1951 година следеа се такви и слични испитувања по искажувањата во изјави на “другари”, кои без трунка совест даваа лажни клеветнички изјави против мене.

Таква изјава, со слична содржина, имаше дадено и Зизо Делевски од селото Добролишта, Костурско. Тој беше позадински работник на КПГ и на НОФ, верен пион на КПГ уште од затворот во Акронавплион, но органичен човек. Од околиски функционер не можеше да се искачи погоре на хиерархиската скала. И тоа што беше беше со полтронство. Со давањето такви изјави за сите нас затворени му се даде можност уште еднаш да ја докаже неговата лојалност кон КПГ и кон СКП(б). Поради такви “заслуги” и доби национална пензија од СССР, а со доаѓањето во Скопје ја продолжи старата практика поддржуван од некои такви како него кои дезертираа од нашето Движење во Егејска Македонија.

Ѓорѓи Пејков е од селото Нестрам, Костурско, предвоен комунист на КПГ. Пред КПГ, пред партијата се докажуваше со давање лажни, клеветнички изјави без тронка совест и човечко достоинство.

Сите давачи на гнасните изјави што ги наведов, кога дојдов во Скопје по 1956 година бараа да им сведочам за утврдување на нивниот боречки стаж, не знаејќи дека јас знам за нивните лажни изјави, за нивните клеветења. Им реков в очи: “Вие дадовте лажни клеветнички изјави против мене во органите на НКВД за да ме стрелаат. Но, еве, јас сум жива. Сега вие барате моја услуга да ви помогнам да си го решите вашиот проблем за егзистенција. Веќе вие не сте способни за работа, па сакате да добиете пензија”. Кога тоа им го реков в очи, цитирајќи и делови од нивните изјави, ги веднеа главите, оправдајќи се дека биле принудувани. Јас по природа, како и мојот покоен сопруг Минчо, не сме злопамтила. Гледајќи како мизерно се однесуваат, не молат, им дадов изјави за тоа што беа во времето на НОБ и Граѓанската војна на Грција за да живеат, а не како нив што ни посакуваа смрт.

Димитар Шалапутов-Мичо, кој живееше во Бугарија, во Пловдив, дојде кај нас на гости, да не види како стари другари. Го нагостивме. Тој за мојот сопруг, Минчо, имаше дадено уште погнасна изјава, и тоа многу поопширна отколку против мене.

Кога в очи му рековме зошто дал изјави против нас, се оправдуваше дека, ако не давал такви изјави, многу ќе страдал, мислел дека божем нас не имаат стрелано. "Ако не имаа стрелано, немаше потреба да бараат од вас изјави. Друго, ако не си давал такви изјави, многу ќе си страдал, а како ќе поминеме, и како што поминавме, од тие твои изјави тогаш не ти беше гајле!" – му рековме на разделбата и замина како избербатен одзади.

Заедничка изјава имаа дадено уште: Никола Бојков, доктор од селото Жупаништа, Костурско; Ацо Ивановски од гратчето Хрупишта, Костурско и Атанас Ангеловски-Гарефи од селото Лобаница. Сепак тој ја кажа вистината дека јас го вклучив во организацијата во 1943 година. Од овие тројца ми ги покажаа само фотографиите, а изјавата не ми ја дадоа да ја прочитам, па не знам што имаа избљувано.

Клеветничка изјава против мене имаше дадено и Коста Хрисафов од селото Баница, Леринско, живеел во Бугарија. Кога дојде во Скопје и тој ми побара изјава за регулирање на неговото учество во ДАГ. Интересно, сите што доаѓаа за изјава кај мене или кај мојот сопург, мислеа дека не знаеме за нивните изјави, па толку многу љубезно се однесуваа како никогаш ништо да немало недобро меѓу нас. Кога му реков на Хрисафов зошто дал изјава против мене, се посрами, оправдувајќи се дека тоа го сторил под притисок на партијата.

Пандо Вајна од селото Сребрено, Соровичко, во ДАГ беше командант на 18. бригада, а јас во неа бев помошник на политичкиот комесар Маки, за кое порано поопширно кажав. Овде да споменам само тоа дека Пандо Вајна имаше напишано наредба да бидам одликувана за покажаната храброст и бев унапредена во чин капетан на ДАГ за мојот успех покажан во борбата во градот Лерин. Кога, и тој дал изјава против мене. Кога ми ја покажа неговата фотографија и кога ја прочитав неговата изјава, на иследникот му велам: "Нема комунисти кога вака можат да лажат".

Пандо Вајна, кога се расформира организацијата "Илинден", немаше смелост да дојде во Скопје, Македонија. Отиде во Бугарија. Таму заврши високи воени училишта и беше унапреден во генерал на бугарската армија. При посети на Бугарија, со сопругот Минчо повеќепати баравме да се сретнеме со него, но си знаеше за неговите недела, па не дојде да се состанеме. На визита дојде Ставро Кочев. Тој од Полска се пресели во Софија, каде и почина. Ставро беше член на Секретаријатот на НОФ и член на преобразената "Илинден". Го дочекавме другарски. Зборуваше за грешките и за манипулациите на "другарите" и "пријателите". Од

Софија во Скопје не дојде Пандо Вајна, но ни направи посета таткото на неговата сопруга. Тој сакаше да го чуе нашето мислење за Пандо Вајна, односно за зета му, дали сме задоволни од неговите гнасни изјави. Значи, и најблиските го осудувале. По него му испративме поздрави на Пандо, т.е. да го поздрави дека неговите лаги лично ги прочитавме во затворот Бутирка во Москва. Тој треба да се срами од својот чин генерал зашто е добиен за сметка на борците и затворениците, а ние си останавме искрени, чесни како во војната, така во затворите и сега на слобода.

Што се однесува за комесарот на 18. бригада , кому му бев помошник, од него не видов изјава против мене. Тој со години шеташе низ Романија. Дојде во Скопје кај свои братучеди. Побарал да се видиме, но не знам од кои причини не го донесоа кај нас. Сакаше тој за постојано да се насели во Скопје, но органите за внатрешни работи не му одобрија. Подоцна замина за Солун, Грција, иако со КПГ не беше во добри односи.

Против мене клеветничка изјава имаше дадено и Лефтери Кацако, Грк од гратчето Кардица. Пред војната беше полицаец. Се приклучи во КПГ и имаше функции. Кога го запознав во 1945-1946 година беше секретар на КПГ на Леринси окург. Ни правеше многу пречки во НОФ на Лерин и во месните организации по селата. На повеќе состаноци се препиравме пред да се признае НОФ од КПГ. Седумдесеттите години на минатиот век ми испрати писмо од Ташкент да му пуштам гарантно писмо да може да ја посети Македонија, односно Скопје. Бидејќи јас и сопругот имавме направено повеќе гарантни писма на наши пријатели соборци, дури и на такви коишто имаа давано клеветнички изјави за време на процесот против нас во Москва, ја злоупотребивме мајка ми божем како познати пријатели со неа. Лефтер Кацако мене ме познаваше “многу добро” од расправиите за НОФ, но тој си мислеше дека не ми беше дадена неговата изјава да ја прочитам во Москва, во која најнеодговорно ме напаѓаше како “комунист” на високи функции. Сепак со Минчо решивме да му испратиме и нему гарантно писмо. Дојде со неговата жена Роксана, лекар, хирург. Беа гости во мојот дом. Жена му Роксана е од гратчето Негуш. Се приклучи во партизани кога беше нападнат нејзиниот роден град. Во Ташкент го стекна високото образование и специјализацијата. Ги примивме најгостопримливо, но при еден разговор на Лефтер му реков: “Зошто даде таква изјава против мене?” Се оправдуваше, како сите, дека бил принудуван, но, всушност, не верувал дека НКВД ќе ми го каже неговото име, а уште помалку дека ќе ми ја даде в раце неговата изјава да ја

прочитам. Поседа уште некое време, се извиде со доста познати, за нас се иразуваше многу пофално, ја напаѓаше КПГ што го разедини народот и за настаните што станаа во Ташкент. По некоја година, Лефтер со жена му, ќерка му и син му се врати во Грција. Живее во Атина, но ниеднаш не ни е јавен.

Ми беше прочитана и една изјава без да ми се каже фотографија од некојси Коравешов од селото Смрдеш, Костурско, постар човек. Во неговата изјава имаше најпофални зборови за мене. Пишува дека тој не ме знае за таква каква што ме прикажуваат: за агент; дека одев во нивното село, зборував на митинзи и ги повикував луѓето да се организираат и да стапат во партизани, да се бориме како Македонци против фашистите, дека не е точно оти сум вршела разорна дејност во организациите: КПГ, НОФ, АФЖ и ДАГ.

Иследникот ми вели дека има и такви изјави, но други вакви изјави не ми прочитаа. На секоја прочитана изјава, на иследникот му велев, ако тие луѓе се во СССР, во Ташкент, "зошто Вие не ме однесете таму и, ако сум виновна, пред сите нив да ме судите. "Е тоа не може", ми вели Никитин. "Тогаш како ќе ја утврдите Вие вистината што сум јас и која сум?"

Секое испитување, дневно или ноќно, траеше 5-6 и повеќе часови, што зависеше од прашањата и моите одговори. Кога ќе ми беше прочитан протоколот, ако бев соглсна го потпишував.

Како што изминуваше времето, чувствував како, и иследникот, и преведувачот се
"пољубезни" кон мене. Никитин не ми викаше како во 1950 година, не ме навредуваше со "зволоч-агент", а посебно откако се врати од Ташкент и откако бев преместена во Бутирка. Еднаш ме праша дали во ќелијата сакам да сум со други. Си мислам, можеби, сакаат да ми донесат провокаторки, па му велам: "Свикнав сама, читам книги што ми ги давате од руски и странски писатели преведени на руски јазик и го усовршувам јазикот. Единствено можете да ме ставите само со мажот ми. Се смее. Се смеам и јас. Ми вели: "Е тоа не може".

На соочување во затворот ми ги имаа викнато: Павле Раковски, Уранија Пировска Јурукова и Паскал Митревски. На нивните обраќања, односно кажувања, јас категорично бев против, не признавав ништо и дека измислуваат лаги за да ме оцрнат. В очи им велев дека тоа што го кажуваат е нивна измилица. Кога бев соочена со Уранија и кога и реков дека тоа што го вели е нејзина измислица, злонамерност само да ми наштети за таа да биде ослободена, плачеше и веднаш ја зедоа. Ми велат: "Зошто така ги навредуваш?" Им велам: "Така и уште повеќе заслужија". Којзнае

зошто и од кого се натерани да кажуваат за мене со што немам врска.

По месец-два, од ќелијата 46 ме префрлија во ќелијата 446, лево крило, барем така ми се чинеше зашто одев по скали. Таа беше помала, а "опремата" иста. Сепак овде беше подобро. За мене беше како "хотелска соба".

Не можам да ги добројам колку се изјави имаше против мене со невистинитости, и тоа од мои најблиски другари и другарки со кои во најкритичните моменти ги делевме ужасите на војната. Како можат луѓето толку брзо да се менуваат!? Јас бев воспитувана да бидам чесна, да им верувам на луѓето, па им помагав, но почнав сега и јас да се менувам. Заклучив: секому не треба да се верува, зашто во луѓето има злоба, страв, некои по занимање се полтрони и кодоши.

ОСУДЕНА ОСУМ ГОДИНИ ЗА НЕДОКАЖАНО КРИВИЧНО ДЕЛО

Скоро трета година сум во самица, затворена како ѕвер, без вина – виновна. Ги мерам и ги премерувам ќелиите во кои ме стават, одам од едно до друго место за да не заборавам да одам кога не сум на испитување. Им благодарам на "газдите" што ми дозволија да читам. Ми носат руска белетристика од руски автори и од странски преведени на руски јазик. Добро е: ем времето некако го исполнувам, за миг се оттргнувам од лошите мисли и помисли, а стекнувам и знаења и подобро совладување на рускиот јазик. Особено Толстој ме воодушевуваше. Понекогаш, читајќи, заборавав на знакот за легнување, па стражарите ме опоменуваа.

Едно попладне дежурниот ми вели да се спремам за на бања, односно туш. Тоа беше обично секои 15 дена. На 8 Март повторно се прикажувал журналот од Вториот меѓународен конгрес на демократските жени во Будимпешта (1-6 дек. 1948). При спроведувањето на туш, кога слегувавме по скалите, ми вели: "Ви Гркиња, бидејќи ме видела на журналот во грчката делегација. И реков дека не сум Гркинка, туку Македонска. "Ја вам сматрала в картине" – ми вели.

После повеќе денови, бев викната на сослушување. Покрај иследникот Никитин и преведувачот Аристотелис Папунидис, на сослушувањето присуствуваше едно лице во цивилна облека. Тој својот стол го доближи до моето столче. Ми се виде како некоја поголема личност во хиерархијата на НКВД, КГБ, МТВ. По овој редослед тогаш се именуваше министерството. Љубезно ме парша: "Курите?" "Да", му реков. Ми подаде кутија цигари "Казбег" и ми запали. Во мојата глава се вртеа триста мисли, што ќе е сето ова!

-"Верочка, што Ве натера да тргнете по тој пат? – љубезно ме праша човекот.

-Како "по тој пат?!" За мене во тој период на фашистичката окупација немаше друг пат, туку само борба против фашизмот. Како Македонка малтретирана од грчките реакционерни режими, кога ни беше забрането зборување и на мајчиниот јазик, а потоа дојдоа германско-италијанските и бугарските окупатори, потоа англоамериканската интервенција, нашиот пат беше за национално и социјално ослободување, беше борба против окупаторите и нивните слуги" – му велам.

По вторпат ме праша: "Ти си Македонка?" Кога му реков "да", му кажав како живеевме како Македонци во Грција. Му одговорив и на прашањето: "Зошто се приклучивте со Тито?" Но којзнае кој пат за тоа зборував пред иследникот Никитин. Ми вели: "Не

нервирајте се, Верочка, само Ве прашувам". Според мое мислење, овој човек ќе да беше некој од помошниците на Абакумов – министерот за внатрешни работи на СССР. Мислам дека се викаше Анасимов, еден пристоен господин.

Пак минуваа денови. Само на 15 дена ми ги менуваа книгите за читање, под туш и ништо повеќе. Овде прозорецот ми светеше како во пролет. Едно утро слушам оддалеку песни. Ми носат порција ориз. Тоа ме потсети дека е Први мај 1952 година. Црвениот плоштад беше близу до затворот Бутирка. Два дена по ред се слушаа песни. Пеев и јас во ќелијата. Ги пеев руските револуционерни песни што ги знаев.

Подолго не сум викната на сослушување. Едно утро ме викаат, и тоа не на сослушување туку во бокс. Се чудам, си мислам дека пак ќе ме носат некаде, но зошто без мојот багаж?! Се отвора вратата од боксот и еден офицер со хартии во рацете ми ја чита пресудата:

"Заклучонаја Вера Николовскаја, ана же Евдокија Балева, осужонаја особое савештание по кривичниот закон на РСФСР, член 58, став 4, 6, 11 на 19 април 1952 година на 8 години трудовие лагереи во Сибир". Јас не разбрав ништо што ми прочита. Како што дознав подоцна во сибирските логори од затвореничките од Русија и од странство, тоа "савештание" ти било за недокажано кривично дело. Така можат да те држат цел живот, ми велат затвореничките. Таа пресуда патуваше заедно со мене во управата на логорот во кој бев одредена.

На крајот од мај 1952 година ме повика иследникот Евгениј Константинович Никитин. Ме праша љубезно: "Како си Верочка?"

-Добра сум, а што беше тоа што ми соопштија? – го прашувам.

-Сега ти ќе одиш во Сибир во трудовите логори. Таму има многу затворенички, има и добри, ти нема да си повеќе сама. Да не се плашиш! – ми објаснува.

-Свикнав на се. Нема од што да се плашам. И тие се луѓе. Нема да ме изедат... – редам јас и се чудам каква е оваа пресуда без да ме изведат на суд.

Иследникот Никитин ми даде кутија цигари. Се поздрави со мене за последен пат. Се ракував со Евгениј Константинович Никитин, мојот иследник, ми се стори разделбата другарска после две и пол години "дружење".

Во затворот Бутирка доживотно беше осудена Капланова која стрелаше и го рани Ленин, а работела во затворската библиотека, по желба на Ленин не беше ставена во самица, како што велеа затвореничките таму се породила и добила син.

НА ПАТ ЗА СИБИР

“Нарјадчикот” на крајот од јуни 1952 година влегува во мојата ќелија 446 утрото и ми наредува: “Собери се што имаш!” Ги собрав моите партали и ме спроведуваат како секогаш: еден стражар пред, друг зад мене. Слегувам по скалите. Ме носат на излезот од затворот и ме предаваат на други. Пред влезот стои “воронок”. Си мислам: “Каде сега ќе ме носат! Или, како што ми рече иследникот Никитин, во Сибир!” Се отвора вратата од “воронокот”. Седнувам на едно седиште што беше празно и ја затвораат вратата. Претворена сум во уво. Оди доста далеку затворската кола отколку при другите московски “прошетки”.

Застанува колата. Се отвораат вратите. Излегувам последна. Неколку мажи се до една ограда завртени со грбот. И пред мене до оградата завртена со грбот во униформа на ДАГ, што веќе висеше на ослабеното тело, стои Уранија. Се погледнавме. Без зборување не зафати едно хистерично смеење со кое кажавме се за нашата мизерна положба во која што сме. Не прекина гласот на придружникот. Ја зеде прво Уранија и ја однесе во блискиот воз. Мене малку подоцна, но во купето на столипинскиот воз ме ставија пак сама. Се разбира, тоа беше затворенички воз со решетки. Викам гласно: “Уранија, каде се?” Таа ми одговара: “Тука сум покрај тебе, но со многу други жени”.

Со столипинскиот затворенички воз патуваме два-три дена. Стасавме во градот Чељабинск. Од вагоните ги ваѓаат прво мажите, па жените и не носат во “пересилката” во Чељабинск. Уранија ја стават со повеќе жени во една голема просторија, мене пак сама во една мала просторија, а ме прозиваат со двете имиња и презимиња: Вера Николовскаја ана же Евдокија Балева. Кога нашиот придружник ме повика најпосле откако другите жени ги смести, јас му се обратив: “Зошто мене ме делите од другите жени и од мојата другарка?” Тој ми вели: “Па вие сте од едно дело за да не се напаѓате, така ми е наредено”. Му велам: “Зошто да се напаѓаме? Ставете ме и мене со сите жени и со Уранија!” Тој се замисли и ми вели: “Тоа зависи од Вас. Ајде земете си работите и со нив!” Така, и јас по две и пол години самица им се придружив на повеќето жени и на Уранија. Таа тогаш ми рече: “Во последните месеци и во ќелијата бев со повеќе жени, а ти?” “Не, јас досега бев се сама, си зборував самата со себе и си пеев во ќелијата да не онемам”. Од Чељабинск не натоварија пак на воз за натаму во непознато. Но овој пат не бев сама. Стасавме во градот Новосибирск. Тука беше централната “пересилка”. Тоа беше голем логор. Можеше да се прошеташ низ логорот и да се

видиш со многу затворенички од сите краеви на СССР, од Европа и од Азија. Овде не распоредија по групи кои кон каде ќе не испраќаат за понатаму во логори.

Останавме во Новосибирск повеќе денови. Со Уранија еден ден не однесоа да ги чистиме машките бараки. Изненадување! Колку е мал светот. Го гледаме Коста Цилков од селото Брезница, Костурско. Кога се видовме, нема крај на радоста. Ни вели: "Ние знаевме за вас во Ташкент. Таму сме целата армија и целото раководство. Не прашуваа за вас". Му велам: "И мене ме прашуваа за тебе како каков те познавам". Ми рече дека за тоа му кажале, но ни рече и тоа дека во Ташкент се исподелиле: едни за Захаријадис, други за Маркос.

Наводите што му ги кажав на мојот иследник за него Коста ги потврди, но ете и тој е затворен и не знае каде ќе го носат, а и ние не знаеме. Се интересира каде се другите другари што беа со нас затворени. "Не знаеме каде се. Уште тогаш, во 1950 година, не разделија кога не донесоа во СССР, којзнае кој во кој затвор е. Само пред два месеца се сретнавме со Уранија", му велиме на Коста Цилков, со кого се разделивме за повторно да се сретнеме во Македонија. Живееше во Гостивар, каде и почина. Бевме задоволни што од Коста добивме податоци за нашите во Ташкент.

Од Новосибирск бевме префрлени во логорот Таишет. Овој логор, како што ни кажуваа затвореници, бил централна пересилка и оттука се распоредуваа во логори во коишто ќе бидат упатувани мажи и жени. Ни велеа дека од тој логор понатаму има уште околу сто логори со мажи, жени, мајки со деца, а и "битовики", кои не беа политички осуденици. Тие работеа по земјоделските стопанства, по софхозите за храна итн. И тука останавме неколку дена. Оттука една група жени не натоварија на воз и не однесоа во женскиот логор наречен "21 колона."

Добивме логорска облека: црна телогрејка, бруки и на бруките црна платнена наметка нешто како сукња и на нејзината долна десна страна втиснат бројот АО 446. Истиот број беше втиснат на грбот од телогрејката. Таму студот почнува во септември. На главата немав ништо, па ја носев пилотката. Настинав. Една затвореничка, која беше одговорна за логорот, Литванка по националност, се прозиваше Ласковскаја, ме сожали и ми даде една капа за уши ("ушанка") и така се спасив, но оттогаш и ден-денес зиме на глава морам да носам капа. Косата во логорот ја пресеков, бидејќи имав долги плетенки, косата три години непотсечена. Ги пресеков плетенките зашто не можев да ја одржувам.

ВО ЛОГОРОТ 21

Кога влеговме во логорот 21, околу нас новодојдените се насобраа затворенички и гледаат како не носат во управата да се пријавиме. Додека бевме во војничка униформа, мислеа дека сме англиски авијатичари. Им велам: "Јас сум Македонка. Од англиските авијатичари страдав во Грција". Се чудеа. Пак едни велеа дека сум Грузинка, други Ерменка. Изгледа тоа го заклучуваа по некои мои црти, а јас повторував дека сум Македонка, а тие пак: Гркинка.

Во логорот во Таишет имаше илјадници затвореници жени и мажи. И тука се вршеше распоред кои каде ќе бидат испратени на понатамошно издржување на казната во некој логор. Еве една група сме во логорот 21. Не има: Германки, Русинки, Украинки, Македонки и од балтичките земји.

По пријавувањето, не сместија во бараки, кои навечер се заклучуваа. Пак бев одделена од Уранија, бидејќи таа се претстави како артист и ја сместија во бараката со затворениците артистки. Во мојата барака повеќето беа: Русинки, Украинки и од балтичките земји (Естонки, Литванки, Летонки). Бев сместена во вториот ред "нари". До мене беше една Украинка. Се викаше Елизабета. Прекрасна жена. Со неа се спријателив. Таа ми кажа дека мажот и бил новинар и бил затворен во Виена, а потоа и неа ја затвориле. На разделбата Елизабета ми даде фотографија од нејзините две дечиња: Миша и Вова, кои живееја во Киев со мајка и. Фотографијата ја имам. Ги побарав по ослободувањето, но не добив одговор. Не знам каде се сега.

Адресата што ми ја даде Елизабета на нејзината мајка беше: "УССР 2 Киев ул. Клинческаја 23 ВНИС, Разнотовској Варваре Винијаминовски". Ливчето со адресата уште го чувам.

Од мојата лева страна до мене беше една учителка од Ленинград. Се викаше Раиса Шахновскаја. Ја чувам и нејзината фотографија што ми ја даде. Таа имаше син, но не знаеше каде е. Раиса се фотографирала на 8 мај 1944 година, а ми ја подари фотографијата на 1 јули 1954 година.

Фотографија ми дадоа и една професорка од Литванија и нејзината сестра. И нивните фотографии ги чувам како спомен на едно тешко, неизвесно време во логорот 21 во Сибир. Бевме добри другарки. Не зближи истата судбина. Нивната адреса е: "Литовскаја ССР Кламендескаја см Г Салантам ул. Плунчес Н° 13 Б уда Витас". Фотографии ми подарија и сестрите Наташа (Натуте) и Броња од Рига, на 6 јули 1954 година. Адреса, без фотографија, имам и од Карсовој Екатерина Александровне: "П/а

Горкино Ивановскаја област Родмировскиј реон". Оваа адреса му ја даде на Минчо нејзиниот сопург, научник, Каро, со кого беа заедно во логор. Оттаму Минчо има адреса уште на еден друг сострадалник од Воркута, од Киев, што ја добил на 9 октомври 1954 година.

Една Германка, моја другарка од логорот 21, нејзината адреса ми ја напиша на платно. Таа ми рече дека нејзините родители и децата кога ја затвориле се наоѓале во Полска, во градот Згорзелец. Мажот и бил есесовски офицер. Рускиот јазик таа добро го владееше, покрај полскиот. Ми рече дека неа со авион ја префрлиле во Москва и лично Берија ја испитувал, кому му рекла: "Нашиот фашизам е подобар од вашиот комунизам". Ми вели: "Верочка, толку бевме фанатизирани, па затоа и крахиравме". Со доаѓањето на Аденауер во СССР и потпишувањето на спогодбата за затворениците, Елизабета Швинковскаја беше ослободена. Повторно со неа се сретнавме во меѓународниот логор за затвореници во Потма. Ја запознав со Минчо и со Паскал. Таа со повеќе германски затвореници пред нас замина за Германија, а нас партизаните не интернираа за Казахстан. Каква судбина! Бевме третирани како поголеми непријатели од германските фашисти. Тие си заминаа во својата земја, а ние дури после година и пол се сретнавме со своите семејства. Ја побарав, од на слобода, Елизабета на адресата, бидејќи ми имаше речено дека и да не е на таа адреса, тие што ќе ја добијат пратката ќе знаат каде е. Беше многу напредна жена. Веруваше дека ќе агитира против фашизмот.

Зошто толку многу жени затворенички ми даваа нивни фотографии и нивни адреси? Сите мислеа дека јас ќе бидам побргу ослободена од нив, па на нивните фамилии да им јавам со писмо дека се живи и здрави и каде се наоѓаат. Што се случи со нив подоцна не знам, не знам ни која од нив имаше среќа да се види со своите најмили. Можеби, ако дојде оваа моја книга во рацете на некоја од нив, ќе ми се јави.

Во логорот 21 во Сибир се запознав и со многу Русинки и нивните судбини, како и со Украинки и од балтичките земји.

Имаше студентки од Московскиот универзитет, кои беа осудени на по 25 години затвор затоа што подготвувале атентат врз Лазар Каганович, член на Политбирото на СССР. Таа била група од 25 студентки и студенти, па по толку години и беа осудени. Всушност, казната им изнесуваше 25 години и 5 години лишување од политичките права по ослободувањето, па затоа велеа: "25 и 5". Од нив најдрага ми беше Илона Ленскаја, уметник. Таа ми даде разгледница од Црвениот плоштад и на грбот ми ја напиша

нејзината адреса. На истата разгледница е и адресата на нејзиниот син и на родителите на Раиса Александрова. Имаше и една прекрасна московјанка, Лидија Савинскаја, што била службеник во индиската амбасада. Таа беше осудена на 10 години затвор затоа што се заљубила во еден индиски службеник во амбасадата. Татко и бил полковник во советската армија. Еднаш дојде да ја посети во логорот. Се сретнав со артиската Тања Перепелицина и со постари жени коишто работеа во библиотеката. Тие лично се познавале со Ленин. Тоа толкупати ми го повторуваа и ми го тврдеа, кажувајќи ми конкретни средби со него. На една од нив и заврши казната, издржала 25 години. Требаше да ја ослободат и да си оди дома, но таа откажа. Му рече на управникот на логорот дека не сака да си оди зашто, ако си оди, поради неа ќе имаат неприлики нејзините и сака да остане и да работи во логорот. Имаше многу затворенички кои биле добри, примерни советски граѓани, а се нашле каде што не треба од подли клевети. Сите тие беа професорки, образовани жени. По моето заминување во логорот број 9, не знам што стана со нив. Се обидов да стапам во контакт со некои од нив при мојата туристичка посета на Москва подоцна, но не успеав.

Во логорот број 21 не распоредија по бригади во фабрика за обработка на слуда-момирок. Ни дадоа по еден специјален нож за одвојување на момирокот од каменот. Таа е тешка работа. Момирокот е тенок, одвај видлив, а нормата беше 600 грама за десетчасовна работа. Никој не можевме да ја исполниме нормата. Одвај ќе одвоевме 300-350 до 400 грама. Момирокот е минерал што содржи 32 вида минерали, а се употребува во електростапанството и во авијацијата. Така барем ни велеа на предавањата. Таква фабрика имале и во Иркутск. Парчиња од момирок тајно скрив и донесов дома. Набавив и една книга како се работи момирокот. И неа ја имам.

Сретнав една Бугарка во логорот 21. За време на окупацијата била во Прилеп. Таа беше шеф на една таква фабрика. Материјалот го обработуваа и го испраќаа во Бугарија. Кога дојдов на слобода, како да ми стана јасно зошто таа Бугарка за време на окупацијата била пуштена во Прилеп, бидејќи таму има момирок.

СТАНАВ КОВАЧКА

Тешка ми беше работата со момирокот, ама уште потешко ми беше дишењето на ситната прашина. Наумив некако да се ослободам оттука. Директорот на логорот секое утро, пред одење на работа, не прозиваше за да провери дали сме сите. Тој за време на војната се оженил за Полјакиња. Само заради тоа беше интерниран, овде со нас, заедно беше со жена му. Како што бевме построени, прашува дали некоја од нас се разбира во ковачки занает. Се пријавив. Ме праша од каде знам. Му велам: "Во моето родно село Д'мбени еден мој стрико имаше ковачница. Јас постојано одев кај него и му помагав во работата. Дував на мевот, а и со чеканот го растегнував усвитеното железо".

Сега ми се појави сликата на моето село Д'мбени. Ја гледам ковачницата на браќата Крсто и Коста Раткови кои имаа ковачница. Погледите на сите во стројот се свртеа кон мене. Уранија се стаписа што е ова, а јас бев решена што сакаат да ми дадат друго да работам само да се спасам од момирокот. Управникот ми вели: "Од утре си во ковачницата".

Се спасив од момирокот. Можев слободно да шетам низ логорот. Како на тешкофизички работник ми даваа дупла чинија. Бев заедно со една Литванка. Се викаше Натуте, значи: Наташа. Таа ме учеше. Јас го дував мевот за разгорување на огнот. Таа, понекогаш и јас, го растегнувавме челичното железо. Од него правеа решетки на затворките прозорци, а и клинци. Со Натуте останав некои два месеца и бев "слободна".

НА РАБОТА НАДВОР ОД ЛОГОРОТ

При обиколката на ковачницата, дојде да провери капетанот на логорот, Евреин, но и тој интерниран. Кога ме виде во ковачницата, ми вели: “Николовскаја, треба да се вратиш кај момирокот, што бараш ти тука?”

-По наредба на управникот дојдов овде! – му велам.

-Не, ќе се вратиш! – ми вели, а јас упорно му велам дека овде сум определена и назад не се враќам. “Е тогаш, ми вели, ќе одиш на работа надвор од логоров со друга бригада!”

Се сложив. Бев распоредена во бригада на работнички за снабдување со дрва, а кога паѓаше снег ги чистевме железничките шини од снегот. Летото таму траеше сосема кусо, месец и пол до два. За тоа време од малкуто сонце се множеа мали инсекти што ги викаа “мошки”. Мошките летаа во рој. На отворено ќе те изедеа, не можеш

да го дочуваш лицето. Постарите затвореници ни велеа дека кога ги казнувале затворениците, ги оставале на сонце без заштита и од мошките умирале зашто тие им ја цицале крвта. Ете, значи, Евреинот и мене по казна ме пушти зашто не се враќав кај момирокот. И ние на отворено јадевме.

Зимата – сибирска, но ни дадоа: валенки, блузи фатирани, бушлати фотирани и капи ушанки. Кога навечер се враќавме, сите нив ги остававме во сушилниса да се исушат за следниот ден. Облеката ни беше нумерирана и секој си ја земавме својата.

Еднаш на -40 степени не однесоа да товараме дрва. Изгледа тие беа од друг логор во кој беа сместени затвореници мажи. Товариме така облечени што само очите и носовите ни се гледаат. Но постои опасност носовите да ни смрзнат, па едната другата се опоменуваме: “Триј го носот со снег, образите ти се побелени да не ти замрзнат.” Снегот замрзнат, па со валенките не крепеше (тие беа специјални од набиена волна и не пропуштаа вода). Чевли таму не се облекуваа, бидејќи ќе се залепеа за месото од нозете.

Двапати во годната ни дозволува да пуштиме писмо до своите, но на тие од СССР. Јас немав право, односно сите затворенички од другите земји ја немавме таа привилегија. Тоа мое право им го отстапував на моите познати Украинки и Русинки, а тие од своите бараа да им испратат само сланина и лук, па кога ќе го добиеја бараното, ми даваа и мене. Сланината ја користеа за појачување на храната. Со лукот ја мачкаа кората од лебот за да не се разболат, а и непцата ги триеја за од болест да не им паднат забите. Зимата за јадење ни даваа, наместо чај, варен хвој од листовите на елките и

од боровите, бидејќи изобилувале со кислород и имале витамин Ц за да не се разболуваме. Така не одружува: ни живи, ни мртви.

РАЗНИ СЛУЧУВАЊА ВО ЛОГОРОТ 21

Имаше многу религиозен свет во логорот 21. посебно секти. И, ете, доста беа тука заради нивната религиозност. Иако Сталин учел богословија, вака се пресметувал со верниците, посебно со саботарите, децата на Јове и други. Кога почнав јас да им кажувам дека на училиште учев веронаука и им ги кажував некои проповеди и молитви што ги знаев, припадниците на сектите кренаа раце од мене.

Како што бевме построени едно утро сите затворенички, началникот на логорот ни соопшти дека од логорот во Воркута се обиделе некои логораши да бегаат заедно со некој авијатичар кој направил обид да го киднапира малото авионче. Меѓу имињата на тие логораши го спомна и името на Паскал Митревски. Се стресов, но кај мене се јави и една чудна радост што сознав дека моите другари се живи, но во други логори, и спроведени во еден од најлошите затвори – Нижниј. Тие до мене забележаа дека сум возбудена од соопштението, па ме прашуваат дали ги познавам именуваните. "Едниот од нив лично го познавам. Тој беше министер на Привремената влада на Грција" – им кажав. Често во сите логори на СССР се кажуваа такви измислици за да ги плашат затворениците.

Едно време во нашиот логор дојдоа нови затворенички. Ги прашуваме од каде доаѓаат. Ни рекоа дека доаѓаат од логорите на Караганда. Таму имало затвореници офицери на Црвената армија. Тие се побуниле, а со нив се солидаризирале и сите други, се обединиле. Меѓутоа, третиот ден дошле тенкови и булдожери и што можеле испоубиле, а тие што останале ги испратиле во други логори, од коишто се и тие.

Имаше во логорот жени осудени за кражби и други дела, но не политички. Нив ги викаа "битовики", а најчесто суки-кучки. Кога ќе се караа меѓусебе, се тепаа, касајќи си ги носовите.

Најмногу во нашиот логор имаше Украинки, млади девојки, за коишто веќе еднаш кажав. Слична нивна судбина доживеала и една лекарка од Ленинград. Таа ми велеше дека за време на војна, и во слобода, лекарите гледаат само болни, а не кој што е. Така, таа за време но опсадата на Ленинград на сите ранети им давала лекарска помош. Бидејќи им укажувала помош и на Германци, добила 25 години затвор и 5 години лишување од политички права по нивното издржување. На судењето и рекле дека била во служба на окупаторот зашто лекувала германски ранети, а дека тоа е лекарска должност не важело за судот, како што не важело дека и

малите Украинки сосила биле спроведувани да служат германски фамилии, важно “му служеле на окупаторот”.

Веста што ни ја соопшти началникот на логорот пред целиот строј на 5 март 1953 година дека умрел Јосиф Висарионович Сталин не не трогна. Напротив, доста викаа: “Одамна требаше да умре, **зволоч**”. На Уранија и велам дека сега ќе не ослободат и нас. Таа ми вели: “И ти веруваш дека ќе се вратиме во Македонија?!” И одговорив потврдно: “Да и ќе се шетам по плоштадот во Скопје”. Таа не веруваше, имаше друго мислење. И по “жалната вест” во логорот не се измена ништо. Одевме во софхозите што ги обработуваа битовиките. Тие садеа: компири, цвекло, моркови и друго, а ние ги збиравме плодовите. Практично затворениците ја обезбедуваа својата “исхрана”, што би се рекло: затвореници за затвореници. Берејќи, јадевме од плодовите живи, но важно да се наполни стомакот, а се богати и со витамини. Земјата во Сибир беше плодна. Само за два месеца лето се раѓаше многу и убав род. Таму видов мали јаболкници. Велеа дека се пресадувани од научникот Мичурин.

Покрај работење во полето, во гората сечевме дрва. И таму имаше што да се виде и доживее. Стражарите го обележуваа местото на четирите страни до каде треба да сечеме дрва. Тоа го правеа со закачување штици на колја. На штиците напишано: “Запретна зона”. Еднаш кога пресековме со пил една елка, нејзиниот врв падна надвор од “запретната зона”. Една Германка отиде да ги сече гранките од елката што беа надвор од обележаното место. Стражарот викна: “Назад!”, но таа не разбра и продолжи да сече. Тој отвори оган со оружјето што го имаше и ја уби. Цела бригада почнавме да се буниме за тоа злосторство, но тој ни се заканuваше и нам, велејќи ни дека таа ќе бегала. И во таа трогателност, во знак на осуда, почнавме да се смееме: каде ќе одеше во таа гора, не знае ни каде е, не може да се снајде во таа џунгла. Смешно и жално. Веднаш ни наредија да ги товариме пресечените дрва во камионот и ајде назад во логорот. Убиената не ни дозволија да ја понесеме или барем да ја погребаме. Ај човек ај куче: ќе смрзне, а штом се затопли, ќе се распадне.

ВО ЛОГОРОТ БРОЈ 9

Од логорот 21 во 1954 година бев префрлена во логорот, кој се викаше "Штрофнаја колона", а Уранија остана во 21. Некои од моите другарки, за коишто зборував порано, мислеа дека ќе бидам ослободена, па ми даваа како подарок нивни фотографии и адреси за од слобода да им се јавам.

Логорот во којшто бев префрлена беше помал, со многу помалку затворенички. Повеќе од нив се: Романки, Чехинки, Германки, Русинки кои живеле во Кина, руски Германки кои од порано живееле во Русија, руски поданици и задолжително Украинки. Значи, повеќето се странкињи.

Сретнав една Украинка која ми кажа ужас во кој просто човек да не поверува. Имено, по Октомвриската револуција, пред Втората светска војна, кога во нивното село е направил колхоз (колектив, СРЗ), односно кога се извршила колективизација на земјата, луѓето многу осиромашеле. Станале канибалисти. Таа ми кажуваше како луѓето, од глад, меѓу себе се јаделе. Таа уплашена избегала пешки. Патем ја сретнале и ја качиле во воз. Во Москва била прифатена во дом и за време на војната, со повеќе украински семејства кои бегале од Украина, ги прифатиле во Сибир во фабрика и за градење на гасоводи и пруги. Ја раскажувала таа својата приказна, ама никому не му се допаднала и и дале десет години затвор и во логорите. Беше прекрасна девојка. Кога се дружиш со Украинките, ти пејат "частушки", прекрасни гласови. Исто како во моето село Д'мбени. Слични песни потоа пеевме ние групата "Костурчанки", такавикани: гртени, влечени, укани...

Условите во логорот 9 беа ужасни. Наскоро почна да се топи снегот. Сечевме дрва во тајгата, гората. Ни велеа дека на тоа место треба да се прави град. Нас не тераат да го чистиме теренот/просторот на којшто треба да се градат куќите. Две групи затворенички во јули не однесоа на една огромна ледина. Ни дадоа коси да косиме трева, а таа беше доста порасната. Местото го викаа "Мишова колиба".

Бевме пречекани од еден Сибирец, кој таму некаде живееше. По неговите упатства ние косевме. Откако ќе се исушеше по неколку дена, тревата, односно сеното го збиравме и го складиравме за добитокот преку зимата во силоси, но добиток не видовме никаде. Веројатно некаде во околината имаше фарми. Името местото го добило по некој Мишо пустиник. Овде добив "унапредување". Ме ставија одговрна на една бригада косачки зашто на непознатиот одговорен му се видело дека добро косам.

Есента не однесоа на полјанката кајшто сечевме дрва со пили. Местото беше расчистено, веројатно, од некои машки логорашки бригади. На таеишескиот терен, како што ни раскажуваа старите логорашки, односно во Иркудската област имало околу сто машки и женски логори со политички затвореници и "битовики".

Куќичките што ги градеа мажи затвореници со труповите од пресечените елки и борови, нашата бригада требаше одвнатре да ги малтерисуваме, а месец ноември. Земи малтер со мистријата, стави го на дрвата, тој падни. Маки мачевме.

Куќичките беа ниски. Еден ден со една Романка, се викаше Ира, се качивме на чатијата. Требаше да го малтерисуваме оџакот, односно да сосидаме оџак. Стави тула и малтер, од студот малтерот ќе замрзнеше. Никако да го сосидаме оџакот и се расправаме со Ира.

ЈА СЛУШНАВ НАЈРАДОСНАТА ВЕСТ – НА СЛОБОДА

Додека се мачиме со Ира околу оџакот, ете ја одговорната на логорот на битовиките и од далеку вика: “Николовскаја, на свобода; Николовскаја, на свобода!” Ја фрлив мистријата. “На, прави го оџаков сама!” – и велам на Ира и од чатијата скокнав долу. Заедно со одговорната дојдовме во логорот. Се јавив во канцеларијата на управникот. Тој ми ги зеде генералиите: двете имиња и презимиња и ми вели дека од Врховниот обвинител на СССР сум ослободена од казната и од обвинението и одам на слобода, но ќе треба да почекам се додека ќе има и други за патување. Постојано по смртта на Сталина очекував нешто да се случи со нас, бидејќи сме невини.

Се собравме доста ослободено од казната. Најмногу беа Германки согласно договорот меѓу канцеларот Аденауер и советската власт. Германките до смртта на Сталина, т.е. до споменатиот договор беа мизерна беда: со торбички на рака ги собираа трошките и другите отпадоци по масите. По склучувањето на договорот, почнаа да добиваат писма и пакети со храна. Кренаа глава и одеднаш станаа супериорни. Каква мизерија! Заборавија на тоа што дотогаш го делевме заедно, што во борбите за одржување на животите не гледавме која што е.

На крајот од јануари 1955 година не натоварија на столипинскиот воз, а попатно од станица на станица ги качуваа тие што беа ослободени од другите логори. Кога дојдовме на главната железничка станица во Таишет, натоварија и мажи: Германци, Руси и од други националности во посебни вагони. Затвореничките ни раскажуваа дека во 1954 година била ослободена а популарната пејачка Русланова, која му се спротивставила на Сталина за нејзиниот сопруг. Само поради тоа Сталин ја затворил, па по неговата смрт ја ослободија. И таа патувала со нас. На перонот во Таишет побара одобрение да запее за затворениците. Таа долги години на слобода пееше. Нејзиниот глас го слушавме кога бевме интернирани во Казахстан преку радио, беше една од најпознатите народни пејачки во СССР.

ПО ПЕТ И ПОЛ ГОДИНИ СРЕДБА СО МИНЧО

Патувањето со возот, со тоа негово застанување и престојување од станица на станица, со менување на правецот на движење за да ги собере и другите ослободени од сите логори, траеше скоро два месеца. Дури во почетокот на март 1955 година стасавме во концентрациониот логор Потма, логор-станица за сите странски државјани.

Кога се отворија портите на логорот, го гледам Ристо Коленцев со капа ушалка без врвки, со ботинки без врвки. Ме позна по мојата униформа и ми вели: "Вера, тука е Минчо, тука се сите!" – не доаѓа кај мене, туку се враќа во бараките каде што беа сместени нашите, а нашиот конвој го носат во приемната канцеларија на логорот за да ни ги земат потребните податоци.

Во меѓувреме ете го Минчо со Паскал. Не го познав. Беше многу изменет. Откога ми ги зедоа податоците, се поздравив со Минчо и со Паскал. Им кажал Ристо дека сум дојдена. Минчо ми вели: "Ние повеќе од месец сме овде и постојано прашував за тебе дали си жива и кога ќе пристигнеш, бидејќи сме осудени за исто дело, ќе треба сите да не ослободат". Отидовме во бараката во којашто беа сместени другарите. Ламбро Чолаков и Ташко Хаџијанов дошле од логорите во Воркута, а Лазар Поплазаров од Сибир. Во бараката имаше многу Југословени: Срби, еден Македонец потпоручник од Скопје. Тие биле заедно со Минчо во Воркута. Ги немале уште Раковски и Уранија. Прегратки, бакнежи што сме живи, што се гледаме после толку видени нечујни маки.

Потма беше огромен логор, односно забиралиште на сите странски државјани. Уверени сме дека оттука ќе си дојдеме во Македонија, Југославија, бидејќи гледаме како секој ден затвореници од повеќе земји се враќат во своите држави, а најмногу Германци. Тие бараа да одат во западна Германија.

Минчо се сретна со Милан, Србин, со кого биле заедно во јагленокопите на Воркута. Тој му имаше подарено кутија за цигари направена и изгравирна од јаглен лигнит и напишана дата. Му кажа Минчо за мене. Дојдоа заедно. Се запознавме со Милан, прекрасен човек. На Минчо тој му вели: "Ајде да одиме кај Александар". Александар беше Србин поставен "нарјадчик" на целиот логор во Потма, кој им вели: "Ајде дојдете со мене. Во бараката има едно сопче посебно во кое е сместена една Унгарка". Отидовме сите заедно. Александар и вели: "Ајде, ти ќе се селиш оттука, бидејќи тука ќе биде сместен најубавиот пар во логоров, кои толку години беа разделени и не знаеја еден за друг дали се

живи!” Унгарката без збор, и тоа веднаш се исели во општата барака за жени.

На сите Александар им кажа дека “Верочка и Миша, најубавиот пар во логоров, разделени во Воркута и Сибир 5 години, сега се заедно”. Бевме сместени во тоа сопче со Минчо, а нашите другари доаѓаат кај нас, раскажувајќи си за тоа што претргале за ова време-невреме. Паскал не нарече “најсреќниот пар”.

Во логорот се сретнав и со мојата другарка Елизабета Швинковскаја, со која заедно бевме во 21 логор и кога бев префрлена во 9 логор на крпата ми ја напиша нејзината адреса за кога ќе бидам на слобода да им се обратам со писмо на нејзините родители. Наместо порано, обете заедно сме ослободени. Елизабета многу се израдува кога повторно ме виде. Ја запознав со Минчо и со Паскал. Овде со неа бевме заедно десетина дена. Таа беше запозната со нашиот случај со Минчо. Пред нас таа замина со зборовите дека во Германија ќе проповеда социјализам, доста војни и разделени семејства.

Првпат овде ни рекоа дека сега можеме да им пишеме картичка на своите семејства преку меѓународниот Црвен крст, ако им ги знаеме адресите. Од моите другари само јас ја помнев адресата на мајка ми во Битола (“Мирче Ацев” бр.6) и и напишав картичка да знае дека сум жива и здрава. Таа картичка, со датум 1 март 1955 година, уште ја чувам. Мајка ми со неа спиела. Ја добила после два месеца. Ги собрала сите роднини и пријатели. Им испекла јагне дека сум жива. Кутрата ми мајка, ме имаше само мене. На картичката немаше моја адреса, бидејќи не знаев каде ќе бидеме.

НАМЕСТО ВО МАКЕДОНИЈА, ИНТЕРНИРАНИ ВО КАЗАХСТАН

Ние очекуваме да не пуштат дом, во Македонија, а тие ни велат: "За Југославија нема да заминете, туку ќе одите на интернација во Казахстан – Алма Ата". При соопштувањето на таа "вест" мене не ме повикаа, туку посебно ми соопштија, т.е. пак разделба со Минчо. За тоа јас реагирав, и тоа остро: "Зошто пак не разделувате?!" Колку е светот голем и колку е мал, колку е убав и колку е гнасен! Германските фашисти се рехабилитирани, им се простува се, нив ги пуштаат да си одат дома, а ние борци против фашизмот не. Пуста правда, како денешнава!

Минчо и Паскал ме убедуваа: "Можеби ќе те пуштат да одиш во Македонија, па ќе помогнеш и за нас". Пак разделба. Тие заминаа повторно во непознато. По некој ден, дојде Павле Раковски, а по него и Уранија Пировска. Уранија ја запознав со Милан и бевме сместени во барака каде што беа само жени. Мислев дека Уранија ќе остане во Иркутдск, бидејќи така ми рече пред да заминам за 9. логор и ќе работи на момирок. Така ми велеше зашто не веруваше дека можеме да дојдеме во Македонија, во Скопје. Сепак Уранија дојде во Потма и се спријатели со Милан.

На 25 март не повикаа мене и Павле Раковски и ни соопштија дека и ние заминуваме за Казахстан. Ни дадоа цивилна облека, податоци каде да се пријавиме во Алма Ата во затворен плик. Добивме леб и конзерви за пет дена. Остана Уранија во логорот со Милан. На железничката станица во Алма Ата со Раковски се најдовме на 2 април 1955 година.

Прво треба да се пријавиме во полициската станица во Алма Ата, но како ќе одиме до таму кога не знаеме каде е и со што може да се стаса. А што ако знаеме со што може да се појде кога немаме скршена пара. Ги имав чевлите што ми ги дадоа од Црвениот крст заедно со цивилната облека. "Павле, ќе ги продадеме овие мои чевли. И така тие мене не ми требаат, се голем број машки чевли" – му велам. Викнавме еден таксист. Се погоди да е Русин. Му велиме: "Ние немаме пари. Сакаме да не однесеш до главната полиција да се пријавиме. Ние не сме од овде. Ти ги продаваме овие чевли. Колку даваш за нив и да не однесеш до таму". Човекот имаше искуство со луѓе како нас. Ни дава десет рубли, односно 8 пресмета за него и две рубли ни дава нам за чевлите. Се качивме. Таксистот не остави пред зградата на полицијата. Тие не чекаа. Им беше јавено дека треба да пристигнеме.

Ни зедоа податоци во полицијата. Ги прашуваме каде можеме да ги најдеме нашите другари кои пристигнаа скоро пред нас. Ни

велат дека не знаат каде се сместени, бидејќи требало да одат во некој софхоз надвор од градот, ама тие не сакале таму да одат, па им рекле сами нека се снаоѓаат како што знаат, но секој месец да се пријавуваат во полицијата, тука кај нас. Ами ние каде да одиме сега! Ни велат да одиме да се пријавиме во црвениот крст да ни дадат помош, а можеби таму знаат каде се сместени.

Фативме трамвај и одиме во Црвен крст, но се упативме во градскиот, а требало во републичкиот Црвен крст. Пак се качивме на трамвај. Кога се пријавивме таму, ни велат: "Двајца беа овде и се распрашуваа за вас, бидејќи од полицијата им рекле дека сте стасале". "Ами каде да ги бараме?" – прашуваме. Ни велат: "Тие се упатија накај зелен пазар (во Алма Ата имаше голем зелен пазар). Повторно на трамвај. Ја крстосуваме Алма Ата. Среќа, со тие две рубли шетавме низ непознатиот град. Билетот беше две копејки.

Кога патувавме кон зелен пазар, надевајќи се дека, можеби, ќе ги најдеме, од левата страна, на тротоарот, ги забележувам Минчо и Ламбро Чолаков како пешки брзаат кон пазарот да не бараат нас. Цел ден не барале. Кога ги видов, од прозорецот на трамвајот на цел глас извикав: "Минчооо!" Ме чуја. Се свртеа кон трамвајот. "Ние одиме само од полиција до Црвен крст и обратно за да ве најдеме" – ни велат.

-Каде сте сместени? – ги прашуваме.

-Кога идевме од Алма Ата, во возот се сретнавме со еден Русин воен инвалид, кој се враќаше од Сочи, каде што бил на одмор. Се запознавме и не покани да одиме кај него, во неговата куќа. Таа се наоѓа на последната станица, број 9, куќен број 92 – ни објаснуваат како се снашле и со останатите копејки со трамвај отидовме во нивниот "стан", каде што беа и другите другари.

Куќичката на Валендин Џуков беше приземна. Имаше три соби и дворче. Се поздравив со Валендин и со жена му, тетка Шура. Пријатни руски луѓе, гостопримливи души. Многу се израдуваа со мене зашто Минчо им кажувал, велејќи ми: "Ти си на Миша другарката?" Сите Минчо го викаа Миша. Помалата соба ни ја отстапија нас со Минча, а другите: Паскал, Ламбро Чолаков, Лазар Поплазаров, Христо Коленцев, Ташко Хаџијанов и Павле Раковски во другата соба кој на кревет, кој на штици, кој на под. Важно сите не бевме под ведро небо, но за неколку дена. Преку куќичката на Валендин, преку оградата, беше куќичката на сестра му и внука му Клавдија. На оградата имаше вратниче преку кое се влегуваше во нивната бавча. Ламбро Чолаков и Лазар Поплазаров и Ташко Хаџијанов се преселија таму.

Сите заедно по некој ден отидовме во републичкиот Црвен крст да бараме помош. Не прими Ана Митрофанова Черниш. Таа беше втор секретар и одговорна по партиска линија за давање помош. Не упати да се пријавиме во Профсојузите за да ни дадат работа. Ламбро Чолаков и Лазар Поплазаров веднаш се упатени да се јават во градежното претпријатие "Трас сибирскаја траса".

Немавме средства за храна. Првите денови му ги изедовме сите компири на Валендин што ги имаше за исхрана на прасето, под услов, штом се вработиме, веднаш да му ги надоместиме. Кога еден ден се враќаме од град со трамвај, влеговме во еден дуќан, не да купуваме, туку само да видиме што се продава, зборуваме грчки тоа да не не разберат оти сме без пари. Чудо се случи. Продавачката ни се доближи и ни вели: "Што, Вие сте Грци?" Ние и потврдуваме, велејќи и дека сме од Грција, бевме во логор и сега не ослободија, не испратија овде, не интернираа во Алма Ата. Таа ни вели дека тука има многу Грци интернирани од Кавказ, а нивните семејства се по логорите. Наша милост.

Продавачката ни наполни торба ориз, шеќер, леб и други продукти. Не охрабри дека има Грци вработени во угостителството и дека ќе ни помогнат и ние да се вработиме. Се викаше Марија. Млада жена. Се запознавме. И кажавме каде сме сместени, па ќе се гледаме. И се заблагодаривме и дека за се ќе и се оддолжиме.

По пат за "дома" се смееме со Минчо. Ете, што вели народот. Роди ме мајко со касмет и фрли ме на буниште ќе ми биде добро. Пусто наше "добро". Но народната поговорка како да сакаше нам да ни се потврди. На одење кон зеленото пазарче за тој дел на градот едно утро, Минчо најде десет рубли. Уште едно изненадување. На Пазарчето како продавачка вработена беше уште една Марија, повозрасна од првата. Таа ни кажува дека за нас слушнала од таа Марија во дуќанчето. И таа со слична наша судбина. Син и и маж и биле во логор, а таа живее со свекрвата. Значи, како заклучок со Минчо велиме: "Во Алма Ата има многу Грци". Таа ни вели дека Сталин цел Кавказ го преселил овде во затворите, но дека сите се снашле, работат секакви работи и во угостителството. Марија не запозна и со тетка Евгенија. Нејзиниот брат Савас Костандинидис беше директор на трестот "Столови и ресторани" во градот. Не запозна и со него. Тие имаа сестра која беше преселена во Солун, во Грција, но не знаеја нејзина адреса. Ни велеа ако се вратиме во Грција, да ја пронајдеме. Човечки судбини.

После недела-две, благодарение на Марија и Евгенија и со упат на Профсојузите, се вработивме во угостителството. Минчо се

вработи во претпријатието “Столови и ресторани” кај Сава Костандиниди, а јас во XIII “столовања”. Тоа беше менза на медицинскиот факултет. Од вработените бев многу срдечно прифатена. Сите тие луѓе беа маченици како нас: Грци, Руси, Чеченци, Татари, Евреи, Цигани и ние деветмина Македонци.

Во друга менза беше вработен Ристо Коленцев како товародоставувач, снабдувач, да пренесува леб и други продукти по мензите и ресторaните. На истата работа беше и Ташко Хаџијанов. Паскал Митревски се вработи како контролор во една автобуска станица. Само Павле Раковски подолго време не беше вработен. Тој остана кај нас во едно сопче.

Таму кајшто бевме вработени ни се даваше храна, така што малку по малку си доаѓавме на себе, ја добивме својата лика. Ламбро Чолаков уште првите денови по вработувањето при прескокнување на некое место си ја скрши ногата и беше под боледување. Во меѓувреме дојде и Уранија од Потма. И таа се смести кај нас. Се вработи таа како контролор во автобуска станица. Сите еден по еден си најдоа другарки и се преселија откај нас. И Уранија отиде кај Ламбро. Павле Раковски се запозна со некоја учителка Марија, Украинка, со која не запозна нас. Таа била партизанка во единицата на Брежнев, кој тогаш од Хрушчов беше поставен за секретар на КП на Казахстан.

Додека сите се вработија, јас од мензата, на која одговорна беше тетка Марија, Еврејка, која многу ме засака, им носев за јадење од останатото по масите. За своето семејство Марија не знаеше ништо, ни каде се. Ме остави мене да сечам леб по масите за студентите. По завршувањето на оброкот на студентите, лебот што остануваше по масите и друга храна ги собирав во едно торбиче и ги носев дома, на другарите. На работа и од работа одев пешки зашто платата ми беше само 16 рубли месечно. Околу 20 минути одев пешки по едно споредно патче. Тетка Марија, образована и многу паметна жена, ме забележа и ме праша: “Верочка, зошто ги собираш остатоците кога ние тие ги даваме за добитокот?” Се посрамив. Ми потекоа солзи. И ја раскажав мојата судбина, грижата за моите другари. Тогаш таа ми вели: “Слушај Верочка, отсега ќе земаш цел леб, несечен, ни останува”, а по некој ден ми вели: “Ќе земаш бел леб од бифето”. Еден ден ми вели: “ Верочка, дојдоа лимони во бифето, колку сакаш?” Јас и велам: “Килограм-два”. Таа почна да се смее: “Ќе добиеш еден или два. О Верочка, Верочка, ти не знаеш уште каде се наоѓаш!”

Жените кои работеа во кујната, готвачките, после работата, подоцна, ме замолија да ги бројам талоните од јадењето. Им помагав, а тие ми даваа од јадењата што остануваа. Месото беше

коњско. Во почетокот не можев да го јадам, ми беше кисело, но со време свикнав и ми беше вкусно. Козаците велеа: "Свињата е гнасна, коњот е чист и поубав, повкусно е коњското месо". Готвачките ми велеа: "Кога ќе доаѓаат нашите мажи, ќе ти кажеме на која маса ќе седнат, ќе им носиш ручек, а нека доаѓаат и твоите другари, ќе ги услужуваме". Потполна доверба стекнав кај вработените во мензата.

Еден ден во мензата дојдоа тројца руски офицери. Тетка Марија ме предложи мене да ги послужувам. Љубезно им пријдов на нивната маса. Учтиво ги прашав со што имам чест да ги послужам. Тие во почетокот се зачудија од мојата учтивост, на мојот однос кон нив. Ме прашаа од каде сум, бидејќи не личам на Русинка, дали сум Гркинка или Ерменка. Им рков дека вум Македонка од Грција. Тие ми возвратија: "Од Александар Македонски?" "Да, од срцето" – им велам. Ми предложија да ме фотографираат за да имаат спомен од една Македонка. Другиот ден ми ги донесоа фотографиите од снимката за да им ги подарам со мој потпис. Казаците Александар Македонски го викаат Искендер Македонски. Имаа многу имиња такви меѓу нив.

Со многу студенти се спријателив. На заминување ми даваа подароци и визит-карти. Една од нив уште ја чувам. Таа е од Сакена, кој сигурно станал лекар.

Тетка Марија еден ден ми предложи да одам за келнерка во угледниот ресторан "Алатау", бидејќи ќе доаѓале некои угледни гости. Отидовме заедно со мојата другарка Ваља, со која заедно работевме. Гостите беа задоволни од мојата услуга. Ми дадоа 15 рубли бакшиш, една моја месечна плата. Кога му кажав на Минчо за тоа, се зачуди. Со тие пари требаше да купиме нешто за облека, бидејќи одевме уште со тие што ни ги дадоа во логорот Потма.

Кај нас со Минчо последни останаа Павле и Уранија. И за нив веќе кажав, ама овде го повторувам тоа заради следниот случај. Еден ден на пазар со Минчо, по пет и повеќе години, зедовме домати за салата. Бидејќи Уранија седеше дома без работа, и рековме да ја направи салатата. Таа, наместо масло, во салатата турила гаска, бидејќи двете шишиња беа еднододруго. Кога седнавме да јадеме, Минчо со посебен апетит чекаше да касне салата. Наместо задоволство, разочарување. Гледајќи што направила Уранија, Минчо целата чинија ја фрли врз неа. По тој случај Уранија отиде кај Ламбро Чолаков.

БЕВМЕ УПОРНИ ДА СЕ ВРАТИМЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Воспоставив врска со мајка ми и со семејството на Минчо, како и на Паскал. Писмата одеа долго – по два месеца, но сепак знаевме за своите. Мајка ми им испратила писма на семејствата на Ламбро Чолаков и Павле Раковски во Полска. По некое време и тие добија писма од нивните семејства. Семејството на Ламбро Чолаков набрзо се пресели од Полска во Скопје: жена му, брат му и внуците. Жена му на Павле Раковски, пак, по нашето враќање, заедно со ќерка му, од Полска заминаа во Алма Ата.

Мајка ми од Скопје им пишала писма и на моите во Америка: на татко ми во Канада, на стрико ми во Детроит и на вујко ми во Чикаго дека сум здрава и жива. Татко ми пишувал лично до Захаријадис, прашувајќи го за мене каде се наоѓам. Едно такво писмо има во Архивот на Македонија. Ристо Кирјазовски ми вети дека ќе ми го даде тоа писмо, но не ми го даде. Татко ми кога ја добил мојата адреса, од Торонто во Алма Ата ми испрати писмо и во него десет долари. Доларите со Минчо ги уништивме, бидејќи имаше опасност да бидеме осомничени зашто од истрагата имавме лошо искуство. И пишавме на мајка ми да им јави во Америка да не ни пуштаат писма и пари во Алма Ата, иако нешто беа изменети на подобро односите со Запад.

Во полицијата се јавувавме секој месец без право да го напуштиме градот. По нивна наредба се фотографиравме за лични карти за времен престој. Една таква сликичка и пуштив на мајка ми во Скопје, која тогаш живееше со мојот братучед Петре Ангелковски, кој од Битола се пресели во Скопје поради следното. Двете баби: мојата баба Јагна и Петревата баба Лина, со коишто живееше мајка ми, починале. За да не биде сама, го повикала мајка ми Петрета со ќерка му Василка (вратена од Романија, каде починала мајка и) и со втората жена Олга Пејовска и нејзината ќерка Дочка. Мајка ми живееше во заедница со нив.

Кога мајка ми ја добила таа мала сликичка, почнала да плаче и да вели дека таа не сум јас, плаче, не верува дека сум жива, дека не е таа фотографија моја. За тоа ми пиша братучедот Петре. Јас присобрав облека: од Грузинката Марија, од тетка Евгенија и од сестрата на Сава Костандиниди, ја средив косата на фризер и се фотографирав. Веднаш новата фотографија и ја пуштив на мајка ми да се смири и да поверува дека сум јас жива и здрава. Ги имам двете фотографии.

Минуваше времето. Работиме. Склучивме пријателства со многу Руси и Грци. Не канеа на гости, посебно двете Марии, тетка Евгенија и Саво Костандиниди со семејството, но никому не

откривавме кои сме, што сме, од каде сме и како дојдовме од Грција ваму. Нас убаво не знаеше само Ана Митрофанова Черниш, член на ЦК на КП на Казахстан.

Пишувавме писма до југословенската амбасада во Москва. Тогаш амбасадор беше Видиќ. Него го замена Миќуновиќ. Односите со Југославија беа подобрени, Тито и Јованка го посетија СССР, а потоа и Хрушчов дојде во Белград да му се извини на Тито. Не престанувавме да пишуваме и до раководството на Кремљ, до Маленков и до другите. Меѓутоа, нашите писма не стасуваа дотаму, туку ќе не повикаа во полицијата и не предупредуваа дека само преку нив треба да се обраќаме каде што сакаме.

Им пишувавме на своите во Скопје да прават што можат, да одат кај нашето раководство, дури до Колишевски за да можеме што побргу да си дојдеме.

Паскал Митревки и Ристо Коленцев во ноември 1955 година добија визи од југословенската амбасада за да можат да заминат во Југославија. Семејството на Паскал: жена, деца и родители се наоѓаа во Скопје, го напуштија градот Хрупишта за да не бидат уапсени од монархофашистите, оставајќи: куќа, дуќан со се покуќнина, за што веќе порано поопширно кажав.

Ристо Коленцев не знаеше каде се наоѓа неговото семејство. Тој е роден во Лерин, во голема и богата фамилија, по професија правник. Знаеше дека неговите родители, браќа и сестри беа затворани и осудувани од монархофашистите. Не знаеше каде се наоѓа ни неговата жена со девојчето. Потоа дозна дека жена му со девојчето беше во Унгарија, каде што од големите тортури и тешкиот емигрантски живот починаа. По доаѓањето во Скопје, Ристо се ожена за Елизабета Мијовиќ, Црногорка од угледно револуционерно семејство и имаше две деца.

По заминувањето на Паскал и Ристо, поупорно почнавме да пишуваме писма до југословенската амбасада и до советското раководство, но тие писма дојдоа само до полицијата во Алма Ата.

ПОНУДА ДА ОСТАНЕМЕ ВО АЛМА АТА

Едно попладне во февруари 1956 година во куќичката на Валендин не посетија двајца господа. Ни се претставија дека се од Републичкиот Црвен крст. Кај нас во сопчето на неколку места капи дожд, а сме ставиле садови да се збира водата во нив. Кога овие господа влегоа и видоа во какви услови живееме, не укоруваа: "Зошто сакате да одите во Југославија – Македонија?" Кога би се согласиле да останеме таму, ни се нуди: стан, подобра работа, можност да студираме на кој сакаме факултет со стипендија. Ние со Минчо бевме категорични дека не можеме да останеме, сакаме да заминеме кај своите и ги замоливме, ако можат, за тоа да ни помогнат.

Дојдените не убедуваа да се премислиме и ни порачаа тие денови да се јавиме во републичкиот одбор на Црвениот крст кај Ана Митрофановна Черниш. На разделбата пак ни рекоа да размислиме за понудата. Од нивниот однос со Минчо заклучуваме дека овие се од Министерството за внатрешни работи, а не работници на Црвениот крст.

Според упатството на двајцата "работници на Црвениот крст", по два-три дена се јавивме кај Ана Митрофановна Черниш. Таа не прими љубезно. Ни вети дека ќе ни биде доделена "квартира" што поскоро и се повторија истите убедувања: да останеме тука. Ни се пожали што не добила писмо од Паскал и Коленцев. Тогаш таа ни даде 700 рубли помош. Веројатно, тоа беше јадица на која да се фатиме.

Продолживме со Минчо да се допишуваме со нашите во Скопје. Мајка ми отишла лично кај Лазар Колишевски. Се обратила и до Претседателот на Југославија, односно до Кабинетот на Тито во Белград. Оттаму мајка ми добила одговор, во кој, меѓу другото, пишувало: "На Вашата ќерка и е одобрено да дојде во Југославија.Тоа писмо мајка ми ми го пушти.Бидејќи писмата долго патуваа, го добив во мај 1956 година.

Одиме со Минчо во полицијата на Алма Ата, каде што еднаш месечно се пријавувавме. Пак ги молиме да ни се овозможи да одиме лично во Москва во југословенската амбасада. Тие пак истото: не може, "Југославија не Ве сака". Им велиме: "Како ги сакаше Митревски и Коленцов? Југославија не сака и нас" и им го дадов писмото од мајка ми, односно писмото од Кабинетот на Претседателот на Југославија, Тито, во кое на мајка ми и пишува: "На Вашата ќерка и е одобрено да дојде во Југославија". Не знаеја што да ни речат, само прашуваат: "Како го добивте тоа писмо?"

Им велам: “По пошта, како и обично”. Ќе се изедеа што тоа писмо не поминало низ нивната цензура.

Празникот Први мај во СССР многу свечено се празнуваше. Не работевме. Сите се договоривме да го посетиме музејот на 26-те Памфиловци, кои херојски загинале под Москва во борбите со германските окупатори, задржувајќи ги да не влезат во градот. Тоа беше прекрасна галерија во нивна чест. Не знам дали уште постои. Потоа се упативме до големиот зелен пазар. Таму се одржуваше панаѓур на нова и стара облека, наречена “толкушка”.

На зелениот пазар, кај едно игралиште за кошарка, го видовме познатиот Васка Чеченецот, познат во Алма Ата по неговата висина од 2,25 м. Ламбро Чолаков се приближи до него и тој беше висок, но покрај Васка Чеченецот изгледаше како џуџе, па теравме шега на негова сметка. Тој Васка Чеченецот го имаше продадено своето тело за 25 000 рубли да го земе државата по неговата смрт.

Лазо Поплазаров фрли око на пазарот на едно бело сако. Го купи. Ни вели дека кога бил грчки учител во селото Жупаништа им завидувал на костурските богаташи со бели сакоа зашто немал можност такво да купи. После дваесет и толку години му се исполни желбата, но не за долго. На враќање, заврна дожд. Лазо да го заштити од дождот, здиплено го стави подмишка на црната копула добиена од логорот. Од неа, исквасена, се ишара белото сако. Клавдија, другарката на Лазо со која што живееше, го испра убаво и го спружи на фортома во дворот да се исуши. Ноќта некој го украл. Го тешевме дека во Скопје ќе си купи поубаво. Ех, колку случки ни се случуваа во Алма Ата на коишто бевме за жалење, а ние се смеевме. И во најтешките моменти, и покрај бедата и понижувањето, останавме со ведар дух.

ДОАЃАЊЕТО НА НИКИТА ХРУШЧОВ ВО АЛМА АТА

Кон крајот на мај 1956 година не повика Ана Митрофановна во Црвениот крст дека ќе ни дадат стан во новоизградена населба во северниот дел на Алма Ата на сите. Ни вети дека постепено се ќе ни биде дадено што е потребно за станот. Наместо сите, во станот требаше да се вселиме: јас со Минчо, Ламбро со Уранија, а Лазар Поплазаров, Ташко Хаџијанов и Раковски беа сместени кај своите другарки.

Пред да се преселиме, во куќата на Валендин Џуков се состанавме сите, освен Ташко и Павле, по веста дека во Алма Ата на Селското стопанско советување ќе присуствува и Претседателот на СССР Никита Сергеевич Хрушчов. Решивме да напишеме писмо и, по можност, лично да му го предадеме на Хрушчов, зашто ако му се даде преку друг и тоа ќе остане во Алма Ата. Го напишавме писмото, со молба да ни се помогне да бидеме испратени во Македонија, Југославија, преку југословенската амбасада во Москва, бидејќи нашите семејства како емигранти беа во Македонија. Сите бевме едногласни со напишаната содржина, но кој ќе го предаде писмото! Лазар Поплазаров предложи писмото по секоја цена лично да му се предаде на Хрушчов, и тоа од мене. Рече: "Вера е бремена. Според сегашните руски закони бремените жени се заштитени. Ако ја фатат Вера обезбедувачите, мораат да ја пуштат, а секој друг повторно ќе биде затворен и суден". Јас и Минчо се согласивме. Кога ќе разбереме дека ќе дојде Хрушчов, ќе одиме сите, а јас ќе му го предадам писмото. Во јуни 1956 година беше објавено дека Хрушчов ќе го посети Казахстан и ќе присуствува на советувањето со раководителите од селското стопанство.

Претседател на ЦК на Казахстан во тоа време беше Леонид Брежнев, близок другар на Хрушчов од времето на Втората светска војна од фронтот во Украина. Посетата на Хрушчов на Алма Ата беше кон крајот на јуни. Ние бевме спремни за "решавачката битка", а пораката на моите другари беше јасна уште при составувањето на писмото: "Слушај, Вера, замисли си дека си на Вичо или на Грамос во големите офанзиви, а пред тебе има бункер. Од тоа дали ќе успееш да го уништиш непријателскиот бункер зависи дали ќе успеат твоите соборци, твојата единица. Сега избирај!"

Советувањето ќе се одржи во театарот на Алма Ата. Тој летен ден никој од нас не отиде на работа, јас зедов боледување, а пак Павле Раковски не ни се придружи. Минчо, Поплазаров, Чолаков и Ташко се во паркот покрај театарот. Јас во еден весник го ставив

писмото што требаше да му го предадам на Хрушчов, го држам, го вардам повеќе од очите. Со мене дојде и Уранија. Се упативме кон главниот влез на театарот, покрај чие плато имаше насобрано многу народ. Нестрпливо чекавме да дојде Хрушчов. Кога тргнавме на кај влезот на театарот, Минчо ме потсетува на договореното: "Не обрнувај внимание на никого. Помисли дека се наоѓаш на Вичо и Грамос и викај ура, трчај кон целта!"

Како што чекавме, се појавија дваесеттина коли, чекајќи ги црните коли. И не доаѓаат кон главниот, туку кон задниот влез на театарот. Народот аплаудира: "Хрушчов, Хрушчов!" и трчаат кон задниот влез. Трчам и јас, а по мене Уранија. Се создаде ѕид од народ. Јас со лактите рачистувам пат како што ме советуваше Минчо, бидејќи овој момент е решавачки за нашата судбина. Со сета сила избивам пред народот напред. Гледам пред мене е Хрушчов и за неколку чекори ќе влезе во театарот. Трчам по него. Двајца полицајци во цивилна облека ме фаќаат за рамена. Сопирајќи ме, ми го искинаа фустанот, но јас сум упорна, трчам и на цел глас викам: "Тавариш Хрушчов!" Хрушчов се заврте кон мене и на обезбедувањето им вели: "Пуштите женштину!" Тие ме пуштија со искинат фустан. Му се нафрлив на Хрушчов, го гушнав, и тој мене, и му велам: "Ние македонски комунисти и сакаме да одиме во Југославија кај своите семејства, вазмите ето писмо и да ни помогнете". Хрушчов пак ме бакна, го зеде писмото и го стави во внатрешниот џеб од сакото и ми вели: "Харашо!" Му велам: "Прашу Вас, ответите нами". Потврдува: "Харашо". Многу народ се нафрли на Хрушчов, секој сакаше да се поздрави со него. Од големата турканица Уранија не успеа да се поздрави со Хрушчов. Задоволна низ народот истрчав во паркчето кајшто беше Минчо со другарите. Целата се тресев од возбуда. На Минчо му велам: "Му го дадов", тој пак: "Да не му падна". "Не, го стави во внатрешниот џеб од сакото" – му велам, а и другарите само ме препрашуваат. Дојде Уранија и таа им вели на сите: "Вера отиде лично и му го даде писмото на Хрушчов".

Ја оставивме масата народ зад нас. Сите се упативме во домот на Валендин Џуков. Задоволството од предаденото писмо беше големо и долго тој момент го коментиравме, секој изнесувајќи свои впечатоци.

Овде да објаснам нешто повеќе околу писмото. Требаше него да го потпишеме сите седуммина. Ташко Хаџијанов не го најдов да го потпише. Во негово име јас го потпишав. Павле Раковски одби да го потпише писмото што му го предадовме на Хрушчов. Ми рече: "Јас не го потпишувам, бидејќи не се враќам тамо, ќе одам кајшто е мојот народ". Тоа значи дека не доаѓа во Македонија,

Југославија. Навистина, тој отиде во Ташкент, кај што отидоа жена му и ќерка од Полска. Набрзо од Ташкент пак се врати во Алма Ата и по две години си дојде во Скопје. Брзо увиде дека не е неговиот народ во Ташкент и Алма Ата, а кога дојде кај својот народ, во Скопје го прикажува поинаку, правејќи се голем патриот, а патриотите што го потпишаа и што му го дадоа писмото на Хрушчов ги обвинува. Не е тој осамен случај. По борбата сите се "генерали". Отворено му реков да не лаже во неговите пишувајници. Зашто никаде не кажува дека живееше со Украинката Марија, која беше блиска на Брежнев додека не дошле жена му и ќерка му. Не е ли тука причината за одбивањето да го потпише писмото?

Писмото што му го предадовме на Хрушчов сигурно постои во руските архиви. На него јасно ќе се видат потписи. Жалам што немам копие од тоа писмо, но кој мислеше тогаш дека ќе ни треба и дека ќе доаѓаат до израз "вртелешки". Потписниците мислевме дека само на Хрушчов треба да му веруваме за крај на нашите патила. И бевме во право.

Само после два дена по предавањето на писмото на Хрушчов, пред куќичката на Валендин Дјуков, која им стана позната на полицијата и на Црвениот крст, застана лимузина. Од неа излегоа двајца советски офицери. Влегуваат во дворот и ја прашуваат тетка Шура: "Дали тука живеат странски лица?" – и го изговараат моето име Николовскаја Вера, бидејќи во писмото бев права потпишана јас. Тетка Шура ми вели: "Верочка, тебе те бараат". Излегов и им се претставив. Ми велат: "Ајде со нас!" Си помислувам дека ќе ме носат в затвор. Влегов во собата, се облеков, го зедов шинелот под рака да ми се најде во затворот, а во јули во Алма Ата е горештина. Ме стават во колата и ме носат право во ЦК на КП на Казахстан. Позната ми е зградата зашто секогаш во неа баравме прием кај Брежнев. Ми ја отворија вратата. Влеговме во дворот. Ми помогнаа да слезам. Одиме по скали и се упатуваме во една голема просторија со повеќе маси и столови, што ме потсетија на тие во затворот.

Ми вели: "Садис!" еден од тие што ме носеа. За момент доаѓа еден господин и се претставува како Паномјаров, познато презиме за нас од весниците. По неколку минути влегува и Леонид Брежнев, претседател на ЦК на КП на Казахстан. Станав да се поздравам. По ракувањето, ми вели и тој: "Садис!" Седнав и чекам што ќе ми каже. Ми вели: "Од Кремљ имаме наредба да Ви помогнеме да се вратите во Југославија". Инстинктивно станав од радост. Ми вели: "Садитес! Зошто до сега не се обративте до нас?"

-Постојано доаѓавме до Вашите порти, но не ни беше дозволено да дојдеме до Вас – му велам.

-Добро. Сега ќе одите и ќе им кажете на Вашите другари утре во 10 часот да дојдете тука! – ми вели и послугата донесе да ме почестат лимонада, а мене по таа радосна вест не ми се пиеше.

Се поздравивме. Летав од радост накај Минчо кајшто работеше. Го најдов и сета задишана му велам: "Доаѓам откај Брежнев. Ми рече утре во 10 часот сите да појдеме кај него за да се договориме, бидејќи од Кремљ добиле наредба да ни помогнат за нашето враќање". Ги известивме за ова сите другари. Следниот ден не отидовме на работа, а јас уште имав боледување.

Сите потписници на писмото во 10 часот другиот ден се јавивме во ЦК на КП на Казахстан. Пред вратата не чекаше еден полковник од Министерството за внатрешни работи на Казахстан. Тој знаеше грчки и со него се упативме кон Министерството. Брежнев не не прими. Ни вели: "Утре ќе дојдете да се договориме". Пак позната работа. Токму тоа "урте", следниот ден јас добив писмо и виза од југословенската амбасада во Москва, но не и за Минчо. Што значи ова!

Шестмина потписници: јас, Минчо Фотев, Лазар Поплазаров, Ламбро Чолаков, Уранија Пировска и Ташко Хаџијанов, точно во 10 часот следниот ден отидовме во Министерството за внатрешни работи на Казахстан. Не пречека истиот полковник. Не одведе во неговиот кабинет со друг офицер. Ни вели: "Сите заедно не можеме да Ве испратиме, бидејќи Вие немате визи од југословенската амбасада. Ќе замине само Вера". Јас се спротивставив дека сама не одам, само со мојот сопург. "Доста толку години не делевте. Сега сама не патувам. Гледате во каква положба се наоѓам!" – сум категорична, на што тој ми вели: "Но тој нема виза". "Кога ќе појдеме во Москва, југословенската амбасада ќе му даде виза!" – јас настојувам. Ништо. Тие се категорични на своето, но ни рекоа сепак да сме во контакт во нив.

По некој ден, со Минчо бевме поканети во Црвениот крст кај Ана Митрофановна Черниш. Таа веќе знаеше за мојата виза. Ми рече дека ќе ми помогне да добијам билет за пат, но не и за Миша – Минчо. И кај неа бев категорична дека сама не патувам и дека ќе се жалам кај Брежнев, кој ни рече дека на сите ќе ни помогне да заминеме зашто има таква наредба од Кремљ. "Зошто толку многу настојувате да заминете? Еве, сега е готов станот, ќе Ви дадеме стипендија да студирате на кој сакате факултет!..." – ни вели. Меѓутоа, ние бевме категорични да си заминеме. Тогаш на Минча Ана му вели: "Ти Миша, зошто си толку тврдоглав како Вашиот Тито?" "Ана Митрофановна, сфати дека таму се нашите родители,

нашите браќа и сестри кои толку години не знаеја ништо за нас и со душа не чекаат!” – и велиме.

-Тогаш добро. Ќе ви дадам два билета за трета класа воз. Наместо на Верочка за прва класа, ќе ги поделам парите и ќе добиете трета класа. Се сложивме. Ние ќе си доплатиме за прва класа.

-Ах Верочка, јас сакав да ти бидам кума, а Вие одбивате! – ми вели Ана.

-Ви благодарам Ана Митрофановна за се што правевте и што правите за нас. На Вас секогаш ќе се сеќавам само за добро. И нам разделбата со Вас ни е тешка, но, Ви кажавме, мораме, и ние сакаме да сме со своите најблиски! – и изразивме искрена благодарност со Минчо на оваа навистина жена-човек.

-Дојдете по некој ден да Ви ги дадам клучовите од станот и да се договориме кој ден да заминете! – ни вели Ана, сакајќи барем последните денови од престојот во Алма Ата, со СССР, да сме навистина во вистински стан.

Ни олесна тоа што ни го рече Ана Митрофановна Черниш. Сите републички органи знаеја за нашето заминување.

НАШЕТО ЗАМИНУВАЊЕ ОД АЛМА АТА

Беше накај 10 август 1956 година. Ние со Минчо се поздравуваме со нашите познати Грци кои многу ни помагаа да опстанеме пред нашето вработување. Се поздравивме со персоналот на работните места, кои ни приредија свечено испраќање, на кое и сега ме потсетува заедничката фотографија. Срдечна и трогателна беше разделбата со персоналот на XIII студентска менза во која работев, и со студентите и со вработените. Посебно со директорката Фирсова и со милата тетка Марија, одговорна за мензата, која на испраќањето плачеше од радост што заминувам кај мојата мајка. Ќе згрешам, ако не речам дека сите се радуваа со мојата среќа. Истото беше кај Минчо. Кога отидовме да се поздравиме со управникот Сава Костандини, со кого станавме и пријатели, се расплака. Ја знаеше нашата положба, слична на неговата. На разделбата, како на негови работници, на секого ни даде по 700 рубли и плус платата за месецот. Ни вели: "Земете ги париве. Знам дека Ви требаат. Ќе Ви се најдат, само, ако можете нешто да дознаете за мојата сестра која е иселена во Грција, јавете ми. Погрижете се да ја пронајдете".

Ги зедовме клучовите од станот во којшто требаше да живееме во Алма Ата. Пред заминување, во него приредивме свечена вечера со другарите кои остануваа. Не дојде само Павле Раковски, а не дојде ни да се поздрави при нашето испраќање. Тоа најдобро зборува за вистината со писмото дадено на Хрушчов. Зар да му се замери на Брежнев?!

Се одјавивме во полицијата во Алма Ата. За волја на вистината, овој пат беа љубезни и ни посакаа среќен пат, со молба да не им замеруваме за нешто дотогаш зашто тие само си ја извршувале својата должност, исполнувајќи ги наредбите на претпоставените.

Најнезадоволна што си заминуваме беше Ана Митрофановна-Черниш од Црвениот крст на Казахстан, член на ЦК на КП на Казахстан. Таа искрено жалеше што си заминуваме. Ни ги даде билетите и некои продукти за на пат. Не прегрна, не избакна другарски и ни посака среќен пат со желба да и се јавуваме.

Од Алма Ата тргнавме на 15 август 1956 година. Другарите дојдоа на железничката станица да не испратат и молеа да не ги заборавиме, а Ламбро Чолаков се качи на возот до следната станица, плачејќи и викајќи да не го заборавиме.

ВО ЈУГОСЛОВЕНСКАТА АМБАСАДА ВО МОСКВА

Со воз од Алма Ата до Москва патувавме пет дена. Во Москва стасавме на 20 август 1956 година Од железничката станица зедовме такси и право во југословенската амбасада. Не прими секретарот Диздаревиќ. Тогаш амбасадор беше Мичуновиќ. (Амбасадорот Мичуновиќ, напиша книга Моите московски години, во неа ништо нема наведено за Македонците, а знаеше дека секој ден во југословенската амбасада стигнуваа по стотици барања за преселување во Југославија – Македонија од Македонци и Грци од Ташкент. Зошто ништо не напиша за Македонците?) Кога не виде Диздаревиќ, ни вели: "Стасавте?" Му кажав дека виза имам само јас, но во Алма Ата имавме проблеми со Минчо, бидејќи немаше виза. Тој од фиоката ја извади визата на Минчо и му ја даде, велејќи ни: "Јавете им и на другите дека можат да дојдат, и за нив има визи".

Диздаревиќ ни кажа дека лично од Кремљ им се јавиле и прашувале зошто не ги побаруваат луѓето кои сакаат да се вратат во Југославија. Значи, Хрушчов си достоја на зборот. Меѓутоа, Диздаревиќ ни кажа дека повеќепати упатувале ноти до советската власт токму за нашата група, за нас, но секогаш им било одговарано: "Такви луѓе не се наоѓаат на територијата на СССР". Потоа не упати каде можеме да се сместиме во хотелите: во хотелите за странски студенти, каде што е и поевтино.

Какво сместување додека не им ја јавиме радосната вест на нашите другари во Алма Ата! Отидовме в пошта. Го бараме Ламбро Чолаков или Лазар Поплазаров. Долго чекавме. Се јави Лазар Поплазаров. Му кажавме дека нивните визи се во југословенската амбасада, да си средат таму што треба и да дојдат во Москва да си ги земат. Четворицата: " Ламбро Чолаков, Лазар Поплазаров, Уранија и Ташко дојдоа во Скопје после три месеци по нашето пристигнување, некаде кон крајот на ноември 1956 година.

Во амбасадата ни рекоа дека имаат многу молби од Македонци и од некои Грци од Ташкент кои што сакаат да се преселат во Македонија. Диздаревиќ ни го покажа списокот на барателите за враќање во Македонија да му помогнеме кои се позагрозени за на таквите побрзо да им испратат визи. Во списокот беше и името на Тимјо Ралев со семејството. Тој ми е стрико. Тој не се согласуваше со линијата на Захаријадис. Како секретар на едно гратче ќе пострадаше, инаку борец за време на антифашистичката војна, учесник во Граѓанската војна, офицер на ДАГ. Ги наведовме имињата и на некои други истакнати македонски борци на кои би

требало што поскоро да им се одговори на барањето. Всушност, Ралев и Каралиев дојдоа од Ташкент во Алма Ата да не посетат. Ние тогаш им рековме веднаш да поднесат барање за иселување, а еве тоа и го сториле.

И при враќањето во Македонија Македонците кои доаѓаа од источноевропските земји имаа непријатности. Штом ќе стасаа на железничка станица или на аеродром, веднаш ги прибираше Министерството за внатрешни работи во затворот Идризово. По неколку дена ги држеа таму и ги испитуваа де за ова, де за она. Тоа многу негативно се одразуваше на нашите луѓе. Тие со неизмерна радост доаѓаа во Македонија, а ова им се случува. Ќе изнесам само еден драстичен случај.

Тимјо Ралев и Никола Каралиев во Идризово ги имаа затворено 15 дена. Меѓу другото, ги испитувале што барале да не посетат во Алма Ата. Ралев им велел: "Јас бев да ја посетам внука ми и другарите со коишто долги години се боревме". И жена му на Ралев, Јанула, исто така, беше борец и активистка на НОФ и на АФЖ. Нејзиниот татко од порано беше дојден во Македонија. Сознавајќи за ова од жените на Ралев и Каралиев, Минчо отиде кај Министерот за внатрешни работи. Направи голема врева, налутено велејќи му: "Како може луѓето кои од патриотизам доаѓаат во Македонија, докажани борци за слобода и демократија, да ги затворат и да ги малтретираат ѓоа се агенти на туѓите држави! Каква е оваа наша егејска судбина: во емиграција не правеа агенти на Тито и Југославија, а овде: агенти на овега и онега!" Како и другите повратници од источноевропските земји, и тие беа згрижени: добија станови. Ралев доби стипендија и заврши управно-правна школа. Се вработи со службата за брза помош како секретар, од каде се пензионира, а го замена неговиот син Насо Ралев, каде уште работи.

Слична судбина доживеа и Сули Марковска-Дувалевска. Таа со две мали деца повеќе од 20 дена беше испитувана во Идризово само затоа што во Ташкент била секретар на женската организација и по таа функција имала контакт со КПГ на Захаријадис. Таа меѓу првите побара да се врати во Скопје, бидејќи од порано таму живееја нејзините родители и сестра и. Иако нејзините родители одеа во службата за прифаќање на повратниците, одвај добија одобрение за нејзино враќање. Таа беше доста активна во работата на АФЖ на Егејска Македонија, борец во ДАГ како подофицер на единицата слободни стрелци, а нејзиниот помал брат Јани загина како партизан. Бројни се вакви судбини.

ПРОБЛЕМ ЗА ДОБИВАЊЕ АВИОНСКИ БИЛЕТИ ЗА БЕЛГРАД

Според советот на Диздаревиќ, се сместивме во еден хотел и скоро секој ден навраќавме во амбасадата поради обезбедување авионски билети. Имавме пари со Минчо и посетивме некои знаменитости во Москва. Се интересиравме каде се проклетите затвори во коишто темничевме: Љубљанка, Бутирка, Лефортово... Ни рекоа дека се далеку надвор од Москва.

Од амбасадата не советуваат да се обратиме до претседателот на Меѓународниот Црвен крст за преку него да добиеме авионски билети. Со такси отидовме. Таму: полно народ чекаат прием кај претседателот. Ни се приближи еден постар човек. Ни вели дека е Шпанец, учесник во Шпанската војна. Ни вели: "Вие сте Грци?" "Не, му велиме, ние сме борци од Граѓанската војна во Грција, па имаме иста судбина".

-Вие бевте во Ташкент? – се интересира.

-Не ние бевме во Казахстан, во Алма Ата! – му велиме.

-Ние борците од Граѓанската војна во Шпанија бевме сместени во логор во Украина, но сега се враќаме во Шпанија или одиме за Франција.Овие деца што ги гледате овде, кои имаат 18-20 години, се родени овде, но сакаат да си одат во Шпанија, иако не ја знаат, само што слушале од нивните родители. Тие не сакаат да останат тука. Ги гледате како се нестрпливи и чекаат да бидат примени од претседателот! – ни вели Шпанецот, покажувајќи на големиот број чекачи, па прашува за нас.

-Ние сакаме да се вратиме во Југославија, во Македонија. Ние сме Македонци! – му велиме.

-Знаете, продолжува Шпанецот да објаснува, кога дојдовме тука, се делевме на комунисти и Шпанци фашисти. Сега се враќаме сите како Шпанци.

Кога ме видоа во каква положба сум, присутните ме пуштија прекуред да одам кај претседателот. Јас влегувам и му се претставувам на претседателот. Му велам со мажот ми да ни обезбеди авионски билети за Белград, Југославија, бидејќи немаме можност на друг начин да добиеме. Ми вели: "Не може!" Јас се развикав. Минчо ме слушна и влезе внатре. Му велам дека тој е мојот супруг и продолжувам да му викам: "Како што не донесовте така треба да ни помогнете да се вратиме. Ние не дојдовме сами на свој трошок! Гледате во каква положба се наоѓам! Додека не добијам два билета не станувам оттука! – бев многу упорна и викав. Се вклучи и Минчо. И тој му докажува зошто треба да ни

помогне, покажувајќи со рака кон мене, односно кон мојата доцна бременост.

Претседателот на Меѓународниот Црвен крст во Москва тогаш преку телефон се консултираше со некого, па повика еден од своите службеници. Му рече да ни обезбеди два билета за авион за Белград. Ете го службеникот набрзо со два билета. На претседателот му рече дека им ги зел на двајца Сиријци на коишто пред малку им биле дадени, кои преку Белград патувале за Дамаск. Ними ќе им обезбедуваат други билети. Така ни беа дадени двата билета. Му заблагодаривме на претседателот, извинувајќи се за нашата упорност, но тоа беше поради мојата специфична положба. Се поздравивме, а тој ни посака среќен пат. Во ходникот им заблагодаривме на младите Шпанци за пресретливоста. Се поздравивме со нив и со стариот Шпанец. Сите тие ни посакаа среќен пат, а и ние ними, бидејќи боледувавме од иста “болест”.

НОВ ПРОБЛЕМ: ЌЕ СЕ ПОРАДАМ ВО МОСКВА

Отидовме во хотелот радосни. Бев многу уморна. Легнав да се одморам малку. Ми пукна водењакот. Минчо веднаш се јави во службата за брза помош. Веднаш дојдоа. Ме прегледаа и ми велат да ме носат во болница, бидејќи детето може да се роди и се наоѓам во критична положба. Минчо се јави во амбасадата. Му рекоа дека веднаш треба да заминеме, бидејќи, ако детето се роди во Москва, ќе го сметаат руски државјанин и ќе имаме проблеми да ни го дадат. Вакви случаи има многу, па родителите уште не можат да си ги земат децата.

На одење за на аеродром поминавме во амбасадата да се поздравиме. На една другарка Русинка, која работеше тука, и ги дадовме белешките да ги земе фотографиите откај фотографот кај кого се снимивме при разгледувањето на Москва, што таа совесно го сторила и ги добивме снимките во Скопје. Заминавме на аеродром и покрај предупредувањето на службата за прва помош, но јас им велам дека имаме авионски билети за Белград и заминуваме на внуковскиот аеродром.

Тоа беше на 24 август 1956 година. Со такси отидовме на аеродромот Внуково. Чекаме авион за Белград. Седнав во фотеља. Минчо врти низ холот, нестрпливо чека да јават кога ќе има авион за Белград. Едно време Минчо вели: “Вера, стани, тука е Лазо”. Јас помислив дека дојде Лазар Поплазаров од Алма Ата и другите, па останав на фотељата. Минчо ми вели дека тука е Лазар Колишевски. Одвај станав. Минчо отиде да се поздрави со Колишевски, а тој му вели: “Каде е Вера?” Некако отидов и се поздравив. Во меѓувреме и Љупчо Арсов штотуку пристигнал со една делегација од Белград. Лазо ни рече дека и тој се враќа и не запозна со еден Русин што беше во негова придружба и му вели: “Еве, и овие се Македонци и патуваат за Југославија”. При поздравувањето со Русинот, му велам: “Ние се познаваме од Албанија. Вие сте Петров”. Тој се стписа. “Ви благодариме што останавме живи. Вие не спасивте да не бидеме стрелани во Бурели, во 1949 година” – му велам.

Се упативме кон авионот со кој пристигна Љупчо Арсов со стопанската делегација, а Колишевски се враќаше од одмор во Сочи.

ОД АВИОН ВО ПОРОДИЛИШТЕТО НА БОЛНИЦАТА ВО САВСКИ ВЕНАЦ

Авионите тогаш на линијата: Москва-Будимпешта-Белград одеа девет часа. Некако се качив во авионот. Одвај се држев на нозе. Стјуардесата ми помагаше. Тешко ми паѓаше паѓањето на авионот во безвоздушните простори. Пилотот еднаш не предупреди дека ќе наидеме на безвоздушна душка од 50 метра. Времето ветровито. Минчо само ме бодреше да издржам. За моја среќа, поради лошото време, авионот не слета во Будимпешта. Ако слеташе, можеби ќе останев таму, бидејќи во октомври фатија познатите будимпештански настани. Не бев во свест кога рекоа дека стасавме во Белград. Тоа беше на 25 август 1956 година.

Од авион со брза помош бев префрлена во болницата во Савски Венац, Белград. Ме прими лично управникот Лукиќ и тој лично ме породи веднаш зашто немаше време за другите постапки. Го крена в раце детето и ми вели: "Русинке или Гркинке, што си, детето е здраво". Успеав само да му речам дека не сум Русинка, ни Гркинка, туку сум Македонка и требаше да се порадам во Скопје.

Сигурно на управникот Лукиќ му имаа јавено од Министерството за надворешни работи што се беше подготвено и што лично ме прифати. Ме праша како да го запише, под кое име, детето. Јас му реков: "бебе". Уште ми рече дека детето е тешко 3,5 килограми и 52 сантиметри долго, но "може да се одрази на тебе". Се расплакав. Лекарот ми вели: "Ајде Русинке, тој ќе стане голем човек. Немој да се возбудуваш! И објацата ќе бидете под наша контрола".

Минчо чекаше во холот. Му рекоа дека има син, дека детето е добро, но може да се одрази на здравствената состојба на мајката. Ме префрлија на четврти кат. Сама сум во собата. Потоа ми го донесоа детето да го видам. Тие моменти ми беа тешки, не можат да се опишат, посебно што пак сум сама во собата. Тоа ми асоцираше на проклетите ќелии. Одвреме-навреме доаѓаше хигиеничарката и ме тешеше: "Нимој да се секирате, се ќе биде добро. Македонецот ќе стане голем човек". Јас се уште не бев свесна што се ми се случи.

Во Скопје Минчо им јавил со телеграма дека јас сум во болница и имаме машко дете. По два дена ете ти ги: мајка ми со снаа ми од братучедот Петре, Олга Пејова Ангелкова и помалиот брат на Минчо, Алки, дојдоа во Белград. Јас само одозгора од прозорец ја видов мајка ми, која не веруваше дека сум таму, дека дојдовме. И за неа сето тоа како да беше сон. Снаа ми Олга, инаку бабица, зела еден бел мантил од сестрите и се качи горе во собата кај мене да

ме види мене и детето за да се убеди мајка ми после толку години дека сум жива.

Дојдените од Скопје следниот ден си заминаа. Минчо остана в хотел, мислејќи дека за некој ден ќе ме пуштат и заедно ќе си одиме во Скопје. Но мојата здравствена положба не се подобруваше. Управникот никако не сакаше да ме испушти од болницата. На Минчо му реков да си замине, барем тој да е покрај мајка ми и другите наши.

И по 15 дена мојата здравствена состојба не се подобруваше. Не бев свесна дека породилната температура била опасна. Се качуваше до 40 степени. За детето се грижеше персоналот. Како што ми велеа, тоа напредуваше. Мојата температура никако да се намали и покрај лекарствата што ги добивав. Двапати дневно ми го носеа детето да го видам.

Разочарана, на хигиеничарката еден ден и побарав хартија и молив. Напишав телеграма, во која на моите во Скопје им велам: "Дојдете да го спасите детето, бидејќи јас сум во критична состојба". Сите ме тешеа: "Немој да се грижиш, се ќе помине. Ти си во добри раце, а твоето дете ќе стане силен човек. Не гледај што сега се наоѓаш во таква состојба". Детето двапати дневно го доев. Тие ме тешат, а јас си велам: "Ах, мори сестри, браќа, да знаете под какви услови, какви маки видов додека дојдов овде и ќе ми било подобро. Нема за мене подобро, туку сум среќна што на свет на мајка ми ќе и оставам внуче...", редам во себе.

Моите во Скопје ја добиле телеграмата точно кога ручале. Истиот ден золва ми Олимпија, најголемата сестра на Минчо, сопруга на Паскал Митревски, со кого заедно бевме, но порано се врати и ја знаеше нашата положба, тргнала и следното утро еве ја во Белград и ме посети в болница, користејќи бел мантил. Ме гледа во каква положба сум, го виде и детето и ми вели: "Јас овде имам познати. Ќе останам два дена. Ти нема да му кажуваш на управникот колку температура имаш. Термометарот ставај го малку подолу и вели им дека ти е подобро и заедно ќе си одиме во Скопје".

Така постапив. По два дена, од болницата ми дадоа исписница за мене и за детето, ми дадоа лекови и вештачко млеко, Олимпија обезбеди билети за воз. Се поздравив со персоналот на болницата, посебно со управникот Лукиќ и заминавме за Скопје. Возот уште од Белград беше преполн со народ, а и на секоја станица се качуваше многу свет кој се преселуваше во Турција. Имавме обезбедено купе, но кога дојде кондуктерот и ни ја виде маката, не зеде кај него, во неговото купе, за да бидеме побезбедни. Кондуктерот беше Македонец од Гевгелија. Се спријателивме.

Подоцна повеќепати доаѓаше кај нас во Скопје. Мила ни беше неговата посета, сакавме да му се оддолжиме со љубезност и почит.

НАЈПОСЛЕ ВО СКОПЈЕ

Во Скопје стасавме ноќе. На железничката станица не чекаа: мајка ми, Минчо, братучед ми Перо, помалата сестра на Минчо, Марика и нејзиниот сопруг Васко Макриевски, наш соборец во антифашистичката војна. Од нестрпливост, детето и мене не извадија преку порзорец, бидајќи не можевме брзо да слеземе по скалите. Перо и Васко, обајцата високи, ме фатија подмишки, Олимпија детето и го даде на мајка ми да го носи, јас се држам за Минчо и се упативме кај Перо, кај кого живееше мајка ми, на улица "Илинденска". Снаа ми со девојчето Василка и Дочка не чекаа. Сега таа зграда не постои, таму беше ЦК на КПМ, сега на Владата на Македонија. Станот беше едносо бен. Мене со детето и мајка ми не ставија во спалната, а Минчо со сестра му отидоа кај нив. Мене температурата ми се покачи. Снаа ми Олга се грижи за детето, бидејќи беше акушерка, си ја знаеше работата, работеше во Градска болница.

Кога доаѓаа другиот ден роднини и пријатели да не посетат, на мајка ми и велеа: "Колевице, ти испрати една, ама сега ти дојдоа тројца". Мајка ми не знаеше што да прави со мене. Перо го скрши термометарот, велејќи и дека е неисправен, само да не ја знае мојата вистинска температура мајка ми. За моја среќа и за среќа на детето, по некој ден, дојдоа да не посетат Антоние Шкоклев, мој земјак и соборец, и жена му Дара, која работеше во управата на гинеколошката болница во Скопје, а таму работеше и Олга. Кога ме виде Дара во каква состојба сум, им се развика на сите кои беа дојдени да ме посетат: "Гледате жената не може да зборува! Ајде, спремајте се и со мене во болница. Овде ќе ја умрите".

В болница Дара ме стави во посебна соба и им вели на сестрите: "Ќе продолжите со инекции пеницилин и стрептомицин и ќе се грижите за детето!" Тука беа вработени се мои познати другарки како сестри и акушерки: освен снаа ми Олга, Христина Љочкова и Султата.

Под грижа на докторката гинеколог Дара в болница останав до почетокот на декември, кога бев доста опоравена, а продолжив со лекарствата што ми беа препишани, а за детето, освен мајка ми се грижеа: снаа ми Олга и малите Василка и Дочка, поради што ние ги викавме "малите мајки", кои сега се баби на нивните внучиња.

Така некако течеше уште мојот мачен живот, иако бев на слобода, но не можам да им го заборавам доброто на сите кои на свој трошок ми помогнаа во тоа време. Меѓу нив да споменам некои.

Додека не бев во болница, мојата стрина Лефтерија Пуровска скоро беше породена, со ќерката Зорица, и постојано идеше да ми го дои детето. Зорица е познатата наша балерина. Благодарение на Дара Шкоклева се опоравив. Таа подоцна со сопругот се преселија во Белград. Антоние работеше во ВМА, по чин беше генерал, кој прв во Југославија ја примена кинеската акупунктура.

ГРИЖАТА И ПОМОШТА НА ЛАЗАР КОЛИШЕВСКИ

Лазар Колишевски со Минчо ни беше добро познат уште од времето кога ние долу ја водевме Граѓанската војна на Грција против монархофашистите. Тој добро го знаеше ставот на НОФ и на АФЖ и кои страдаа(т) за тоа уште. Со него јас и Минчо имавме и лични контакти кога Југославија го помагаше нашето движење. И покрај се, сметам нашето заедничко патување од Москва до Белград кај него оставило посебен впечаток што не можел да го заборави, посебно мојата состојба во која што бев во тие моменти.

Во почетокот на декември 1956 година од Кабинетот на Лазар Колишевски кај нас дојде еден службеник и не покани да одиме кај Претседателот. Отидовме со Минчо. Лазо не прими љубезно како стари познаници. Не прашуваше како сме и каде сме сместени. Тој беше добро запознат со нашата положба. Меѓу другото, во дискусијата ни рече: "Ние за вас долго се интересиравме. Ангажиравме доста другари, но не можевме да дознаеме каде се наоѓате. За тебе, Вера, ни рекоа дека се наоѓаш во Кина".

-Јас му реков, требаше да одам во Кина по покана на кинеската делегација на жени што присуствуваше на Вториот конгрес на мирот, одржан во април 1949 година во Прага, односно во трите градови: Париз-Прага-Токио. Јас не бев во Париз затоа што француските власти не ни даваа виза. Додека се одржуваше конгресот, се ослободи Шангај од Чанк Кај Шек. Кинескињите беа многу радосни и не поканија мене и Рула Кикулу, жената на Захаријадис, да присуствуваме на нивниот конгрес на жени. Но по настаните што се случија кај нас, не бев на слобода, а камоли да одам во Кина. Дали Рула беше не ми е познато, па затоа Ви пренесле гласови дека сум во Кина.

Му се обрати на Минчо Лазар Колишевски и му вели:

-Сега е отворена една управно-правна двегодишна школа. Треба да се запишеш во неа. За време на студиите ќе добиваш стипендија.

-Ти, Вера, кога ќе се почувствуваш способна за работа, ќе те вработиме како референт по илинденски пензии, бидејќи тоа место е слободно кај Вене Георгиевски. За овие прашања ќе се обратите кај секретарот на Извршниот совет Васил Ѓоргов и ќе добиете решенија и парична помош.

Тогаш Васил Ѓоргов беше претседател на комисијата за прифаќање на Македонците кои масовно изјавуваа желба да се населат во Југославија од источноевропските земји, бидејќи им беше забрането да се вратат во Грција. Бугарија преку своите

амбасади им нудеше на протераните Македонци од Егејска Македонија да се населуваат во неа под услов да се искажат за Бугари. Таму отидоа некои Македонци кои од порано имаа свои роднини. Особено е важно да се знае дека во Бугарија отидоа и некои кои беа огрешени кон НОФ и АФЖ, кон македонските идеали и што шируваа со бугарската пропаганда против Југославија. За техничките прашања на Егејците беше формирана посебна служба, на која одговорен беше Благој Даскалов, која се грижеше за парична помош, сместување, и друго по прифатилиштата.

-За Вашето сместување, односно за Вашето станбено прашање ќе се обраќате кај другарот Иван Крстевски, кој е одговорен за техничките служби во Извршниот совет. Сега се гради една наша зграда. Ќе добиете решение за стан во неа што ќе го одберете. Уште Ве потсеувам, продолжи другарот Лазар Колишевски, дека долги години се далеку зад нас, но сега ќе треба да се вклучите во политичкиот и во државниот живот на нашиот живот и подалеку од фракциите. Знаете, тука имаме формирано еден одбор за решавање на прашање за Егејците. Дадовме големи средства за решавање на станбеното прашување, но тие се поделија на групи. Јас ги повикав одговорните и им реков, ако продолжите така, ќе ве протераме и тој одбор беше растурен.

Овие совети на Лазар Колишевски ни беа многу корисни во нашето понатамошно делување. Навистина и едните и другите фракции ни приоѓаа и се напаѓаа едните-другите. Секои ја кажуваа вистината поинаку, а нема две, туку само една вистина. На тие кои дезертираа од ДАГ, од НОФ, кои ја напуштија борбата, оставајќи го народот на милост и немилост, без разлика што во наше отсуство овде протежирале (усно и писмено) лаги воопшто не им веруваме. Тие секогаш и долу, во Егејска Македонија, во КПГ, НОФ, АФЖ, НОМС се служеа со интриги. Таквите овде ја извртеле вистината за ДАГ и НОФ за 180 степени, мислијќи дека вистинските и доследните раководители не ќе се вратат живи. Користевме секоја прилика да ги коригираме тие лаги и клевети. Реагиравме и во печатот. Затоа се што е пишувано до нашето доаѓање, а нешто и потоа, треба да се проверува во науката. Токму поради таквите дошло до растурање на тој одбор за кој ни зборуваше Лазар Колишевски. Секој може да вели што сака, но Лазар Колишевски си остана доследен Македонец. Со него имав чест и во последните денови од неговиот живот да разговарам на негово барање по едно мое истапување на телевизија за проблемите на Егејците, за Егејска Македонија.

Ние со Минчо по природа бевме вистинољубиви, воспитани на чесност. Така делувавме во борбата, така се држевме во притворите, затворите, во логорите. Бевме далеку од туѓи влијанија. Секому в очи му ја кажувавме вистината. Си останавме доследни на македонската организација НОФ на Егејска Македонија. Им се спротивставувавме на сите кои побрзаа да си ги оправдаат своите гревови против нашата борба, со разни симулирања, интриги и дезертерства. Трн в око им бевме на оние кои дезертираа, на разни начини, кои побрзаа да се погрижат само за своите семејства, оставајќи го народот на цедило, а Минчо беше тактичен тоа на негов својствен начин да им го обелодени.

Постапивме со Минчо по советот на Лазар Колишевски. Минчо се запиша на управно-правната школа. Ја заврши за две години со одличен успех и се вработи како виш референт во Секретаријатот за општа управа при Извршниот совет, а потоа како советник во Министерството за правосудство, од каде и се пензионира.

Станот го добивме во првата половина на декември 1956 година на улица "Христо Ботев" бр.34, близу до старата железничка станица. Сега таа улица се вика "Мито Хаџивасилев-Јасмин", а нашиот стан е бр.6/III-2. Тогаш детето ни имаше три месеци. Со нас дојде и кутрата ни мајка Невена, која не знаеше како да ни угоди, да ни помогне, бидејќи ние немавме ништо. Се служевме со нејзината "покуќнина". Првиот месец спиевме на под со детето. Почнавме од почеток куќа да куќуваме, но со труд, со штедење и кредити дојдовме до пристоен живот.

Во февруари 1957 година јас се вработив во Извршен совет на Македонија како референт за илинденски пензии. Тогаш ги имаше околу 3 000 пензионери во Република Македонија. Илинденските пензии беа од две до три илјади динари. На илинденските пензионери им дававме и по 4 000 илјади годишно за годишен одмор. Меѓу тие илинденци беше и Шакир војвода од Прилеп, па Роса Плавева, сопруга на социјалист од Велес. Пензиите далеку беа да се накаква компензација на заслугите на илинденците. Тие повеќе беа симболични. Можеби на некои повеќе им значеше илинденската споменица 1903. Потоа се префрлив во Бирото за претставки и поплаки при Извршниот совет како виш референт. Оттаму и се пензионирав.

ОД ЗБОРОТ ДО ОФИЦИЈАЛНИОТ БРАК – ДЕЦЕНИЈА

Кога дојдовме во Скопје, добивме државјанство, лични карти. Првото дете веќе има три години, а второто е на пат, а ние не сме официјално регистрирани, венчани. Требаше да ја извршиме и таа законска формалност зашто децата ќе ни се водат незаконски, вонбрачни.

Една недела во 1959 година се најдовме во Матичната служба на град Скопје. Терминот на денот на регистрирањето го закажаа: Душан Димов, претседател, и Велко Илиевски, секретар на општината Кале. Сведоци беа: Томо Чангов, другар на Минчо од родниот му град Хрупишта и зет му за сестра му Марика, Васко Макриевски.

Матичната служба на општина Кале достави барање до соодветната служба на белградската општина Савски Венац на нашиот син, роден на 25 август 1956 година, да се запише по име Лазар Фотев, според името на таткото на Минчо, што е наш егејски обичај. Кога на 1 мај 1959 година ни се роди вториот син, го доби името на татко ми, Никола.

Од збор даден во борбата, со зборот живеано по притвори, затвори и логори, до можноста за официјализирање на нашиот брак со Минча помина цела деценија. Нашата "свадба" беше најдолга, радосна и тажна, но секогаш еден за друг живеевме, еден заради друг издржувавме секакви тортури во самиците. Со добар збор живеевме скромен, но човечки живот.

НАШИОТ ДОМ – ОТВОРЕНА ВРАТА ЗА СЕКОГО

По нормализирањето на односите со Југославија, од источноевропските земји Македонците масовно доаѓаа Македонија со своите семејства. Се разбира, сите со нерегистрирани бракови, со малолетни деца, но по добивањето државјанство се регистрираа. Тие години во нашиот дом, во тој период, престојуваа повеќе семејства, и македонски, и грчки, со мешани бракови, се додека не беа сместени во прифатилишта или по станови во Скопје или во внатрешноста.

На двапати во нашиот стан престојуваше и генералот Маркос, генералот Георгиос Кикицас, Химарос и многу други високи функционери на антифашистичката и Граѓанската војна на Грција, како и полковниците: Илија Пападимитрију-Љакос, Ахилаес Папаиоану, Гјани Пацурас, Алеко Папамадјоту, Танаси Хази, Ренос Михалеас и многу други. Доаѓаа Грци од европските земји за видување со своите од Грција, а потоа се иселуваа во Грција, како Дефтери Кацако, функционер, на КПГ и др. Тоа беше според законот од 1982 година на Андреас Папандреу: во Грција можат да се вратат само Грци по род, а за нас Македонците не ни се даваат ни визи за влез во Грција да им запалиме свеќа на нашите починати таму.

Генерал Маркос Вафијадис, во нашиот дом престојуваше во 1978 и 1981 година, тој за моето село Д'мбени и за нашите херои напиша прекрасни зборови, неговите искажувања во ракопис на грчки јазик се поместени во монографијата "Костурското село Д'мбени", издадена во 1996 година од Лазар Попјанев.

Ахилеас Папаиоану пред да се пресели во Грција ни го подари ракописот за историјата на неговото село Калевишта, (монографија напишана од 1963 до 1970 година) во СССР.

Исто така Алекос Папанајоту историчар во Институтот за национална историја на Македонија, пред да се пресели во Солун со семејството ни го подари ракописот "За ударот од грб" во која се зборува како Захаријадис ја имаше наклеветено Југославија и Тито.

Многу наши другари, како и мојот сопруг, со болка го напуштија земниот свет без да имаат можност да ги посетат своите домови. Таа неправда со визите трае и до ден-денешен, а Грција е во ЕУ.

Јас доживеав после 54 години, на 17 јули 2003 година, заедно со моите двајца синови Лазар и Никола, да ја посетам мојата родна куќа, односно местото на коешто беше мојата родна куќа зашто во 1948 година моето село Д'мбени беше дотемел изгорено, а потоа срамнето со земјата. Го посетивме и местото на мојот покоен

сопруг Минчо, на кое дојденци имаа изградено куќи во Хрупишта. Ги посетив и местата на кои се боревме со Минчо пред да бидеме затворени, па местото каде што се одржа Вториот конгрес на НОФ во март 1949 година. Од оваа посета имам снимки на сите места, како и на мостот меѓу Големото и Малото Преспанско Езеро.

Грчката држава ни дозволи со децата-бегалци, односно малолетните деца кои од војната во 1948 година беа евакуирани, на 20 август 2003 година да посетиме повеќе градови, меѓу кои: Костур, Лерин, Воден, Сорович, легендарниот Вичо на кој се водеа тешки борби и со германските и со монархофашистичките орди. Ги посетивме и македонските села кои останаа скоро без жители.

И овие посети на Леринско, Воденско и Костурско како да беа дел од мојата долга свадба. На се се потсетив, за се си спомнав како да беше вчера, а не пред повеќе од половина век.

Навистина со сопругот Минчо, како што ни рече Лазар Колишевски, активно се вклучивме во севкупниот живот на Република Македедонија (за што делумно ќе стане збор во кусите автобиографски белешки), а мене во младоста, во Д'мбени и Костурско ме врати пејачко-фолклорната група "Костурчанки", со која често на сцена ја прикажувавме нашата д'мбенска, нашата трагична "егејска свадба".

Монографијата "Костурчанки" е напишана од д-р Стојан Ристески во 1988 година.

Сликата "костурчанки" по ред песнопејките:

Кола, Вера, Лена, Лина, Василка, Хриса, Бода, Мита, Цана и Марика, сите тие се од кострушко кои многу придонесоа за спасување на нашето фолклорно богатство.

Во октомври 2003 година Факултетот за музичка уметност, под раководство на композиторот Бужаровски имаше промоција на најновите музички видеоизданија на ИРАМ И ЗА "КОСТУРЧАНКИ" , за тоа наше културно национално богатство.

Ренос Михалеас, грк родум од Пелопонез, за време на Метаксасовата диктатура во Грција беше повеќе пати затворан, но со окупацијата на фашистичките орди на Германија, Италија и Бугарија, беше ослободен и веднашстапи (се вклучи во антифашистичката војна на Грција од 1941 до 1944 година. Беше политички комесар на 9-тата Дивизија на ЕЛАС и во тоа својство беше присутен при формирањето на Првиот Македонски батаљон на 2-ри Август 1944 година. Тој потполно се согласуваше и се залагаше со и за остварување на националните права на Македонците во Грција, согласно Техеранската повелба и поради тоа дојде со во судир со раководството на КП на Грција.

Во 1945 година со доаѓањето на Захаријадис во Грција, Ренос падна во немилост. За време на Граѓанската војна во Грција беше прогласен за луд поради своите убедувања и беше интерниран во Романија во градот Клуз на север. Во тој град по резолуцијата на Информбирото беа нтернирани и други Грци кои не се согласуваа со ставовите на Захаријадис но исто така и многу Македонци како: Доне Сикавица (претставник на НОФ за грижа и воспитување на децата во домовите во Источните земји, кој заедно со Петрос Кокалис министер за просвета на Привремената Демократска Влада на Грција беа задолжени за детските домови), потоа неговата сопруга Милка Џамбазова (учителка и воспитувачка по македонски јазик), исто така и Кула Каранџова (учителка во детскиот логор Тулкез во Романија), потоа Фоти Илковски (раководител на Културно просветната група на НОФ), Алексо Дуковски и Ристо Поптрајанов (задолжени за детските литературни изданија во Букурешт) и уште многу други Грци и Македонци непожелни тогашза партијата, без право да излегуваат од градот Клуз.

Слични логори на непожелни за КПГ, односно лично за Захаријадис, и Грци и Македонци, во тој период имаше и во Полска во кои беа интернирани Уранија Раковска (сопругата на Павле Раковски кој се наоѓаше во затвор во СССР со неговото малолетно девојче), потоа Петре Аспровски, Тане Наумов, Герман Дамовски Стариот, Коста Кирков и многу други раководители на организацијата НОФ.

Такви логори имаше и во Чехословачка.

На крајот Захаријадис го направи “погромот” (меѓусебно напаѓање помеѓу приврзениците на Захаријадис и на Маркос) во градот Ташкент меѓу Грците и Македонците партизани негови неедномисленици и на крајот советските власти и него ги интернираа во местото.

Боровици од 1956 година до јуни 1962 година, а потоа во Сургут-Тјумен до 01 август 1973 година каде неможеше да ја поднесе осаменоста и сам си го одзеде животот.

Во 1991 година за Захаријадис е издадена книга во Атина со наслов “Основач и жртва”.

Ренос Михалеас се врати во Атина, каде издаваше свој весник, го посини детето на еден свој погинат другар и се грижеше за неговото воспитување.

Во Скопје беше поканет на симпозиум во Институтот за Национална Историја на Македонија и тогашми ја даде оваа фотографија за спомен. Навратил во Скопје уште неколку пати, пропатувајќи за Франција каде ја школуваше својата штитеничка.

НИЕ РЕХАБИЛИТИРАНИ, А ЗАХАРИЈАДИС СЕ САМОКАЗНИ

Уапсените, малтретирани по затвори, логори и во прогонства раководителите на НОФ на Егејска Македонија бевме најзаслужни за масовното учество на Македонците во борбата за слобода и демократија на Грција. Ние бевме криви само што останавме живи, веејќи го борбеното знаме докрај. Тоа добро го знаеја честите членови на КПГ, а го знаеше и Захаријадис, но им служеше на своите господари, не знаејќи дека е за еднократна употреба. Нашата вистина јавно ја призна КПГ во 1956 година. ЦК на КПГ не рехабилитира како Македонци демократи, како антифашисти, кои заедно со грчкиот народ се боревме за слободна и демократска Грција, за национална и социјална слобода на Македонците во Грција.

Подоцна, Никос Захаријадис доживеа да биде дури исклучен од КПГ и да биде интерниран. Кога ние бевме рехабилитирани, тој, генералниот серетар на КПГ, во 1956 година, поднесол молба до ЦК на КПГ да биде примен како обичен член на КПГ. Меѓутоа, му било одговорено дека и како обичен член не може да биде повратен во Партијата зашто и како таков за неа ќе биде штетен.

Захаријадис до крајот на 1956 година беше во местото Боровица, а од јуни 1962 година во Сургут-Јумен во СССР. Не можејќи да го издржи ударот на својата партија, на 1 август 1973 година се самоказни, ставајќи си го јажето околу врат. Неговиот крај најдобро зборува што нечовек беше (сестрани информации за овој самоубиец се даваат во книгата “Основач и жртва” што е издадена во Грција во 1991 година).

Ете, вистината за нас уапсените и протераните излезе на видело. Но што од тоа кога нема враќање за црната судбина на Македонците од Егејска Македонија, кога не може да се поврати изгубеното од најдобриот период од животот! Сепак, моралната сатисфакција многу значи за нас, а посебно за сегашните и идните генерации.

АВТОБИОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Се викам Евдокија, а според народната традиција во мојот роден крај, скратено или нагалено Кича. Родена сум на Илинден (2 август) 1926 година во село Д'мбени, Костурско, од родители: Никола Балев и Невена Мангова. И двете фамилиии на моите родители се со револуционерна традиција.

Татко ми скоро и не го помнам. Тој отиде на печалба во Канада кога јас имав нецели три години. Грижата за мене падна целосно на мајка ми.

Основно училиште завршив во родното село Д'мбени. Имав желба да го продолжам образованието. Можеби таа желба кај мене ја разбуди мајка ми по сугестии на татко ми. Да ја остварам таа желба ми помогна учителот Лазарос Хазизисис како на одлична ученичка. Тој беше човек со напредни идеи, од костурското село Лошница. Така, по положувањето на прогимназискиот курс, се запишав во прва година гимназија во Костур, но набргу доживеав понижување, и од наставниците, а посебно од градските ученички. Тогаш беше реткост женско дете од село да учи средно училиште, а јас, пак, уште од револуционерното село Д'мбени. Кога ќе ме прашаа од каде сум, ми велеа дека сум "Вулгара хорјатиса" ("Бугарка, селанка"). Кога сум " хорјатиса", што сум дошла да учам, ми велеа. Бев сконцентрирана да се истакнам во учењето. Кога многу од тие богаташки градски ќерки ги надминав во учењето, со некои од нив и се спријателив, ама никогаш не го заборавив тоа "Вулгара хорјатиса", како мечката што не ја заборава навредата од јагленарот.

Живеев во Костур кај мои роднини. Мајка ми на секој пазар во Костур (понеделник, среда и петок) носеше дрва да ги продава за моја издршка, а храна ми носеше од село, односно за мене и за роднините. Така тогаш се издржуваа селските деца.

Доживувајќи ги навредите во Костурската гимназија, дури тогаш ги сфатив кажувањата на д'мбенските комунисти: Стасо Караџа, Кољо Караџа, Малбро Москов и други уште во 1932-1935 година се собираа од куќа во куќа и жените комунисти: Дана Караџова, Мара Караџова, Дана Ставкова, баба Рина Кенкова и зборуваа за неправди, за излезот од експлоатацијата. Кон оваа група на комунисти беа приклучени и жените чии мажи беа на печалба во Америка, Канада и Австралија: мајка ми Невена и други. Ними им раскажуваа за револуцијата во Русија, за добиената слобода, за немањето таму никаква експлоатација. Сето тоа за мене беше како приказна. За време на верските празници си доаѓав во Д'мбени. Антирежимското настроение кај народот доаѓаше се поизразено и

покрај Метаксасовата диктатура. Како револуционерно село, власта на Д'мбени строго внимаваше, па затоа во него секогаш имаше полициска станица со 10 до 15 полицајци. На Велигден во 1939 година со своите другарки запеавме на "Срецело" македонски песни. Кога го чуја тоа, полицајците почнаа да пукаат во воздух за да не заплашат. Се разбира, за тоа следеа парични казни.

По објавувањето на војната меѓу Италија и Грција, односно по отворањето на грчко-италијанскиот фронт (1940-1941), го прекинав образованието. Почнаа и првите бомбардирања. Првите д'мбенски жртви беа: Султа Муткова и Мара Љочкова, а ранета Дана Караџова. Беа разурнати многу куќи. Покрај полициската станица, во Д'мбени беа стационирани и две чети војска.

Како симпатизер на прогресивното движење во Грција, во летото на 1940 година бев примена за член на Комунистичката младина на Грција (ОКНЕ), во која организација претходно членуваа: Љубица Попјанова, Донка Кенкова и Евдокија Караџова. Бев примена во ОКНЕ од Панајот Караџов, мој сосед, и бев одредена во агитационо-пропагандниот сектор. Секретар на ќелијата на ОКНЕ беше Олимпија Попјанова, која во 1939 година завршила домаќинско училиште во Лерин.

Иако во интегралниот текст, како и во автобиографскиве белешки, доста стана збор за организацијата НОФ, ќе ги изнесам уште следниве појаснувања за неа.

НОФ во својот развој имаше разни периоди, но, главно, мина низ три фази: илегалност, признавање од КПГ и зафати за нејзино ликвидирање.

По формирањето (23 април 1945), НОФ делуваше во строга илегалност и самостојно. Во тој период успеа да ги придобие народните маси и во најоддалечените места. Оваа активност на НОФ беше сосема во духот на прогресивните сили на Грција. Затоа на пленумот на КПГ и на Македонското биро за Македонија и Тракија, одржан на 26 декември 1945 година во Солун, генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис ја призна организацијата НОФ како демократска и антифашистичка и изрази готовност за соработка со неа.

Тоа признавање на НОФ од КПГ Никос Захаријадис го повтори и на 15 јули 1946 година во говорот на митингот во Солун. Таа доверба НОФ ја заслужи како демократска и антифашистичка организација. Така, кога КПГ повика на апстиненција на парламентарните избори од 31 март 1946 година, НОФ го поддржа тој став и успеа во некои места да организира 100% неизлегување на гласање. Воедно на овој ден почна и борба против новиот

режим на Грција кога командантот на ЕЛАС Алексос Русос-Ипциландис ја нападна и ликвидира жандармериската станица во селото Литохоро на Олимп.

На 28 октомври 1946 година дојде до формирање на ГШ на ДАГ под команда на генерал Маркос. НОФ извршши обединување на сите штабови на ДАГ од Грамос, Вичо, Кајмакчалан и Пајак планина.

Постигнатите резултати на НОФ почнаа да и пречат на КПГ, односно на нејзиниот генерал секретар, па се почна со врбување таа организација да се распадне одвнатре. Така, на 20 мај 1947 година членот на Македонското биро за Македонија и Тракија Ѓоргос Еритријадис-Петрис преку Михаил Керамитциев, член на Главниот одбор, извршија превратво НОФ, искористувајќи го отсуството на секретарот Паскал Митревски, кој, под изговор да оди на преговори со КПГ во Солун, бил ставен во куќен притвор, а Џорџо Урдов беше претставник на НОФ во ГШ на ДАГ.

Во месноста "Мишова Колиба" на Кајмакчалан се одржа состанок на активот на НОФ, на кој, со помош на внатрешни шпиони, и покрај нашето спротивставување, се реорганизира НОФ во "Координационо биро". Со тоа НОФ ја изгуби својата физиономија. Се расформира и НОМС, а неговите членови беа пратени во ДАГ. Единствено самостојна организација остана АФЖ.

Дури по Првиот конгрес (13 јануари 1948) НОФ ја поврати својата физиономија. На овој конгрес се донесе програма и статут на НОФ и се избра ново раководство од 35 члена и 15 члена заменици-кандидати. Набрзо по Вториот конгрес на НОФ (25 март 1949) во селото Нивици, Преспанско, дојде до големите борби на Вичо и Грамос, т.е. до капитулирање на ДАГ и нејзино преминување во Албанија. Дефинитивното пресметување со НОФ беше обвинувањето на нејзиното раководство дека е виновно за тој неуспех како "агенти" на Тито, Југославија.

Практично, со нашето апсење престана да постои НОФ. Таа организација живуркаше и во емиграција, но во 1951 година е преименувана во "Илинден". По иницијатива на Никос Захаријадис, за раководители на "Илинден" се избрани: Пандо Вајна, Ставро Кочев и др. Овие внатрешни непријатели отидоа во Бугарија и сосема престана дејноста на НОФ, т.е. "Илинден".

Кога ги пишувам овие редови, ми доаѓаат разни размислувања. Зошто, и покрај големата способност, ние во Македонија страдаме? Зошто со нас туѓинците манипулираат? Така ќе биде додека народни изроди навреме не се откриваат, додека

националното не се издигне над личното. Да се надеваме дека така ќе биде.

За миоте заслуги во Антифашистичката и Граѓанската војна во Грција сум одликувана со следните одликувања:

1. Орден за храброст
2. Орден братство и единство со сребрен венец
3. Ордени заслуги за народ со сребрени зраци
4. Плакета на Сојузот на борците на Југославија
5. Јубилеен медал од Руската Федерација, по повод 50 години од победата над фашизмот, 1945-1995
6. Орден, 50 години од ДАГ, 1946-1996
7. Медал на НОФ, 1941-1949

Исто така, добитник сум на многубројни признанија и пофалби, плакети, дипломи и благодарници од боречките здруженија и други општествени културно-просветни организации и здруженија.

За афторот

Евдокија Фотева - Вера е родена на 2 август (Илинден) 1926 година во село Д'мбени, Костурско, во семејство со револуционерна традиција. Основно образование завршува во родното село, за потоа да продолжи гимназија во Костур. Поради почетокот на италијанско-грчката војна го прекинува школувањето и активно се вклучува во движењето на отпорот. Учесник е во Антифашестичката и Граѓанската војна во Грција, за време на кои зазема видни раководни места во ОКНЕ, НОФ, АФЖ итн. По поразот на ДАГ (1949), таа, заедно со десетина врвни македонски раководители е обвинета за "поразот" и оттогаш започнува голготата чии собитија се главен предмет на оваа книга. Советската "епизода" ја завршува летото 1956 год., и оттогаш живее и работи во Македонија. За нејзините заслуги во Антифашистичката и Граѓанската војна во Грција е одликувана со многубројни одликувања, признанија и пофалби, плакети, дипломи и благодарници од боречките здруженија и други општествени културно-просветни организации и здруженија.

БИБЛИОГРАФИЈА

Вера Весковиќ-Вангели, “Жените на Македонија во НОБ 1941-1945”, ИНИ, Скопје, 1976.

Драган Кљакиќ, “Генерал Маркос”, Глобус, Загреб, 1979.

Јован Поповски, “Генерал Маркос – Зашто ме Стаљин није стрељао”, Партизанска књига, Љубљана (Београд), 1982.

Ристо Кирјазовски, “Македонски национални институции во Егејскиот дел на Македонија 1941-1961”, ИНИ, Скопје, 1987.

Стојан Ристески, “Костурчанки”, библиотека Свет и Време, Скопје, 1988.

Костис Папаконгу, “Граѓанската војна во Грција”, Атина, 1995.

Јохана Вебер, “Личности од отпорот”, Агра, Атина, 1996.

Лазар Поп-Јаневски, “Костурското село Д’мбени”, Скопје, 1996.

Институт за национална историја, “Македонски историски речник”, ИНИ, Скопје, 2000.

Музеј на Македонија, Зборник Историја 2, Скопје, 2001. (Марица Јованова за Евдокија Балева Фотева-Вера)

Петар Карајанов, Христо Андоновски, Јован Павловски, “Личности од Македонија” – енциклопедиски речник, МИ-АН, Скопје, 2002.

Лидија Стојановиќ-Лафазановска, Ермис Лафазановски, “Егзодусот на Македонците од Грција”, Еуро Балкан, Скопје, 2002.

Стојан Киселиновски, “ Македонски дејци”, Скопје, 2003.

Мишо Китановски, Ѓорѓи Доневски, “Деца бегалци од Егејска Македонија во Југославија”, Здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија, Скопје, 2003.

За Евдокија Балева Николовска-Вера Фотева е пишувано во многу други книги, списанија и дневни весници. Исто така, има снимено повеќе документарни филмови, потоа многу интервјуа како за македонски, така и за странски телевизиски куќи.

УПОТРЕБЕНИ КРАТЕНКИ

АФЖ	-Антифашистички фронт на жените
БРП(к)	-Бугарска работничка партија (комунисти)
ГШ	-Главен штаб
ДАГ	-Демократска армија на Грција
ЕАМ	-Национален ослободителен фронт
ЕЛАС	-Грчка националноослободителна армија на Грција
ЕОН	-Национална организација на младите
ЕПОН	-Национална сегрчка организација на младите
КНОЈ	-Команда на народната одбрана на Југославија
КОЕМ	-Комунистичка организација на Егејска Македонија
КПБ	-Комунистичка партија на Бугарија
КПГ	-Комунистичка партија на Грција
КПМ	-Комунистичка партија на Македонија
КПЧ	-Комунистичка партија на Чехија
НКВД	-Народен комесаријат за внатрешни работи
НОБ	-Народноослободителна борба
НОБГ	-Народноослободителна борба во Грција
НОВ	-Народноослободителна војска
НОВ и ПОЈ	-Народноослободителна војска и партизански одреди на Југославија
НОМС	-Народноослободителен младински сојуз
НОО	-Народноослободителен одбор
НОФ	-Народноослободителен фронт
ОЗНА	-Одделение за народна одбрана
ОК	-Окружен комитет
ОКНЕ	-Комунистичка младинска организација на Грција
ОНОО	-Околиски народноослободителен одбор
ПО	-Политичко биро, Политбиро
ПДЕГ	-Сегрчки демократски сојуз на жените
ПДОГ	-Меѓународна организација на демократските жени
ПО	-Партизански одред
РСФСР	-Руска советска федеративна социјалистичка република
СНОФ	-Славјанскомакедонски ослободителен фронт
СССР	-Сојуз на Советските Социјалистички Републики
ЦК	-Централен комитет

Едиција: ЕОНИ
Дизајн на корица: Билјана Стевковска – Савиќ
Компјутерска подготовка: Љупчо Митковски
Печати: Академски печат – Скопје
Тираж: 300 примероци
Адреса на издавачот и контакт: Ул "8 Ударна Бригада" бр. 206 – Скопје
тел/факс: ++389 2/3230 688
e-mail: az-buki@on.net.mk ; az-buka@unet.com.mk

CIP – Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје
929 фотева-Вера, Е. (093.3)
ФОТЕВА, Евдокија-Вера
До пеколот и назад / Евдокија Фотева-Вера. –
Скопје : Аз-Буки, 2004. – 245 стр. ; 25 см., илустр.-
(Едиција ЕОНИ ; кн. 4)
Библиографија: стр. 243
ISBN: 9989-151-17-2
а) Фотева – Вера, Евдокија (1926-) – Сеќавања
COBISS.MK-ID 59898122